УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

СТУДИСКА ПРОГРАМА ПО

МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

# УЛОГАТА НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА СО ДЕЦА ВО СУДИР СО ЗАКОНОТ

**Кандидат:** Тања Манева

**Ментор:** Проф. д-р Сунчица Димитријоска

СКОПЈЕ 2020

## ОДБРАНА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД

# УЛОГАТА НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА СО ДЕЦА ВО СУДИР СО ЗАКОНОТ

**Комисија:** **Кандидат:**

**Тања Манева**

**1. Проф. д-р Сунчица Димитријоска**

_________________________

**2. Проф. д-р Зоран Киткањ**

_________________________

**3. Проф. д-р Ана Фрицханд**

_________________________

**Датум _________________________**

**Содржина:**

**Вовед ........................................................................................................ 8**

**I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ**

**1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ И ОСНОВНИТЕ ПОИМИ ..........................9**

**1.1 Поим за дете во ризик ....................................................................10**

**1.2 Поим за дете во судир со законот...................................................13**

**2. УЛОГАТА НА ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА СО ДЕЦА ВО СУДИР СО ЗАКОНОТ ....................................................................................15**

**3. ФАЗИ НА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ ТИМ СО ДЕЦА ВО СУДИР СО ЗАКОНОТ.....................................................................................................22**

**3.1 Откривање на случајот – евидентирање .......................................22**

**3.2 Проценка ...........................................................................................24**

3.2.1 Области на проценка .......................................................................26

3.2.2 Проценка на фактори .......................................................................28

3.2.3 Инструменти - техники за проценка..................................................52

**3.3 План ......................................................................................................59**

**3.4 Третман – имплементација на планот ...........................................63**

**3.5 Мониоторинг – ревизија ...................................................................65**

**3.6 Евалуација ...........................................................................................67**

**3.7 Затварање на случајот .......................................................................69**

**4. МЕРКИ ЗА ДЕЦА ВО СУДИР СО ЗАКОНОТ ...............................................70**

**4.1 Мерки на помош и заштита ..............................................................71**

**4.2 Воспитни мерки ...................................................................................71**

**4.3 Казни / Санкции ...................................................................................75**

**4.4 Алтернативни мерки ..........................................................................77**

**4.5 Мерки на безбедност ........................................................................78**
**5. РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА ......................................................................80**

**I I . ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ**

1. **ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..............................................................82**
2. **ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..................................................83**
3. **ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..................................................................83**
4. **ХИПОТЕЗИ ...................................................................................................84**
5. **ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ...........................................................85**
6. **МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ....................86**
7. **РЕЗУЛАТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО .......................................................87**

**Заклучок ..........................................................................................................121**

**Препораки .......................................................................................................123**

**Користена литература ...................................................................................125**

**Прилози ...........................................................................................................129**

**РЕЗИМЕ**

Од самото настанување на човекот, па се до ден денес постоеле деца кои различно се адаптирале на општествената средина. Секое од овие деца се однесувало на различен начин, а кај некои од нив биле забележани и девијантните начини на однесување.

Со самото настанување на правната држава се создал и закон со кој се санкционирале и овие начини на однесување од страна на децата, а исто така се создал и Центар за социјална работа кој е примарен орган доколку дојде детето до судир со законот.

Улогата на Центарот за социјална работа е строго дефиниран со законите на секоја држава и го пропишува начинот на негово делување. Споредбата на пропишаната теорија и она што всушност се спроведува во пракса  зависи од Центар за социјална работа  токму поради тоа во мојот магистерски труд решив и подлабоко ја истражив работата на центрите за социјална работа во случаите во кои постои судир на деца со законот.



**Клучни зборови:** дете во судир со законот,  кривично дело, изречена мерка, стручна работа, третман.

## ABSTRAKT

From the very beginning of human existence until today, there were children who have adapted differently to the social environment. Each of these children behaved differently, and some of them had deviant behaviors.

With the advent of the rule of law, a law was enacted that sanctioned these ways of behaving by children, and also created a Center for Social Work which is the primary body if the child is in a conflict with the law.

The role of the Center for Social Work is strictly defined by the laws of each country and prescribes the manner in which it operates. The comparison of the prescribed theory and what is actually implemented in practice depends on the Center for Social Work \and that is why in my master's thesis I decided to investigate more deeply the work of the centers for social work in cases where there is a conflict of children with the law.

**Key words:** children in a conflict with the law, crime, imposed measure, professional work, treatment.

**Вовед**

Во човековото опстојување се провлекува еден покомплексен проблем низ сите сфери, се јавува како резултат на интеракцијата на една индивидуа со другите луѓе во одредена социјална средина, проблем кој не ги одминува ниту децата и младите, проблем кој е се по актуелен во денешно време, проблемите кои настануваат како резултат на девијатното однесување - кршење на општоприфатените морални и правни норми кај децата.

Како во земјите во развој, така и во нашата земја, малолетничкото престапништво или малолетничката деликвенција е социјален и сериозен проблем, проблем во кој треба да се вклучат сите релевантни фактори се со цел да се овозможи подобар и поквалитетен живот на децата и младите. Се почесто сме сведоци на насилно и неприфатливо однесување. Девијантното однесување го нарушува мирот и секојдневниот начин на живот. Криминалитетот кај децата, а посебно оној со елементи на насилство, отсекогаш привлекувал сериозно внимание во општествената заедница. Земајќи ја во предвид општествената опасност и последиците што ги продуцира малолетничката деликвенција како сложена појава, бара сериозен пристап и ангажирање на сите расположливи средства и мерки од страна на релевантните институции во спречувањето на факторите и условите кои доведуваат до малолетничко престапништво. Се вели дека младите во секое општество ја сочинуваат неговата иднина и развој, во согласност со социјализираниот развој на тоа општество. Спротивно од тоа, младата генерација настојува својот модерен развој да го остварува низ однесувања, поведенија и постапки кои се отценети во општеството негативно, како неморални, противправни, престапнички, криминални, кои на општеството не му гарантираат прогресивен, напреден развој.

Порастот на малолетничкото престапништво сериозно ја загрижува јавноста, затоа бараат и адекватни начини како во спречувањето, така и во третманот на социјализација или ресоцијализација на малолетните лица како главни актери на тоа престапничко однесување.

Оттука, произлегува и тезата: Улогата на Центарот за социјална работа со деца во судир со законот .

# I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

За појавата на девијантното однесување - кршење на општоприфатените морални и правни норми кај децата многу е деликатно да се зборува. Најпрво треба да се запрашаме за причините, а не за последиците за овој значаен општествен проблем поради кој кај децата доаѓа до пореметување на општественото однесување и зошто всушност тие ја имаат желбата и потребата да ги прекршат општествено прифатените норми на однесување.

Во трудот теоретски ќе се обработени дефинициите за дете во ризик – дете во социјален ризик, дете во судир со законот, девијантно однесување, улогата на Центрите за социјална работа со деца во ризик и деца во судир со законот, фазите на стручна работа во Центрите за социјална работа, мерки кои што може да се изречат на деца во судир со законот. Оттука произлегува и основниот истражувачки проблем, како стручните работници во Центрите за социјална работа постапуваат со деца во судир со законот, согласно нивните потреби за поддршка.

## 1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ И ОСНОВНИТЕ ПОИМИ

Модерното и современо живеење во општеството доведуваат до девијатно однесување - кршење на општоприфатените морални и правни норми кај децата. Причината за овој значаен општествен проблем поради, каде кај децата доаѓа до пореметување на општественото однесување и желбата и потребата да ги прекршат општествено прифатените норми на однесување ги поврзуваме со ризичните фактори кои влијаат во нивниот начин на живеење. Ризик факторите кои влијаат на детскиот развој во општеството се различни како и степенот на влијание. Поимот ризик ги означува сите влијанија кои ја зголемуваат можноста за почеток на влошување или развој на проблематичните околности во кои може да се развива детето.

Поимот ***ризик*** ги опишува проблемите - проблемите кои се закануваат на нивниот позитивен развој и позитивното адаптирање во општеството, поимот ги опфаќа и оние деца кои се изложени на тешкотии, сиромаштија, малтретирање, слаб успех на училиште, стрес, малолетничка бременост, неадаптираност и неможност за изнаоѓање на начини за успешен живот и кои понатаму водат кон ризично однесување. Ризично дете може да биде секое дете кое има впечатливо однесување, кое често е исфрлено од училиште, кое многу често бега од училиште, кое неможе да се сконцентрира и има проблеми со вниманието, дете каде е присутна агресивниоста, дете кое е нетолерантно и импулсивно, веднаш се впуштаат во тепачки.

## 1.1. Поим за дете во ризик

Дете е секое човечко суштество кое не навршило 18 години од животот (Конвенција за правата на детето, 1995, чл.1).

Ризично дете - дете во ризик може да биде секое дете кое има впечатливо однесување, дете кое често бега од училиште, кое често е исфрлено од страна на училиштето, дете кое има проблеми со спиење, проблеми со помнење, кое неможе да се сконцентрира и кое има проблеми со вниманието несака или неможе да го задржи, деца кои постојано е агресивни, деца кои се нетолерантни, импулсивни и кои веднаш се впуштаат во тепачки, може да се препознае ризичноста кај детето на кое му е потребна соодветна помош.

*Ризикот* – во случајот терминот ризик ги опишува децата кои се наоѓаат на патот кон многубројните проблеми кои им се закануваат на нивниот позитивен развој и позитивна адаптација во општеството. Ризикот ги опишува и оние деца кои се изложени на тешкотии, малтретирање, сиромаштија, слаб успех на училиште, стрес, смрт на родители, малолетничка бременост, неадаптираност и неможност за изнаоѓање на вештини кои се потребни за успешен живот и кои понатаму водат кон ризично однесување.

Секое дете се разликува од другите деца по многу нешта, како на пример од какво семејство потекнува, начинот на кое е воспитувано, начинот на однесување, социо-

економскиот статус, средината во која живеело и живее, образованието, како и внатрешниот и надворешниот изглед, неговиот имиџ кој го карактеризира неговото однесување најмногу во периодот на адолесценција. Децата и во семејствата се разликуваат едни од други, едните добиваат грижа, сигурност, прифаќање, додека другите добиваат отфрлање, неизвесност и страдања.  Според Рихтерс децата под социјален ризик се поделени на: деца без родителска грижа, запоставени деца, деца со воспитно-социјални проблеми, деца кои употребуваат дроги и алкохол, деца од семејства со брачни конфликти (Richters, 1992). Додека пак Грмери пак ги разликува следниве деца под социјален ризик: деца без родители, деца со посебни потреби, деца кои потекнуваат од дисхармонични семејства и деца кои употребуваат дроги и алкохол и деца од семејства со низок животен стандард (Grmery, 1985).

Според нашиов правен систем и животната реалност постојат повеќе нереални животни ситуации во кои децата се наоѓаат во социјален ризик и стекнуваат статус на деца што живеат во посебно тешки околности. Тие се поделени во неколку групи, и тоа:

- Деца без родители и родителска грижа - се деца што немаат живи родители, или родителите се непознати, деца со родители на кои им е одземено родителското право и работна способност, родители кои одбиваат да се грижат за него или чии родители се болни и се на долготрајно лекување;
- Деца жртви на насилство - во некои семејства насилството е дел од воспитните мерки на самите родителите, децата кои се жртви на насилство, кои се малтретирани изразуваат нарушување во однесувањето и тешко се социјализираат. Повеќето од децата кои трпат насилство се несигурни, агресивни, анксиозни, нивниот морален развој е нарушен, а односите со врсниците им се доста лоши;
- Деца од семејства со брачни или семејни конфликти - доживуваат стресни моменти, конфликти кои предизвикуваат  трауми кај детето. Разводот на бракот на родителите сам по себе претставува кризна состојба за самото дете;
- Деца што употребуваат дроги - употребата на дроги кај децата носи големи ризици како што се психички, социјални и соматско-невролошки, употребата на дроги создава потешко функционирање во секојдневниот живот, создава тешкотии во учењето и помнењето, но провлекува и низа други проблеми;

- Деца од сиромашни семејства - поради недостаток од приходи, освен загрозувањето на основната животна егзистенција, се маргинализирани во однос на остварување на правата и на обврските што постојат и за нив во општеството;
- Деца со посебни потреби - опишувајќи ги карактеристиките на личноста на децата со посебни потреби, голем број на истражувања укажуваат на тоа дека тие се несигурни, недоверливи и наклонети кон социјална изолација.

Последниве години при идентификувањето на дете во ризик се настојува да се детектираат децата кои подоцна во животот можат да бидат вклучени во дисфункционално однесување или виктимизација[1], така што во групата *деца* во *ризик* спаѓаат децата:

- Чии родители конзумираат алкохол и дрога;
- Жртви на физичко, сексуално и емоционално малтретирање;
- Кои што го напуштиле училиштето;
- Кои се во несоодветна економска ситуација;
- Кои извршиле насилно или деликвентно дело;
- Кои имаат обид за самоубиство (Димитријоска, 2009 ).

Согласно новиот Законот за социјалната заштита (Сл.Весник на РСМ, бр.104/2019) под социјален ризик е состојба која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјалното функционирање на поединецот, семејството и одредна група, која може да дојде во потреба од социјална помош. Основните социјални ризици на кои е изложен поединецот во смисла на овој закон се:

- мајчинство,
- болест
- старост,
- смрт,
- повреда и
- попреченост (Закон за социјална заштита, Сл.Весник на РСМ, бр.104/2019).

[1] Виктимизација е форма на дискриминација и процес на појава каде одредени поединци стануваат жртви преку одредена човечка акција, предизвикана од намерно или ненамерно човечко дејство.

### 1.2. Поим за дете во судир со законот

Согласно **Закон за правда за децата** кој стапи во сила на 29.10.2013 година во нашата држава, децата кои дошле во било каков судир со законот поради извршување на дела кои со законот се казниви, се класифицираат на повеќе начини:

- **Дете** е секое лице на возраст до 18 години;
- **Дете во ризик** е секое дете кое наполнило 7 години, а не наполнило 18 години со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите/или/от, односно старателите/или/от, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува droги и други психотропни супстанци и прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело;
- **Дете во ризик до 14 години** е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или затвор над три години или дејствие со закон предвидено како прекршок наполнило 7 години, а не наполнило 14 години;
- **Дете во ризик од 14 до 18 години** е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или затвор до три години или дејствие со закон предвидено како прекршок наполнило 14 години, а не наполнило 18 години;
- **Дете во судир со закон од 14 до 16 години** е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор над три години наполнило 14години, а не наполнило 16 години;
- **Дете во судир со закон над 16 години** е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е

утврдена казна затвор над три години наполнило 16 години, а не наполнило 18 години;

- **Дете жртва е секое дете на возраст до 18 години** кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на правата и интересите како последица на сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело;
- **Помладо полнолетно лице** е лице кое во времето на пресудување за дејствие со закон предвидено како кривично дело наполнило 18 години, а не наполнило 21 година (Закон за правда за децата, Сл. Весник на РМ, бр.148 /2013, член 19).

Секое дете за кое се тврди или е обвинето или е утврдено дека го прекршило Кривичниот законик, со него се постапува на начин кој е во согласност со поттикнувањето на неговото чуство за достоинство и вредност, што го јакне неговото почитување на правата на човекот и основните слободи, при што се земаат предвид возраста на детето и желбата да се подобри неговата реинтеграција и конструктивна улога во општеството (Конвенција за правата на детето, 1995, чл.40).

Малолетникот е дете или младо лице кое според соодветниот правен систем може да одговара за кривично дело на начин различен, пропишан од оној на возрасните (Нанев, 2003).

## 2. УЛОГАТА НА ЦЕНТРАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА СО ДЕЦА ВО СУДИР СО ЗАКОНОТ

Практиката на социјална работа е комплексна активност од која главната цел е да им помогне на поединците, семејствата, групите и заедниците да ги надминат тешкотиите во животот, да вршат општествени улоги, да го одржуваат или да го подобрат квалитетот на животот и да создадат социјални услови во согласност со оваа цел[2].

Целта на социјалната работа е да им помогне на корисниците и оние кои се грижат за нив да се постигне личен интегритет и социјална вклученост во сопственото семејство и животот во заедницата. Се подразбира секој етички да размислува за свое дејствување, и од перспективи на корисниците и перспективите на другите вклучени актери. Еманципацијата е еден од начините на кои социјалните работници и другите професионалци во социјалната заштита, тие бараат да ги охрабрат еластичноста и солидарноста и со надминување на бариерите да се постигне социјална кохезија и вклучување со цел промовирање на социјална правда.

Застапувањето при водењето на случаи промовира еднаквост, социјална правда и социјална вклученост, и им дава моќ на луѓето да зборуваат сами. Им помага на луѓето да станат посвесни за своите права, да ги реализираат и да се вклучат во донесувањето одлуки за сопствената иднина и да влијаат на усвојувањето на таквите одлуки (Lee, 2007).

Согласно измените во Законот за социјална заштита (Сл.Весник на РСМ, бр. 104/2019) и под законска регулатива во 2019 година заради обезбедување на подобара и поквалитетна социјална и детска заштита и полесен пристап до паравата и услугите за граѓаните е воведено Интегрирано водење - управување со случаи во Центрите за социјална работа.

Примарната цел во водењето на случаи е оптимизација на функционирањето на благосостојбата на корисникот преку обезбедување на квалитетни услуги, посебно кај корисниците на повеќекратни, покомплексни проблеми и потреби.

Услугите се делотворни доколку ја остваруваат својата цел и предизвикуваат позитивни промени кај корисникот и тоа:

---

[2] N.Zegarac (2015) OD PROBLEMA DO PRILIKA U VOĐENJU SLUČAJA - PRIRUČNIK ZA PRAKTIČARE Podgorica UNDP

- ***Независност*** – цел на користењето услуги е достигнување на способност на корисникот за најголем можен степен на самостојност и контрола над сопствениот живот. Услугите не се делотворни доколку поддржуваат зависност, спречуваат осамостојување на корисникот и го задржуваат во системот на социјална и детска заштита, повеќе од што е потребно;
- ***Создавање, обновување и користење мрежа на поддршка*** – цел на услугите е унапредување на меѓучовечките односи и поддршка која корисникот може да ја добие, или ја добива во својата средина. Услугите не се делотворни доколку го изолираат корисникот, не ја користат, не ја создаваат и не ја обновуваат неговата мрежа на поддршка;
- ***Интеграција*** – цел на услугите е унапредување на однесувањето и функционирањето на корисникот во оние аспекти кои му создаваат проблеми во прилагодувањето на општествените норми, со цел да се намалат ризиците од штети кои тој/таа може да ги предизвика со своето одднесување. Услугите не се делотворни доколку не поттикнуваат позитивна промена во однесувањето на корисникот и вклопување во општеството во склад со важечките општествени норми;
- ***Вклучување*** – услугите треба да им овозможат користење на општествени вредности на корисниците кои поради својата состојба, одредена припадност, потреби или однесување се изолирани или се под ризик од дискриминација во општествените односи и користење на ресурсите на заедницата. Услугите не се делотворни доколку не се прилагодени на карактеристиките на корисникот (пр. Начинот на кои што ги задоволуваат потребите) или ако во територијална или содржинска смисла се дискриминираат корисниците во пристапот кон општите добра;
- ***Учество и отвореност во општеството*** – услугите треба да им овозможат на корисниците да учествуваат во општествените активности и принесуваат за развој на општеството согласно своите способности. Услугите не се делотворни ако не го поттикнуваат корисникот да ги користи своите

можности за унапредување на својот живот, достигнување на лично задоволство и позитивен допринос во општеството[3].

Управувањето - водењето со случаи во социјалната работа е системски пристап кој бара координација на процесот на обезбедување услуги што често обезбедуваат различни услуга, подразбира активности за проценка, ангажмани, пристап до услуги, координација и надзор на услугите што треба да одговорат на потребите на клиентот, односно корисникот.

Водењето на случаи претставува метод на социјалната работа, во кој со соработка на корисникот се проценуваат потребите и ризиците, се договараат и координираат потребните услуги, се следи, евалуира и застапува најдобриот интерес на корисникот, заради постигнување на благосостојба и подобрување на негово секојдневно функционирање. Овој метод на работа бара индивидуален пристап кон одредената ситуација и потребите на секој корисник поединечно, и се базира на неговите реални секојдневни потреби. Почувајќи со работа од онаму каде што се наоѓа корисникот, разбирање и прифаќање на ситуацијата во која што се наоѓа корисникот, онаква каква што во моментот е, а не онаква каква што треба и може да биде. Фокусот на овој метод на работа е разбирање на корисникот во неговиот животен простор, додека интервенциите од социјалната работа се спроведуваат согласно неговата секојдневна животна ситуација.

Водењето на случаи укажува на систематски и холистички пристап во социјалната работа, односно насоченост на системите низ кои корисникот треба да функционира, како и на унапредување на адаптацијата помеѓу корисникот и системите со кои што секојдневно е поврзан. Во интегрираното водење на случаи, стручните работници се насочени кон силите и потенцијалите на корисниците, а нивните интервенции ги насочуваат кон развој на капацитетите на корисникот за самопомош.

Самиот поим случај укажува на ситуација или околности кои го отежнале задоволувањето на секојдневните потреби на корисникот, го попречиле неговото функционирање, го попречиле остварувањето на неговото право. Водителите на случај се всушност стручни работници во Центрите за социјална работа – професионални помагачи

[3] N.Zegarac (2015) OD PROBLEMA DO PRILIKA U VOĐENJU SLUČAJA - PRIRUČNIK ZA PRAKTIČARE Podgorica UNDP

кои им обезбедуваат помош и поддршка на корисниците. Водителот на случај е задолжен за одреден случај, оној работник кој ги одредува и ги користи потребните професионални и други расположливи ресурси од Центарот за социјална работа или други институции и организации од заедницата кои се неопходни за потребите на корисникот, но и за надминување на проблемите на корисникот.

Водител на случај е стручен работник задолжен за конкретен случај кој во соработка со корисникот ги утврдува неговите потенцијали и потреби и користи професионални и други ресурси од Центарот за социјална работа и други установи и организации на подрачјето на единицата на локалната самоуправа, а кои се неопходни за задоволување на потребите и надминување на проблемите, односно обезбедување на соодветни услуги за корисникот (Закон за социјална заштита, Сл.Весник на РСМ, бр. 104/2019, чл.4).

Водителите на случаи се стручни работници од центарот за социјална работа кои можат да бидат од различни порофили како што се социјални работници, психолози, педагози и правници.

По констатацијата од страна на Министерството за внатрешни работи, односно доколку органот за прогон има информација за детето дека сторило кривично дело или прекршочно дело, истите го проследуваат до Основното Јавно обвинителство. Јавниот обвинител е оној кој поведува постапка, односно поднесува барање за поведување на подготвителна постапка. Во поведената постапка кон детето потребно е покрај информациите за кривичното дело, има потреба и од утврдување на возраста на детето, средината и условите во кои живее самото дете, неговата здраствена и ментална развиеност и сите други околности што влијаат на неговата личност. За добивање на потребните информации и утврдување на фактичката состојба на детето надлежниот суд бара извештај – наод и мислење од стручен тим од Центарот за социјална работа.

По приемот на известувањето - барањето од судот, од страна на стручен работник се врши регистрација на детето во посебен регистар за малолетници и се повикува малолетникот заедно со својот родител најдоцна во рок од 7 дена по приемот на барањето - известувањето, а во посебни случаи и во рок од 24 часа.

Првиот контакт на детето со ризик е со стручни работници од Центарот за социјална работа составен најчесто од социјален работник, психолог,педагот и правник. Самото ангажирање на различните профили навестува на успешно решавање на социјалните проблеми, вклучувањето носи потреба од нивно заедничко, синхронизирано, комплементарно, кооперативно, тимско делување. Главната и основната задача на стручниот тим, односно на секој член од тимот е врз основа на знаењата во својата област, во проучувањето на проблемите на клиентите од свој аспект да анализираат и придонесат кон тимско и ефикасно решение. Во работа со деца во конфликт со законот потребно е учество на повеќе профили, сектори, институции, служби, нивна поврзаност и соработка за градење на решение. Тимската работа или партнерството помеѓу профилите го следат мотото Никој го нема целиот потребан алат.

Тимската работа е всушност процес на соработка кој овозможува постигнување на извонредни резулатати од страна на повеќе лица (Scarnati, 2001).

Од многубројните хетеро-анамнестички податоци кои стручните работници ги добива при запознавањето и проучувањето на случајот, позначајните ги обединува во една логична целина во писмена форма, наречена **наод** (стручен наод). Изготвувањето на наодот не значи само сумирање на објективните податоци како дескрипци и констатациии за малоленикот и неговото поведение, претставува синтетичка постапка, која е сложена и одговорна задача за стручните работници. Добиените податоци треба да послужат за дијагностицирање на детето и неговото поведение и утврдување на третман за превоспитување, односно одредување на прогноза на случајот, секој од стручните работници во својата област.

Стручниот тим согласно својот профил има различна улога во постапувањето.

Социјалниот работник е најчесто оној кој ги открива, ги следи и ги проучува социјалните потреби и проблеми, тој истражува и анализира и врз основа на тоа крои планови и делува кон решавање на проблемите. Тој како матичен профил на социјалната работа е должен да делува во работата од сите аспекти на проблемите кои се во нејзиниот оддел. Успехот во работата на социјалниот работник не зависи само од неговата стручност, важна улога играат неговите лични особини и функционирањето на целиот општествен систем во кој е вклучен. Основни особини кои треба да ги поседува се хуман, организиран, комуникативен, уреден, толерантен, ориентиран кон помагање на другите, да се помогне

најдобро што може. За личноста на социјалниот работник карактеристични се и стремежот кон хармоничност и секојдневен живот, истрајност во превземањето акции, доверба во самиот себе, висока самокритичност и одговорност, и позитивен став кон животот. Покрај особините и способностите кои треба да ги поседува, важни се и неговите етички карактеристики.

Социјалниот работник треба добро да ги познава принципите на социјалната работа и правилно да ја извршува својата дејност. Социјалниот работник е најчесто првиот член од тимот кој ги собира првичните податоци за семејството, се запознава со ситуацијата, со проблемот кој се појавил, ја констатира фактичката состојба во потесна и поширока целина. Социјалниот работник постапувајќи во согласност на својата работа со децата кои имаат проблем со социјалното прилагодување, секогаш соработуваат и се консултираат со семејството на децата, со училиштето, со наставниците, и сите останати лица или институции поврзано со тоа дете се со цел за подетално анализирање на состојбата, но и за полесно решавање на проблемите.

Тој е првиот кој ја отпочнува работата,  прв прави наод и мислење за  состојбата на детето, па потоа во соработка со другите стручни работници од тимот следи детална анализа и сручно мислење. Тие го составуваат заедно крајниот извештај и даваат заедничко крајно мислење за судските постапки за децата во судир со законот - Наод и мислење од стручен - тим.

Психологот ја има улогата да ги согледа психо-социјалните проблеми на детето, да анализира и да изнајде начин за разрешување на проблемот. Главната заинтересираност се психолошките проблеми на децата и млади. Основната цел во работата на психологот е објективно да ги согледа психо-социјалните проблеми на детето, да анализира и да изнајде начин за разрешување на проблемот. Предмет на проучување на психологот е личноста: развој на личноста (интелектуални, емоционални, социјални), актуелната сосотојба, општи интелектуални способности и процес на мислење, и структура на личноста, динамика на личноста, манифестно однесување, интеракција на поединецот со околината. Оној кој ја проучува личноста на детето, користејќи свои методи и техники на работа.

Педагогијата е наука кој е насочена кон децата, нивното образование и воспитание. Основната цел на педагозите како што спомнавме е воспитување и образование на децата, изградба на сестрана развиена личност која адекватно ќе може да функционира во општеството. Согледување на неговите воспитно образовни потенцијали на детето и помош при изградба на сестрана развиена личност која адекватно ќе може да функционира во општеството. При работата со деца педагозите користат разновидни методи и средства за истражување, педагошки инструменти, невербални и вербални методи и сл.

Правникот е личноста која е одговорна за системот на правни норми, ангажиран е за правните постапки, односно припрема и носи правни аспекти за решавање на правата на клиентите. Како дел од стручниот тим, правникот има улога да е рамноправен во интердисциплинарните социјални истражувања, консултант - дава информации за социјалните права и дава правни совети.

При постапувањето – делувањето на секој стручен профил во согласност на својата област и поставувајќи своите методи и техники за работа, следејќи ги и фазите за работа се изготвува стручен документ или наод и мислење од стручен работник во кој ја има целосната слика за корисникот во овој случај детето од неговата област, и од истите се прави еден збирен извештај од сите наоди од тимот кој се нарекува наод и мислење од стучен тим во кој се изнесува заклучокот од сите стручни профили.

# 3. ФАЗИ НА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ ТИМ СО ДЕЦА ВО СУДИР СО ЗАКОНОТ

Фази на работа при упарвување со случаи се трите основни фази: проценка, планирање и имплементација (Vudsajdova,Maklamova,2003).

Во нашата држава стандардот за правда на деца е развиен согласно Законот за правда на децата, така  и центрите за социјална работа имаат системи, капацитети и поцедури за спроведување на постапките согласно овој закон. Стручни работници во Центрите за социјалана работа низ цела држава постапуваат согласно новиот начин на интегрирано управување со случај постапувајќи во согласност со сите процедури и стандарди, законски и подзаконски акти, правилници и протоколи за работа. Процесот на стручна работа со малолетните сторители на казнени дела во центрите за социјална работа, се одвива во следниве фази:

- Откривање на случајот - евидентирање;
- Проценка;
- План - планирање активности;
- Третман – имплементација на планот;
- Мониторинг -  ревизија;
- Евалуација- на ефектите на третманот; и
- Затворање на случајот.

## 3.1. Откривање на случајот – евидентирање

Откривањето на случајот или евидентирање (прием-тријажа) на детето има две различни начина, односно едниот се однесува на тоа дека однесувањето на детето се открило-еведентирало навремено пред да биде евидентирано во било која друга институција и другиот начин каде што веќе судот или министерството за внатрешни работи бараат соработка со центарот во интерес на детето. Кога Центарот за социјална работа има сознание дека детето извршило кривично дело или  прекршок, или се нашло во ризик се

заведува – евидентира во посебен Регистар за примени известување за деца во ризик и деца во судир со законот, и потоа постапува, односно започнува тимска работа.

Евидентирањето е првиот дел, односно прием на известувањето и податоците на личноста (тријажа). Дефинирањето на проблемот е првиот чекор во процесот на примената, првиот чекор мора да го превземе социјалниот работник во проблематичната ситуација, но и да го идентификува опсегот на развиеност на проблемот. За време на почетната фаза социјалниот работник мора да развие работни односи и релации со детето, претходно рефлектирајќи емпатија, срдечност и искреност. Правилниот избор и навременото постапување претпоставува и навремено откривање на секој поединечен случај.

Во теоријата и практиката, потврдено е дека третманот на овие деца, е многу поуспешен доколку навреме се воочат почетните проблеми во социјалниот развој на детето и се откријат пореметувањата во однесувањето. Во детектирањето на децата со деликвентно поведение, учествуваат повеќе субјекти: родителите, соседството, училиштето, обвинителството, органите за внатрешни работи, судијата за малолетници и други. Добиените информации за децата од горе наведените субјекти, не се секогаш целосни и доволно точни, во некои случаи тоа се должи на субјективност, а во други на недоволна стручност, поради што добиените податоци треба внимателно да се проверат и да се утврди нивната егзактност.

Во литературата за малолетничката деликвенција направена е глобална класификација на малолетниците според изборот на пријавата на:

- *Прва група на деца* за чие поведение знаат само родителите, од кои најголем број бараат помош во центарот за социјална работа. Овие родители најчесто не се во можност да ја согледаат суштината на промените во однесувањето на детето и единствено ги гледаат причините за негативното однесување во лошото влијание на другарите и средината. Меѓутоа, родителите многу ретко ги пријавуваат престапите на своето дете кои се инкриминирани со казненото законодавство, чии последици во најголем дел имаат карактер на санкции и казнување, отколку што се мерки од воспитна природа. Истовремено, однесувањето на своето дете, родителите го доживуваат како нарушување на семејниот углед и граѓанскиот кодекс. Спротивно од тоа, кога се работи за полесни облици на општествено - негативно однесување, како што се непослушност, кавги, поткраднување на родителите, бегање од дома, бегање од училиште, скитање, безделничење и слично,

родителите во најголем број случаи бараат стручните работници од центарот, да преземат некои мерки за таквото однесување на нивното дете.

- *Втора група на деца* се оние чиешто поведение им е познато на органите на прогонот, обвинителството, судот, училиштето, па и на Центарот за социјална работа во општината каде што живеат. Откривањето на децата со асоцијално поведение од било кој вид, треба да биде организирано и континуирано да се спроведува. Во тој контекст, центарот преку постојан контакт со наведените општествени чинители односно училиштата, треба да настојува за навремен опфат на децата со манифестации на делинквентно однесување, според критериумите за нивното препознавање. Комуникацијата на центарот на ниво на општината со општествените фактори, значајни за воспитната запуштеност и малолетничката деликвенција, се остваруваат најчесто преку социјалниот работник задолжен за работа на малолетничка деликвенција - престапништво.

За време на приемот се собрани потенцијални податоци за корисникот и е поднесено барање, со директен потенцијален корисник или со документацијата се добива првичен впечаток за проблемот, идните процедури и чекори (Barker, 2013).

Приемот или евиденцијата на случајот всушност укажува и на приемна процена, односно со оваа фаза се подготвуава работата за натамошно постапување, се прави првичен увид за кое лице станува збор, какво постапување се бара (неодложно-итно или редовно), дали лицето веќе било дел од системот на социјална заштита или пак некој друг член од неговото семејство, се пополнува Тријажен лист за корисникот и се подготвува предметот/случајот за премин во наредната фаза - чекор за постапување односно за фазата на проценка.

### 3.2. Проценка

По добивањето на основните лични податоци на детето следи разговор (интервју) и примена на техники и методи од страна на стручниот тим за да се обезбедат податоци кои се релевантни за утврдување на ризиците, потребите на детето и неговото семејство, како и процена на мотивите и причините за сторувањето на прекршокот или кривичното дело.

Проценката претставува процес на прибирање на анализа, приоритетизација и синтеза на информациите кои се однесуваат на идентификуваните потреби на детето. Целта на социјалниот работиник е да спроведе анализа која не само што ќе ги утврди потребите на малолетникот туку ќе ги утврди особините на ситуацискиот контекст за задоволување на овие потреби,  се постигнува преку следново: да ги утврди обемот и потребите на детето, да ги утврди капацитетите на детето, да може да се справи со овие потреби, да ги утврди капацитетите на социјалното опкружување на детето да се справи со овие потреби, да ги утврди капацитетите на човечките ресурси за справување со овие потреби.

Проценката е организирана интердисциплинарна и плански насочена активност за испитување на личноста, со цел да се утврдат причините кои довеле до неприлагодено однесување на детето, но и процена на неговите позитивни особини кои можат да се искористат во неговото превоспитување. Организацијата и спроведувањето на интердисциплинарната работа, треба да ги опфати сите етиолошки фактори од социјален, педагошки и психолошки аспект, а во контекст на целокупната животна ситуација на личноста на малолетникот.

Проценката може да биде почетна или продлабочена во зависност од потребата на работа на социјалниот работник, односно зависно од предметот - случајот со кој започнал да работи социјалниот работник најпрво ја прави почетната проценка, но доколку истиот заклучи дека предметот има потрба од продлабочена проценка ја користи таа и го вклучува целиот стручен тим.

Доколку првичнта проценка не обезбеди доволно податоци, водителот на случај, во консултација со супервизорот планира продлабочена процена (Žegarac,Vujović, 2011).

Во проценаката социјалните работници користат различни методи и техники за работа, секој од својата област како што се интервју со детето и членови на семејството, набљудување на однесувањето на детето, опсервација, увид во документацијата со која располага центарот, тестови, скали и прашалници за процена на детето и семејството, увид во нивниот дом, соработка со училиштето и со друга институција или рерурс од општината кои се во интерес на детето.

При фазата на проценка се проценуваат следните специфични потеби на детето и тоа: моменталната здраствена состојба, менталното здравје на детето, приходот на семејството, образованието, домување, работниот статус на семејството, социјални и лични врски, рекреација и слободно време, активности во секојдневниот живот, превоз во средината, и правна помош.

Покрај обезбедување на основните податоци за детето, неговите потреби и потребите на семејството, исто така се проценуваат и факторите, причините и мотивите за сторувањето на прекршокот или кривичното дело.

### 3.2.1. Области за проценка

Главни области на потребите на децата се поделени во категории како биолошки, социјални и самоутврдувачки потреби. Потребите не се наведуваат во смисла на услуга, туку во смисла на неопходности потребни за одржување и подобрување на квалитетот на животот кој им е потребен на децата за успешно живеење во комплексното општество. Едни од главните области на потребите се:

- ***Приход*** - на луѓето им се потребни пари со кои ќе може да ги задоволат неопходните потреби за живот, а парите може да ги добијат преку механизмите на социјална поддршка како што се јавната помош, социјалната заштита и помошта за невработените;
- ***Дом/сместување*** - изложеноста на социјалниот проблем немање дом илустрира на посебно внимание на задоволување на потребите на луѓето за дом/сместување. Социјалниот работник треба да обрне внимание за поврзаноста на станбеното прашање со приходот, капацитетот на семејството самостојно да го реши станбеното прашање, физичкиот пристап до можноста за решавање на станбеното прашање, локацијата на станот во безбедно соседство, континуирана решеност на станбеното прашање, и прифатливоста и психолошкото прашање на стамбеното прашање на семејството;
- ***Вработување/професија*** **-** ангажирање на членовите на семејството на детето во ризик - сторител на кривично дело или на самото дете во производствена

активност која од општествена гледна точка се рангира како многу важна. Активноста најчесто резултира со приход, вработувањето и професионалната активност може да задоволат и други потреби (социјално дружење, лични концепти). Социјалниот работник мора да ја разбере историјата на семејството и вештините што ги имаат во процесот на работење, исто така треба да го насочи вниманието на професионалниот развој преку идентификување на професионална ориентација, евалуација, вработување и можности за обука кои доведуваат до вработување;

- ***Здраствена заштита*** - грижата за здравјето е една од најважните потреби (физичко здравје, забоздравствена нега, навремена превентивна здравствена заштита, правилна исхрана, вежбање и физичка мобилност);
- ***Ментално здравје*** - најважно е човекот да нема деприсии и грижи а да има позитивни гледишта и ставови кон животот (спознавање, самопочитување, лични концепти, интегрирање на личноста);
- ***Општествени меѓучовечки односи*** - поврзани се со потребите кои се задоволуваат преку дружење со другите луѓе (задоволување на основните психолошки потреби). Општествените односи ги задоволуваат интимноста, интегрирањето во општеството, можноста за меѓусебна грижа, потврда на вредностите и помош.
- ***Рекреација и слободни активности*** - важни за квалитетот на животот на детето, поврзани се со потребите со ментално здравје, физичко здравје и општествените и меѓучовечките односи;
- ***Секојдневни активности*** - способност да се подготви здрава храна, да се избања, да се облече, да го води домаќинството се главните активности кои влијаат врз човековиот капацитет да го задржи независниот животен стил;
- ***Транспорт-превоз*** - движењето во заедницата, достапните ресурси, распоредот на автобускиот сообраќај и вештините за користење на автобуските линии;
- ***Правна поддршка*** - може да се задоволи единствено преку поврзување на детето со адвокат (процесирање на делата преку законски систем како што се кривичните обвиненија, заштита на уставните права на детето);

- ***Образование*** - читањето, пишувањето и компјутерските вештини се основни и важни образовни потреби во нашето општество. Социокултурниот живот на семејството и на детето зависат од формалното образование стекнатото во училиштето (Димитријоска, 2012).

### 3.2.2. Проценка на факторите за сторувањето на прекршокот или кривичното дело

Факторите кои го определуваат развојот на децата се наоѓаат во нивното опкружување, за односот на децата кон родителите и кон другите, воопшто за нивното однесување, покрај начинот на воспитување кој го вршат нивните родители, влијаат училиштето, другите возрасни, средината, економската состојба, самата индивидуа како личност и групата врсници. Разгледувајќи ги и проценувајќи ги овие субјекти сите различно влијаат врз развојот и однесувањето на детето.

Социјалните работници истакнуваат дека овие фактори кои постојано циркулираат околу детето и различно се рефлектираат на неговиот развој и однесување, истите можат да се и ризични и заштитни се во зависност со каков случај работат, а секој случај е приказна за себе.




Слика 1. Приказ за циркулирање на факторите кои секојдневно влијаат врз развојот и однесувањето на детето.

Фактори кои влијаат врз развојот на детето и доведуваат до сторување на прекршок или кривично дело се следните: личноста на детето, родителите – семејството, групата на врсници, училиштето и средината.

### 3.2.2.1. Личноста на детето

Кога зборуваме за ризични и заштитни фактори кои влијаат на однесувањето во однос за процената на детето, на прво место најчесто се става личноста на детето. Знаеме дека созревањето на личноста на детето, е доста динамичен процес - периодот од животот во кој децата се соочуваат со различните проблеми и задачи кои се поставени пред него, претставува и најинтензивниот когнитивен, емотивен и конативен период кој е одбележан со стекнување на знаења и усвојување на навики, норми и вредности, судови и ставови. Период каде што најгласното и најголемото Барање е барањето за изградба на сопствениот идентитет и потрага по одговори на безбројните прашања кои секојдневно му се вртат низ главата.

Децата при развојот имаат голема потребата од дружење и вклучување во општествениот живот на пошироката и потесната заедница низ припаѓањето на одредени групи на врсници и друштва. Во однос на вклучување на детето во групите на зедницата, ако се вклучи во некое друштво кое општеството го идентификувало како позитивна група - група која негува и промовира одредени позитивни вредности и цели, имајки го во предвид почитувањето на нормите и барањата на пошироката заедница, тогаш зборуваме за задоволувачко и позитивно вклучување прифатено од сите. Доаѓаме и во ситуација каде што во некои помалку контролирани услови децата можат се здружуваат - вклучуваат и идентификуваат - во девијантни групи, барајќи други деца кои се слични на себе со исти или слични психички и општествени проблеми, како цел и причина на нивното дружење станува насилството, зависноста, различните казниви дела, тие се како составен дел на ритуалот на групата, ова однесување не е прифатливо во заедницата. Оваа резултира со појава на девијантно однесување кај децата кое многу често прераснува во вршење на делинквентни и казниви дела и станува закана за пошироката општествена заедница, но истовремено и за личноста на едно дете.

Во литературата често се истакнува дека младите се одликуваат со различни биопсихолошки промени чија динамичност дава значајни можности за воспитување и социјализација. Согласно мислењето на психолозите, во созревањето на личноста се разликуваат повеќе фази на созревање на личноста и тоа: период на детство, претпубертет, пубертет, постпубертетски период и период на адолесценција, секој со посебни карактеристики на личноста. Во однос на периодите од развојот – созревањето на личноста неможе да се каже дека секое дете подеднакво ги поминува периодите – хронолошки поставени.

Секое дете има право на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, духовниот, моралниот и социјалниот развој на детето (Конвенција за правата на детето, 1995, чл.27).

Раното детство (од 6-7 години) е период од животот во кој луѓето најчесто зависат од сигурните и одговорни односи со другите луѓе. Овие односи се неопходни не само за да се обезбеди опстанок, туку и емоционална сигурност, социјална интеракција, како и развојот на когнитивните и културни компетенции (Brkovic,2011).

Се смета дека ударните развојни фази во кои се манифестира асоцијално поведение и се прават прекршоци неприфатени од заедницата и казниви со закон за децата се во фазата на пуберт и адолесценција, фази на развој кои кај секое дете на различен начин се доживуваат и на различен начин се манифестираа.

Претпубертетот се разликува кај девојчињата и момчињата, фазата кај девојчињата се смета од 11 до 12 година, а кај момчињата од 12 до 14 години, се карактеризира со судир меѓу детските црти на личноста и цртите на малолетството. Во овој период децата започнуваат да се осамостојуваат и почнуваат да ги отфрлаат авторитетите кои досега ги почитувале, кај девојчињата пубертетскиот период трае од 12 до 15 години, а кај момчињата од 14 до18 години. Пубертетот иако е краткотраен е значаен период во животот на младата личност, е период во кој детето може претрпи низа органски и психички промени под влијание на половите жлезди. Може да се случи пубертетот да остане да живее со менталните обележја на вечно дете и покрај долгата брада и староста која предизвикува почит, а со тоа се поддржува и поставката дека криминалитет може да биде тесно поврзан со органската агресивност на пубертетот и дека е во суштина симптом на пубертетска криза.

Сите скокови во физиолошкиот развој кај децата предизвикуваат силно чувство на несигурност, тие се повеќе почнуваат да размислуваат за себе и да сонуваат - да мечтаат. Покрај желбата за силното чувство на физичка моќ, сакаат да ги развијат и сопствените психички сили, но често се попречени од страна на авторитетите кои што токму затоа ги отфрлаат и критикуваат. Децата сакаат да се идентификуваат со возрасните во оние дејствија во кои дотогаш тоа не можеле или не смееле да ги прават, а тоа во прв ред се оние поведенија што се отценувани негативно од страна на општеството. Постпубертетскиот период кај девојчињата трае од 16 до 20 години, а кај момчињата од 18 до 24-та година од животот - период во кој постепено доаѓа до синхронизирање меѓу емоционалните и рационалните елементи во критичен реализам каде започнува признавањето на аторитетите на возрасните луѓе, во прв ред авторитетите во семејството. Завршува процесот на созревање на поединецот, но и покрај овој биолошки аспект значаен е и социолошкиот аспект на младоста.

Следнот период е периодот на адолесценција. Адолесценцијата е животен период во кој лицето расте и созрева. Адолесцентниот период е поделен на три потпериоди рана адолесценција од 10 до 14 години , средна адолесценција од 15 до 19 години и доцна адолесценција од 20 до 24 години и е составен дел од следниот период на премин кон рана зрелост (Мурџева-Шкариќ, 2009).

Се смета дека адолесценцијата е периодот на бурни промени на самата личност, како на физички, така и на психички и социјални промени, осамостојување, градење на идентитет, во потрага по своето ЈАС, градење на свој став, градење на карактерот на личноста.

За младото лице е вистинито тврдењето во кое се вели дека нема изграден однос кој е реален во задоволувањето на своите желби. Карактеристиките се тие кои го одредуваат степенот на развојот на детето или младата личност и придонесуваат нивните (своите) желби да не можат да ги одложуваат (Нанев, 2003).

Социолошкиот и биолошкиот аспект на младоста се од извонредно значење, затоа што токму во нив се поместени најзначајните околности за определувањето на кривичната одговорност на децата. Во секоја земја, се определуваат горната и долната старосна граница на кривичната одговорност. Во некои западни земји и земјите со Common Law sistem, иако

различно, секогаш е утврдена горната старосна граница која се движи од 15 до 21 година. Може да се каже дека во просек како горна граница на кривична одговорност е прифатена возраста од 18 години (Стојановски,Сулејманов, 2002). Што се однесува до долната старосна граница на кривичната одговорност, карактеристично е тоа што голем број на земји воопшто не ја определуваат, а во оние во кои е утврдена најчесто изнесува 7 години.

Кога зборуваме за календарското определување на малолетноста се среќаваме со слабости, бидејки тоа е само еден формален критериум кој не ја одредува доволно психофизичката и социјалната зрелост на детето. На развојот на личноста, т.е. на нејзината социјална и био-психичка зрелост, покрај староста делуваат и други критериуми на пример, некои лица порано созреваат од други кои се на иста возраст во зависност од социо-културната клима и индивидуалните карактеристики, но и условите во кои се развиваат.

За тоа каква е личноста на малолетникот, што ја поттикнува на активност и како таа се формира, постојат голем број различни сфаќања. Дефинирањето на личноста произлегува од три моменти:

- Единство или интегритет на личноста;
- Единственост или особеност на личноста;
- Релативна доследност во однесувањето на личноста како последица на единство и посебноста на личноста (Rot, 1981).

Основни и важни критериуми при дефинирање на поимот „малолетничката деликвенција“ се возраста на деликвентот и видот и обликот на девијантното поведение. Возраста на деликвентот е од големо значење во определувањето на одговорноста на сторителот и способноста на деликвентот да го сфати значењето на своите постапки, а воедно и да управува со нив. Видот и обликот на девијантното однесување се однесуваат на поведенијата што се општоприфатени од повеќе автори (питачење, безделничење, пушење, бегање од дома, па и кражби итн.(Арнаудовски, 2007).

Најважно од се е тоа што секој случај треба да се разгледува различно - индивидуално, во предвид да се има и био-психичката и социјалната зрелост во спроведувањето на кривично-правниот третман.

### 3.2.2.2. Родители – семејство

Семејството е животна средина на родители и деца и други роднини, ако живеат во заедничко домаќинство (Закон за семејство – Прочистен текст, Сл.Весник на РМ, бр.153/2014, чл.2).

Родителите спрема своите деца имаат еднакви права и должности (родителско право). Односите на родителите и децата се засноваат на права и должности на родителите да се грижат за чување, воспитание и образование на своите деца и да ги развиваат нивните работни способности и навики. Родителското право го вршат родителите заедно во согласност со потребите и интересите на децата и интересите на општествената заедница (Закон за семејство – Прочистен текст, Сл.Весник на РМ, бр.153/2014, чл.8).

Секој родител сака да биде најдобар за своето дете, но не секогаш може да се оствари она што тој и го посакува. Среќаваме родители кои цел живот вложуваат во своите деца да израснат и направат добри, успешни личности со изграден карактер, став, со свои цели, ставови, одговорности, доблести, спремни самостојно и успешно да егзистираат во општеството како индивидуи со изграден идентитет, на едните тоа им успеало се оставрува нивната посакувана цел, но кај некои деца се спротивно од тоа тие што посакувале за жал.

За едно дете да има среќно детство треба да бидат исполнети неговите основни потреби. За едно дете да расте и да се развие во здрава и одговорна личност, пред се треба да бидат задоволени неговите потреби во примарното семејство.

Родителите се првенствено одговорни во рамките на своите способности и финансиски можности да му обезбедат на детето животни услови потребни за негов развој (Конвенција за правата на детето, 1995, чл.27).

Според Маслов потребите кои ги има секоја индивидуа, а со тоа и потребите на децата сликовито можат да се претставаат со пирамида, во која откако ќе се задоволат потребите на примарното ниво се преминува на следното:

***Ниво 1.*** Физички потреби: дишење, храна, вода, спиење, физиолошки;

***Ниво 2.*** Потреби за сигурност: сигурност во однос на телото, на финансиите, во однос на моралноста, на семејството, за здравјето, на имотот;

***Ниво 3.*** Потреби за љубов и припаѓање: семејство, фамилија, интимност;

***Ниво 4***. Потреби за почитување: доверба во себе, постигнување, почитување од другите, почитување на другите;

***Ниво 5.*** Само актуализација: моралност, креативност, спонтаност, решавање на проблеми, помалку предрасуди, прифајќање на фактите (Maslow, 1950).




слика 2. Хиерархија на човековите потреби (Maslow, A. 1950)

Децата кај кои овие базични потреби не се задоволени, најчесто потекнуваат од дисфункционално семејство.

Со самото запоставувањето на децата од страна родителите и другите членови од семејството, се создаваат услови во кои детето може да прерасне во личност склона на реакции кои не се прифатливи за околината во која живеат.

Секое дете има право на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, духовниот, моралниот и социјалниот развој на детето (Конвенција за правата на детето, 1995, чл.27).

Денес децата се повеќе нервозни понекогаш дури  и од возрасните, тие  знаат да ја ослободуваат својата нервоза манифестирајќи со кршење, цикање, кревање на рака, со цел да се докажат пред своите врсници или за да ги казнат родителите.  Својот револт не го искажуваат со зборови, туку со постапки и дела, затоа е  многу е важно  родителите да го следат однесувањето на своето дете уште од најрана возраст, да увидат дали детето може да го контролира своето незадоволство и однесување. Родителите никогаш не смеат да заборавaат дека тие со своето однесување се пример - модел за своите деца.

Непотполно семејство, самото по себе секогаш и немора да биде услов за нарушено однесување на децата. Семејство во кое недостасува еден родител, независно дали како причина за тоа се јавува смрт, напуштање или развод. Сведоци сме дека во секојдневниот живот постојано се случуваат ситуации и несреќи каде децата останувaат без родител и родителска грижа,  но сепак имаат сосема нормални семејни односи и не покажуваат нарушено однесување, тоа ни укажува  дека постојат и други фактори кои доведуваат до негативно, нарушено однесување.

Нарушеното однесување припаѓа на групата нарушувања кои можат да се појават уште во периодот на детството. Нарушено однесување може да трае долго време,  со висок степен, изразена и сериозна ситуација, и да предизвикува проблем во целото семејство или општествената средина, па затоа доколку се појави нарушување во некоја помала возраст кај детето треба да се сфати посериозно, а не само како фаза во развојот што ќе помине сама од себе.

Се смета дека деца со нарушено однесување кршат барем по еден од вообичаените норми од семеен и социјален контекст прифатени во нашето општество, како што се:

- *комуникациски норми* (децата се претерано плачливи и врескаат, постојано трчаат, не сакаат да се дружат, не соработуваат и сл.);

- *норми на развојни способности* (дисхармонично или бавно усвојување на психомоторните вештини кај децата); и

- *норми на убавина* (надворешен изглед на лицето и телото на детето).

Квалитетот на меѓусебната комуникација зависи од меѓусебното почитување и разбирање помеѓу децата и родителите. Децата се зависни од родителската поддршка, без неа неможат да го равијат чуството на сигурност и безбедност.

Родителите се оние кои постојано треба да ги охрабруваат своите деца, да ги учат како да се однесуваат и како да реагираат на провокации, туѓи закани и навреди, да знаат дека не е погрешно да избегнуваат деца кои се однесуваат негативно и агресивно. Како што знаеме децата најлесно учат преку примери - модели, затоа родителите треба да внимаваат на своето однесување, ставови, вредности бидејќи децата ги имитираат и постојано ги набљудуваат своите модели и се однесуваат исто како нив. Многубројни искуства покажале дека деца со нарушено однесување потекнуваат од семејства каде не е воспоставена интеракциско-комуникациска врска, врска помеѓу родителот и детето, каде што има несогласување меѓу родителите, развод на брак, конфликти и фрустрации, негативна атмосфера во домот. Но се случува и агресивно однесување да покажуваат - манифестираат и деца кои се задоволени со љубов, внимание, на кои сите желби им се остварени од своите родители, дотогаш сите желби им биле остварени и кога за прв пат ќе се сретнат со било каква препрека при задоволување на потребите, кај нив се јавува реакција на револт и агресивно однесување, затоа што се навикнати се што ќе посакаат да добијат и дека се може да е нивно и манифестираат неприфатливо однесување за околината.

При работата стручните работници се среќаваат со различни семејства и типови на родители и деца. Се издвојуваат неколку родителски стилови и тоа:

- ***Авторитативно родителство*** – родители со реални барања пратени со образложување. Родиотелите јасно ги дефиниранирале правилата и нормите на однесување, тие се родители кои ја почитуваат посебноста на детето, се грижат и се чувствителни на проблемите на своето дете, но исто времено поставуваат јасни граници на однесување. Овој родителски стил ги поттикнува позитивните форми на однесување кај децата;
- ***Авторитарното родителство*** – родители каде што имаат ниско ниво на топлина, а високо ниво на контрола. Родителите поставуваат високи барања, и за истото не даваат никакви образложенија. Доминира и ја користат силата

и авторитетотво односот на нивните деца, лутењето и незадоволството се чести во родителското однесување кон детето;

- ***Попустливо родителство*** – се родители каде што има високо ниво на топлина, а ниско ниво на контрола. Родители се многу чувствителни и емоционално топли кон детето, кај нив нема јасно дефинирани правилата и ограничувањата. Децата на овие родители изразуваат незрелост и импулсивност;
- ***Рамнодушно родителство или незаинтересирани родители*** – се родители со ниско ниво на топлина и контрола. Рамнодушните родители не само што не се заинтересирани и не се грижат, и не го ограничуваат своето дете, туку и не му покажуваат емоционалност и топлина. Затоа децата на овие родители не покажуваат адекватно однесување во заедницата, и истите се често незадоволни (Vidovich, 2003).

Самите воспитни стилови на родители директно влијаат врз однесувањето и развојот на нивните деца, во зависност од тоа кој воспитен стил го применуваат родителите, се формира и однесувањето на децата, различните аспекти на родителско воспитување се клучни за ризичните фактори за деликвентно однесување, семејната атмосфера исто така влијае врз однесувањето на децата, семејните нарушени односи, нефункционалното-дисфункционалното семејство, семејното насилство исто влијаат врз формирањето на однесувањето. Ризичните фактори во семејството се поврзани со дезорганизација, родителски конфликти, сиромаштија, насилство, малтретирање, употреба на алкохол и дрога, нарушена психичка состојба на родителите, низок степен на образование и слично.

Семејните фактори кои влијаат врз однесувањето на децата можат да се разложат и на: родителски криминал, лоши односи во семејството, родителски односи кои тежнеат кон употреба на дрога и насилство, малтретирање на децата, одвоеност на родителот и неговото дете, и мало ангажирање - посветеност на родителите.

Семејните ризични фактори можат да бидат и:

- **Семејната историја** - каде детето е сведок на проблемите на однесување на родителите или браќата/сестрите;

- **Слаба социјализација** - неможност детето да се научи на главните вештини како социјалните, животните;
- **Лошо надгледување на детето** - недостаток од родителско следење и надгледување од брат/сестра;
- **Лоша дисциплина** - попустливи, прекумерни, нереални очекувања од детето, строги казни;
- **Лоши односи меѓу родителот и детето** - одбивање на детето од родителот или загуба на лицето кое се грижело за него, недостаток од родителска поврзаност;
- **Прекумерни семејни конфликти** - вербална, физичка или сексуална злоупотреба;
- **Неорганизираност на семејството** - стрес заради лоши односи во семејството или сиромаштија;
- **Лоша ментална состојба на родителите** - депресија, нервоза или раздразливост;
- **Семејна изолација** - недостаток на контакти со блиската фамилија и со заедницата;
- **Диференцијална семејна модернизација** - родителите губат контрола врз децата, бидејќи се понеобразовани од нив;
- **Сиромаштија на семејството** - економска загуба и структурални недостатоци може да влијае врз семејните односи, бидејќи се намалува способноста на родителот да обезбеди конзистентно и посветено воспитување на детето (Димитријоска, 2009).

Кога зборуваме за тоа дека најпрво родителите се тие кои што треба да го научат, воспитаат и дисциплинираат своето дете, многу често не сме сфатени за вистинското значење на дисциплинираноста, веднаш се мисли на казнување. Дисциплината и казнувањето не се една иста работа, дисциплината не се добива преку казнување, уцена и ќотек. На секое дете му е потребна дисциплина за да се чувствува безбедно и сигурно додека учи за себе си и за светот кој е околу него. Успешната дисциплина најмногу зависи од добро поставените односи помеѓу родителите и детето, и се гради врз желбата на детето да ги

задоволи родителите, успешната дисциплина вклучува разбирање на правилата и што се случува ако правилата се прекршат.

Дисциплината претставува одредена активност или неактивност која е регулирана да биде во согласност со одреден систем на управување. Се се применува за регулирање на однесувањето на човекот и животните таа се применува на секоја дејност на организирана активност, знаење и други сфери на секојдневниот живот. Дисциплината може да биде збир на очекувања што ги бара секоја установа или заедницата, очекувања кои ги бара од поединецот. Дисциплината е морална обврска кај многу групи луѓе. Дисциплинирано однесување е потребно да се предвиди со некои закони и други законски обврски [4].

Родителите често употребуваат и физичко казнување за своите деца, не размислувајќи, а можеби и несвесни за последиците. Успешната дисциплина може да се постигне и без употреба на физичко казнување - ќотек. Физичкото казнување предизвикува болка заради запирање на однесувањето, физичкото казнување не пренесува порака на грижа или почитување на детето. Физичкото казнување е она кое ги учи и му дава до знаење на децата дека насилството може да биде прифатливо средство за решавање на проблемите, удирањето на детето не го учи на прифатлив начин на однесување, тоа може да резултира во повторување на лошото однесување.

Дисциплина заснована на казна е многу дискутабилна и често дискутирана во општеството. Овој така наречен вид на дисциплина може да се фокусира на шлаканица, камшикување, лишување или удирање со некој предмет користејќи од благи до екстремни степени на сила. Општата цел на овој начин на дисциплинирање е да се поттикне разбирање на последиците и чувствување на истите од страна на субјектот кон кого е насочена истата. Казната може да се искористи за непосредно почитување бидејќи делува како потсетник за сторителите дека има последици врз нивните постапки, особено кога станува збор за кршење на законот. Главна цел е да се одвратат сторителите од извршување на некое дело[5].

Во овој модерен и напреден свет родителите мислат дека со давање на своето дете добар џепарлак, истото е пристојно облечено и има добар телефон му дале насоки за добар

[4] Grote, Dick (2006) The Birth of Discipline Without Punishment
[5] Wick, Douglas A (2011) Discipline Rituals – What We Resist Persists

изглед и се задоволени во целост неговите потреби. Но овде силно свети еден алам кој тие треба да се потрудат за да го видат, а тоа е потребата од љубов и внимание. Доколку барем малку повеќе време родителите поминуваат со своите деца, комуницираат отворено за секој можен проблем, ако се обрнуваат внимание на однесувањето кон децата и односот на самото дете, му дадат значајност на своето дете, секогаш се тука за него, го поддржуваат, се исполнети со љубов, му даваат емоционална топлина, му укажуваат на тоа што е добро, а што лошо, што чини и што нечини, поставаат семејни правила кон кои ќе се придржуваат и јасно ќе ги објаснат нивните значења со кои детето ќе ги почитува и исполнува истите.

Сериозни конфликти меѓу родителите може да предизвикаат многубројни проблеми во однесувањето и друштвениот развој кај децата, тие може да станат вознемирени, нервозни, наметливи, агресивни или непослушни, може да имаат проблеми со спиењето, со концентрацијата и учењето како и проблеми во односите со своите другари. При конфликти и расправи помеѓу родителите децата се оние најповредените од ситуацијата, затоа што тие често сметаат дека тие се виновни за ситуацијата.

Доколку родителите имаат некој нарушен однос меѓусебе, стручните работници им се препорачува: -децата да не бидат сведоци на нивните расправии – да избегнуваат да се караат пред своите деца, - да не ги ставаат децата во ситуација да чувствуваат дека треба да се определат за една страна (да бираат родител), - да избегнуваат да ги користите децата како начин да го присилите вашиот партнер да се согласи со вас, - да определите како ќе дискутирате за разликите, и како ќе го решете конфликтот смирено, - да бидете јасни со децата дека не ги обвинувате за расправии, - да ги уверувате децата дека ги сакате и дека ќе ги решите проблемите, - најдете време да ги слушнете и прифатите чувствата и грижите на децата во врска со расправиите, - почитувајте ги разликите во мислењата помеѓу вас и вашиот партнер затоа што неможе секогаш да се согласувате, - имајте волја да соработувате како родители иако не се согласувате комплетно во се, - побарајте професионална помош ако сериозноста на конфликтот негативно се одразува на децата и вашите односи.

Последиците од негативните влијанија, и оние деца кои се директно изложени на физичко насилство, води кон емоционални и психолошки проблеми, кои придонесуваат понатаму за социјални тешкотии. Девојчињата се повеќе се склони кон депресија, повлеченост и вознемиреност, додека кај момчињата се забележува агресија, малтретирање

на други деца, лажење и мамење и тепачки. Присуството на било какво насилство (физичко, психичко, економско, сексуално) во домот им оневозможува на децата да изградат добри врски со родителите и често чувствуваат срам, се обвинуваат себеси, се чувствуваат слабо и безпомошно, се плашат да не бидат напуштени. Овие деца не се во можност да засноваат однос на доверба, започнуваат да лажат за да избегнат конфликт, се пројавуваат знаци на депресија, се повлекуваат и стануваат многу тајинствени, избегнуваат теми поврзани со своето семејството, се срамат и избегнуваат да носат другари во својот дом за да не ја увидат нарушената атмосфера (непријатна атмосфера) во семејството. Исто така децата може да започнат и со губење на врските со другите околу нив, сами се лишуваат од поддршката кои можат да ја примат од околината, побавно созреваат, развиваат чувство на срам, стануваат плашливи и збунети, се јавува и бес кој неможе да се исконтролира.

Деца кои секојдневно се сведоци на конфликтите на своите родители и непријатната атмосфера во домот имаат проблеми не само за време на созревањето и бавноста на тој процес, туку и со понатамошно интензивно присуство на симптоми на анксиозност и депресија кои вообичаено ќе сакаат да ги решаваат со конзумирање на алкохол и дрога, влегување од еден во друг социјален ризик.

Стручните работници ги советуваат родителите повеќе време да поминуваат со своите деца, пријателски да се однесуваат кон нив и нивните другари, со тоа повеќе ќе имаат увид со кого се дружат, каде одат, што прават, ќе го следат нивното однесување и промени, да соработуват со наставниците, да црпат редовно информации за успехот и активноста на детето, неговото однесување во училиште, сето ова на родителот ќе му донесе доближување до неговото дете и градење на пријателски однос. Во случај родителите обратно да постапуваат од тоа, тогаш децата се повеќе оддалечени од нив, ќе живеат во свој замислен свет, нема да ја имаат близината, слободната комуникација со родителот недостасува, авторитетот на родителот ќе избледи и ќе ценат дека што и да прават нема важност и постапуваат онака како што во моментот процениле, ќе манифестираат агресивно и недолично однесување, момчињата стануваат деликвенти, конзумираат алкохол и дрога, додека девојчињата исто така се агресивни со недолично однесување, конзумираат алкохол и дрога, несоодветно се облекуваат, со тоа се изложени на ризици, од сексуално насилство, проституција, не се доволно информирани за сексот и последиците од тоа, а се повеќе

стапуваат во сексуални односи со различни партнери, често забременуваат, некои посегнуваат кон абортус, а други стануваат млади малолетни мајки и се соочуваат со проблеми, други поради многубројните партнери не ни знаат кој е таткото на детето, а тоа укажува на влегување од еден во друг ризик.

При развојот на детето и градењето на неговата личност на децата им се потребни граници (ограничувања), им требаат безбедни огради во рамките на кои ќе прават избор, ќе имаат одговорност и ќе доживуваат успех, а ограничувањата мора да бидат јасни и постојани. Потребно е постојано потсетување на децата за правилата и границите кои треба да ги следат и почитуваат. Доколку се прекршувани правилата, последици би требало да се случат веднаш и да се кратки за да не го изгубат значењето, да се во врска со одредениот проблем, секогаш треба да се безбедни и да го почитуваат детето.

Секое дете се разликува едно од друго, бара различен пристап од своите родители, пристапот кој е еднаш применет нема да делува цело време затоа е потребна менливост, креативност, родителскиот пристап мора да расте и да се менува во согласност со возраста, можностите и потребите на самото дете.

#### 3.2.2.3. Односот со групата врсници

Еден од факторите на кој исто така се обрнува внимание при поценката е и друштвото или групата на врсници. Оние деца кои се со деликвентно однесување, неорганизирано го поминуваат слободното време и се изложени на негативни влијанија кои придонесуваат за таквото однесување.

Во периодот на адолесценција врсниците стануваат се позначајни, адолесцентите поголемиот дел од времето го поминуваат заедно со своите врсниците, за време на училиште но и во слободното време, најмногу за да си разговараат, помеѓу нив оние вистинските пријатели си ги споделуваат чувствата, си помагаат и се почитуваат, се засноваат врз довербата со цел да се чува довере点 тајна, имаат исти сфаќања и погледи кон светот, ги искажуваат сите свои мисли, ставови, проблеми, недоразбирања со

родителите. Децата имаат по отворена комуникација со своите врсници, одколку со своите родители, затоа што тие очекуваат и знаат дека ќе бидат сфатени и поддржани од страна на своите врсници - пријателите, но се сомневаат што ќе добијат од страна на своите родители.

Децата поголемиот дел од денот го поминуваат со врсниците-пријателите, на училиште, после училиште и низ прошетки. Интеракцијата на детето со своите врсници, за разлика од онаа со возрасните се карактеризира со многу поглема рамноправност и реципрочност, затоа што има постоење и на повеќе непосредни можности за манифестирање на просоцијалното однесување, врсниците претставуваат моќни модели при учењето на одделни просоцијални постапки, неприфатливите постапки може да премине во прифатлив начин на однесување на детето и добар модел.

Пријателството во адолесценцијата се воспоставува помеѓу адолесценти кои се со слично или исто социјално потекло, интереси и карактеристики на личноста. Пријателите се бираат особено од истото училиште и култура, но имаат и слични избори во поглед на облеката, музиката, вонучилишните активности. Значењето на пријателството е во можноста да се споделуваат размислувања и интимните доживувања, на својата вознемиреност, сомнеж и сентименти. Интимноста, отвореноста и довербата кои се вплеткани во пријателските врснички врски се замена на празнината што се создава поради одвојување од родителите. Пријателствата во адолесценцијата се трајни, стабилни и блиски, а разговорите и поддршката овозможуваат да се намалат напнатостите и стресовите кај младите. Способноста да се стави во туѓо гледиште овозможува адолесцентот подобро да ги разбере мислите и чувствата на другите (Мурџева-Шкариќ, 2009).

Кога зборуваме за структурата на групата врсници разликуваме постоење на клик и банди. Доколку детето - адолесцентот другарува со потесен круг од четири или пак шест врсници, или два или три пара на пријатели, оваа дружина е наречена клик, додека пак банда или клапа е доколку другарува со една поширока дружина од две или четири тајфи, наречени друштво. Во почетокот на пубертетот тајфите и друштвата се хомогени по половата структура или само машки или само женски, потоа за некоја година влегуваат и машки и женски пријателски парови, па така и друштвата стануваат хетерогени по половата структура, па на крајот од адолесценцијата во друштвата се формираат и парови. Се вели дека тајфата претставува ексклузивна група, членовите во неа се многу блиски, имаат

многубројни заеднички вредности, поголемиот дел од времето го поминуваат заедно во различни активности, излегувања, запознавања и разговарања. За разлика од тајфата  во друштвата односите не им се толку блиски, но затоа пак тие се разновидни и овозможуваат добра забава. Во друштвата членуваат деца со различни карактеристики по себе, деца кои се со различно образование и различни професии, различни интереси, еконосмки состојби, различни задолженија и одговорности, доаѓаат од различни семејства. Сите овие разлики треба да бидат прифатени, сфатени  и почитувани, затоа што  токму ова е тоа што ги поврзува и социјализира младите.

Многу често ученици манифестираат негативно однесување поради притисокот од своите врсници во училиштето или во потесната околина. Во вакви случаи постои врска лидер – следбеник (послушник) помеѓу учениците -  врсниците во групите. Послушникот го развива чувството на заедништво и послушност само за да не бидат исклучени од групата. Ученикот може да биде под влијание на неговата врсничка група што се манифестира негативно однесување, да ги следи пријателите како манифестираат лошо однесување и да започне и тој да се однесува на истиот начин  за да докаже дека е ист како другите  и да  биде прифатен од нив. Психолозите по низа направени истражувања тврдат дека учениците чувствуваат слобода да манифестираат недостаток на дисциплина кога се со своите пријатели или во случаите кога  се под притисок од нив  да покажат неприфатливо однесување. Главни начини на функционирање во овие врснички групи се следните:

- лидерот смислува задачи;
- лидерот врши поделба на улогите;
- од секој член се очекува да ја изврши задачата;
- доколку не ја изврши задачата следува казна;
- казната може да биде навреда, потсмев или бркање од врсничката група[6].

За да едно дете стане деликвент покрај лошото друштво и групата со малолетни деликвенти играат важна улога и наглите социјални промени, социо-економскиот статус на семејството, загуба на еден или двата родители, како и нарушените односи во семејството.

[6] https://www.degruyter.com/downloadpdf/j/mjss.2018.9.issue-1/mjss-2018-0003/mjss-2018-0003.pdf

Покрај можноста да бидат изложени на девијантни појави, исто така се изложуваат и на социјални ризици, кои може да оставаат белег на детето.

### 3.2.2.4. Училиштето

Како што веќе ни е познато училиштето претставува вториот дом на едно дете. Училиштето ја претставува институцијата во која детето почнува да ги добива своите први знаења, способности и навики (целосни и систематски поставени). Училиштата како воспитно - образовни институции се грижат да создадат услови и можности за социјален и индивидуален развој на децата, соогласно со нивните возрасни карактеристики и предиспозиции, оспособувајќи ги за понатамошно образование и живот. На наставниците не се гледа само како на предавачи или пренесувачи на знаење, нивната улога не е само тоа, тие се сметаат и како втори родители, имаат важна улога во животот на децата, улога да ги оспособуваат учениците за понатамошно образование и живот. Наставникот согласно начинот на постапување и однесување е важен фактор во спречувањето и следењето на насилни однесувања меѓу учениците, како и промена на асоцијалните облици на однесување во просоцијални однесувања. Училиштето и одделението/одделенската паралелка се средината во која се одвива ученичката интеракција, тие влијаат на тоа во која форма и со кој интензитет ќе се случува однесувањето и каква моќ на влијание ќе имаат можните заштитни фактори и факторите на ризик врз едно дете.

Следејќи го современиот начин на живеење педагошката наука се обидува да поставува нови барања и цели кои се во согласност со современите општествени текови, се определува за модернизирање на воспитно-образовниот систем во целост, модернизирање на училиштето и наставата и промена на основните аспекти, од голема важност е училиштето правилно да ја остварува својата функција, да биде институција за целосно формирање и изградување на личноста на детето, адаптирана на неговите потреби.

Во педагошката практика и теорија се познати три стилови на однесување, однесување на наставникот кон личноста на ученикот и тоа:

- ***Авторитарни - хиерархиски односи,*** се односи во кои владее авторитет, наредбата и моќта од страна на наставникот, а послушност, потчинетост и подреденост од страна на ученикот. Наставникот е фиксиран во улога на субјект со еднонасочна комуникација, со улога на силно управување и владеење наместо со раководење, додека пак ученикот е фиксиран во улога на објект, потчинет, потиснат, несамостоен- недораснат, тој е оној кој активно слуша и прима а не дава, пасивно набљудување, примање и извршување;
- ***Демократски - соработнички односи*** се карактеризираат со заемна интеракција во која ученикот и наставникот се рамноправни субјекти, се признава автономија на ученикот согласно автономијата на наставникот, се почитува личноста на ученикот со почитување на неговите права, желби, потреби, планови, поттикнување и прифаќање на сѐ она што води кон создавање основа за здрава, способна и креативна личност. Има двонасочна комуникација со емоционална димензија, се гледа преку взаемно манифестирање на топли односи кои водат кон соработка, заедничко договарање и одлучување. Тоа не значи губење на авторитетот и раководна функција на наставникот, изразено самоволие на учениците и анархија, напротив тој го води наставниот процес хармонично, пред општеството тој е одговорен за успехот на учениците;
- ***Анархични - анархолибералистични односи*** или рамнодушно однесување се карактеризира со тоа што наставникот не е заинтересиран за работата на ученикот, тој пасивно ја набљудува, на учениците им дозволува слободно да одлучуваат и да прават се што тие сакаат. Помеѓу нив не постои никаква соработка ниту договор, во една ваква атмосфера тешко може да се реализираат целите и задачите на наставата.

Многу често учениците не го прифаќаат авторитетот на наставниците, но и професорите изјавуваат дека честопати кога се премногу љубезни кон учениците, тие прават злоупотреба на нивното однесување и манифестираат недостаток на дисциплина. Исто така, се случува и кога наставниците покажуваат непочитување на авторитетот, учениците да не ги почитуваат. Во случаите кога наставниците разговараат со учениците

без почит, манифестираат однесување како што е да не ги донесат своите книги на училиште, да бегаат од часови, да одат во просторијата за одмор преправајќи се дека тие се болни и наоѓаат изговори да не ја следат наставата. Наставниците во средните училишта изјавуваат дека често се чувствуваат понижени и тие тврдат дека постојано се омаловажуваат од страна на учениците, а во некои случаи и од родителите на тие деца. Друга причина за недостаток на дисциплина може да биде недоволната ангажираност на наставникот за управување со дисциплината. Голем број на родители истакнуваат дека наставниците се себични и им недостасува професионализам, ја игнорираат својата одговорност за однесувањето на ученикот и неговата дисциплина, а тоа создава вакум што ги охрабрува учениците да бидат вклучени во недолично однесување и да не ги почитуваат авторитетите во училиштето[7].

Често употребуван начин на дисциплинирање од страна на родителите и наставниците е тајм-аут начинот или форма. Тајм-аутот е форма на дисциплинорање со цел модификација на однесувањето што подразбира привремено одвојување на една личност од околина каде се случува неприфатливо однесување. Целта е таа личност навремено се отстрани од непријатното опкружување, со цел тоа да доведе до прекин на навредливото однесување. Тоа е едукативна и родителска техника што ја препорачуваат повеќето педијатри и психолози како ефикасна форма на дисциплина. Честопати е назначен агол или сличен простор каде лицето треба да застане или да седи за време на казната, особено популарна е во западните култури. Кога користат тајм-аут како стратегија за дисциплина, поединците исто така мора да го земат предвид темпераментот на детето. Доколку детето во некои случаи, има ладен темперамент или темперамент кој изразува емоции на многу интензивен начин, тогаш дисциплинските стратегии за користење на тајм-аут ќе бидат неефикасни заради судирот на дисциплинската стратегија со особината на темпераментот на детето[8].

Проблемите поврзани со училиштето се чести во сите возрасти на детето, но се најистакнати во периодот на адолесценција претставени како фобија од училиштето,

---

[7] https://www.degruyter.com/downloadpdf/j/mjss.2018.9.issue-1/mjss-2018-0003/mjss-2018-0003.pdf

[8] R. Straus (2006) People Who Changed Childhood

отсуство од часовите и напуштање на училиштето, незадоволителниот успех , проблеми во учењето како и проблеми врзани за однесувањето во училиштето, проблеми поврзани со развојните периоди, проблеми од секојдневието.

Учениците кои отсуствуваат од часовите или го напуштаат училиштето, тоа го прават сосема свесно, на тоа најчесто му претходат незадоволителниот училишен успех и различните облици на ризично однесување: злоупотреба на алкохолот и дрогата, бегање од дома, вклучување во банди и насилство, овие деца имаат неизградени работни навики и вештини, недостаток на мотивација, проблеми во семејството или со врсниците, емоционални и психолошки проблеми, проблеми во учењето, пореметување на вниманието и хиперактивност, и друго.

Дисциплината е една од најзначајните области на загриженост во наставата за наставниците, се однесува на редот што е неопходен во училницата со цел учениците да учат ефикасно и се почитуваат меѓусебно. Наставниците многу често се среќаваат со промлеми при спроведување на образовниот процес и тоа најчесто се:

- невнимание;
- смеење;
- кинење на образовниот материјал;
- шепотење;
- имитирање на наставникот;
- шеги;
- попречување на образовниот процес;
- зборување;
- не извршување на домашните задачи;
- непочитување на наставникот;
- создавање проблеми за време на паузата меѓу часовите;
- пуштање звуци кои ќе создадат проблем со слушањето на содржината која се предава;
- уништување на матерјалот потребен за настава на другите ученици во класот;
- упатување навредливи зборови кон наставникот и другите ученици и слично.

Овие проблеми може да се сметаат за помалку сериозни проблеми во однесувањето и со малку поголем напор од професорот може да се решат и да се воведи нормален ред и дисциплина во училиштето. Но сепак покрај овие проблеми кои се од помало значење сепак за време на образовниот процес постојат посериозни проблеми, за кои решението на овие прблеми не зависи само од училишниот персонал , потребна е соодветна помош и од страна на родителите и семејството и од страна на соодветна психолошка помош од стручни лица. Тие посеризни проблеми се познати како:

- мамење – лажење;
- крадење;
- викање;
- уништување на училишен имот;
- вандализам;
- непочитување на правилата и прописите на училиштата;
- тепачки за време на настава;
- физички напади;
- малтретирање;
- исмевање на врсниците;
- уцена;
- физички напад врз професор;
- користење на психотропни супстанции;
- присилување на другите ученици во класот за вршење на одредени активности;
- користење на ладно оружје;
- користење на огнено оружје во училницата и училишниот двор и слично[9].

Зависно од тоа како детето се адаптирало и ја прифатило училишната средина, изградило врска со својот наставник и своите соученици, целосната клима во училиштето дава еден допринос при развојот на личноста на детето и манифестацијата на неговото однесување во иднина.

---

[9] Kher, N. Lacina-Gifford, L.J. Yandell, Sonya (200) Preservice Teachers' Knowledge of Effective Classroom Management Strategies

### 3.2.2.5. Средината

Зависно од фазите на развој кај детето неговите потреби се различни. Во случај да околината не одговори на неговите потреби го злоупотребува и директно и негативно влијае на неговиот развој, некои истражувања покажуваат дека децата кои се развивале во средини каде што биле задоволени нивните биолошки потреби, а емоционалните не, во подоцнежниот живот развиваат бројни психички нарушувања, како што се несигурност, ниска самодоверба, агресија, овие наведени карактерискитe се негативна база за воспоставување односи со други личности.

Поради различниот начин на прифаќање, дејствување и однесување во средината децата можат да бидат отфрлени, игнорирани, навредувани, потсмевани и посрамотени, а сето тоа влијае врз развојот на личноста на детето и неговото однесување во околината. Влијанијата врз детето можат да бидат и отфрлање на неговата потреба за психолошка, медицинска и емоционална помош, омаловажување и потсмевање, критика и повредување, спречување на автономниот развој на детето, оневозможување на развојот за поврзување со други личности, одбивање и исмејување на идеите на детето, одбивање на детето со подсмев и нагласување дека е незрело, именување на детето со погрдни зборови, поставување на детето на потчинета позиција, постојано споредување до друго дете, континуирано третирање на адолесцентот како мало дете, потчинување на потребите на детето со потребите на возрасните.

Децата многу често се и игнорирани во средината, игнорирањето представува неодговарање или задоцнето одговарање на неговите потреби, недостаток на помош кога е таа е нужна за детето и неговиот развој, неучество во процесот на социјализација и на тој начин го оневозможува развојот на социјалниот процес кај детето. Веќе ни е познато дека детето покрај психички има потреба и од социјален развој. Во одредени фази од својот развојот детето сака и треба да контактира и комуницира со својата околина, врсниците и други возрасни личности, а не само со членовите од своето потесното семејство, за да може да се изгради во личност која ќе може да придонесува за доброто на своето општество.

Родителите и наставниците често го срамотат детето пред врсниците со различни забелешки и критики како што се: никогаш нема да бидеш како твојот брат или твојата

сестра, зошто баш јас морам да имам вакво дете и слично, додека пак наставниците го критикуваат  детето пред целото одделение, тие му даваат негативни забелешки, го казнуваат пред целото одделение, како пример за другите. Тоа не се случувало само во некои училишта или во некое време, туку тоа се случува и ден денес, наставниците ги праќаат да седат учениците на т.н. магарешка клупа или во ќош за да го казнат, а притоа ги заборавaат основните работи кои ги учеле.

Наставниците заборавиле дека детето треба да го охрабруваат со пофалби и дека тие се модел за идентификација на децата на одделението и дали детето ќе биде прифатено или отфрлено од одделенскиот колектив зависи од ставовите и однесувањето на наставникот. Горенаведениот начин на однесување кај децата развиваа една негативна слика за себе, станувaат автоагресивни, се повлекуваат во себе, немаат свои пријатели, не знаат да ја примат позитивната повратна реакција, тие се веќе етикетирани и неприфатени, и може да ги доведе до развивање на депресија па во некои  случаи и самоубиство.

Социјално-патолошки појави кај детето во периодот на адолесценција се најизразени и се наоѓаат и пред криминалитетот и останатите видови на престапништва. Се изразени  во толкава мера кај малолетничката популација, што имаат обележја на болест поврзана за младоста, особено кога станува збор за алкохолизам, наркоманија или проституција. Влијанието на алкохолот и наркотиците врз здравјето на младите е значително поизразено, за разлика од возрасните, медицината утврдила дека организмот на младите е почувствителен на овие средства и дека тие директно се одразуваат на нивното здравје. Покрај нарушувања во метаболизмот и нервниот систем, последиците се видливи и со слабата концентрација, нарушување во мислењето и низа други нарушувања што се одразуваат на карактерот на детето. Кога организмот е под дејство на алкохол и наркотици ги доведува децата до недоволна самоконтрола и навика, што девијантното однесување го претвора во „нормално“ и секојдневно.

Поблемот на наркоманијата кај младите не е само во болеста, туку и во тоа што таа има непосредно лоши последици кај личноста, додека алкохолизмот постепено зазема размери на епидемија. Слична е и ситуацијата со останатите социјално патолошки појави. Податоците за распространетост на простуцијата покажуваат дека со најтешкиот облик на проституција (уличната) се занимаваат претежно девојки.

Гледајќи ја општата слика на заедницата нештата изгледаат преголеми и еднакви за сите, но со процена и разработување на секој дел посебно се среќаваме со едни комплексни работи кои и тоа како различно влијаат на секого.

### 3.2.3. Инструменти и техники за проценка на ризик од срана на стручниот тим за работа со деца во судир со законот

При самата фаза или чекор на процена при работата стручните работници согласно сите законски и подзаконски регулативи, стандарди и процедури, како и протоколи и правилници за постапување, користат - применуваат техники и инструменти преку кои доаѓаат до вистинската слика за детето вклучувајќи го и неговото семејство.

Во фазата на проценка се користат мултиметодки пристапи кои опфаќаат натуралистички методи, пропишани дополнителни документи и психотехнички средства што мора да бидат културно прилагодени и чија употреба мора да биде психометриски проверена :

- Интервју и набљудување;
- Скали, прашалници и техники;
- Тестови и техники за индивидуална процена (Žegarac, Ignjatović, 2010).

Овие техники му помагаат на стручниот работник и кон полесно решавање на проблемот. Инструменти - техники со кои најчесто се среќаваат во работата на стручните тимови се следните:

- **Прашалник за сили и тешкотии** - прашалникот на сили и потреби **The Stenghts and Difficulties Questionare – SDQ** – е наменет за да може да се направи преглед на емоционалните и бихејвиоралните проблеми кај децата. Области кои ги проценува овој прашалник се сили и потреби, емоционална состојба и однесување, социјални односи на деца и млади. Оваа техника е применета од страна на психологот во тимот.
- **Дијаграм на секвенци на однесување** - оваа техника овозможува графичко претставување на секвенци кои претходат и следат по проблематично

однесување. Циркуларниот начин на претставување на секвенците на однесување овозможува стручниот тим да увиди како проблемот е прецизно претставен на делови, а со тоа има подетален увид во областите на проблемот и полесно и побрзо делува. Области кои ги проценува овој дијаграм се семејната динамика и влијанието на проблематичното однесување врз семејниот систем. Се применува во одредени случаи од страна на социјалниот работник и психологот во тимот.

- **Скала на семејни активности** – скалата е наменета да го процени квалитетот на односите родител - дете, односно да го идентификува дијаметарот на заедничките семејни активности насочени кон детето. Области кои ги проценува оваа скала се семејното функционирање, односи и интеракција на релација родител-дете. Оваа техника се применува од страна на педагогот во тимот.
- **Мапа на социјална мрежа** – техника која е наменета за означување на социјалната мрежа на детето, како важен заштитен и поддржувачки фактор при совладување на секојдневните животни задачи и низ стресните животни ситуации во семејството. Оваа техника се применува од страна на социјалниот работник и психологот во тимот.
- **Културограм** – техника за визуелно презентирање на различните аспекти на животот на децата и семејството.Оваа техника комбинирана е со еко-мапа и генограм. Оваа техника се применува од страна на социјалниот работник во тимот.
- **Скала за проценка на емоционалната состојба на адолесцентот** – скалата е наменета за адолесценти од 11 години до 16 години и овозможува увид и разбирање за тоа како адолесцентот се чуствува во врска со својот живот. Области кои ги проценува оваа скала се емоционалната состојба и однесување на адолесцентите и социјалните односи кај младите. Оваа техника се применува од страна на психологот во тимот.
- **Конерсова скратена скала за проценка** – скала за брза проценка на ризикот за присуство на хиперактивност и пореметување на вниманието кај деца од 13 години до 17 години. Области кои ги проценува оваа скала се деца во

судир со законот, проценка на хиперактивност и пореметување на вниманието. Оваа техника се применува од страна на психологот во тимот.

- **Прашалник за родителски надзор** - наменет е за проценка на ефикасноста на родителскиот надзор врз однесувањето на детето. Се користи и за проценка на ризикот кај децата кои се во судир со Законот. Области кои ги проценува овој прашалник се односот дете родител, деца во судир со поширокта социјална средина. Оваа техника се применува од страна на психологот и педагогот во тимот.
- **Скала на секојдневни потешкотии на родителите** - наменета за проценка на фрекфенцијата и интензитетот на родителското искуство кое може да е извор на потешкотии при одгледување на децата. Области кои ги проценува оваа скала се безбедност од ризици на занемарување или злоставување на децата од страна на родителите и увид во релацијата родител-дете. Оваа техника се применува од страна на психологот и педагогот во тимот.
- **Прашалник за неодамнешни настани** – наменет е да процени присуство на настани кои биле присутни во последната година во семејството на детето. Области кои ги проценува се семејно функционирање и кризни настани. Оваа техника се применува од страна на социјалниот работник и психологот во тимот.
- **Временска линија** – се користи за бележење на значајни настани во животот на детето, помага при одредување на настанување на проблемот – времето кога се појавил проблемот и што се случувало, но и пред и по појавување на проблемот. Области кои ги проценува семејна или лична историја на функционирање, семејни и лични сили и стратегија на снаодливост. Оваа техника се применува од страна на психологот во тимот.
- **Прашалник за агресивност А-87** од Жужил кој служи за проценување на агресивното однесување во провоцирачки ситуации. Оваа техника се применува од страна на психологот во тимот.
- **Скала за проценување на состојбата на срам и вина** (SSGS – STATE SHAME AND GUILT SCALE – SSGS) - скала на самопроценка на чувствата

за срам, вина и гордост. Оваа техника се применува од страна на психологот во тимот.

- **Записник од увид во домот** – техника или документ во кој се запишува констатираната фактичка состојба од страна на стручните работници при увидот во семејството за условите во кои живее семејството и моменталната ситуација во домот. Оваа техника се применува од страна на социјалниот работник придружуван со друг профил од тимот.
- **Скала на станбени услови** – е техника која се пололнува при извршување на увидот во домот на корисникот и оди во комбинација со записникот од увид во домот. Оваа техника се применува од страна на социјалниот работник во тимот[10].

Постапувањата, односно работата и начинот на работа во Центрите за социјална работа треба да расте и се менува, треба да се менува и начиниот на работа на стручните тимови во Центрите за социјална работа, со текот на времето адаптирано – соодветно на дадената променета состојба, секое надоградување на стручните работници во центрите носи и поголем успех во решавањето на проблемите со кои секојдневно работат. Воведувањето на новиот начин на работа на стручнит работници во центрите, интегрираното водење на случаи покажува дека е позитивна промената во работата, а начинот на работа и процената на состојбата се полесни. И понатаму треба стручните работници да посетуваат семинари и обуки, не само заради стекнување на нови знаења туку и размена на искуства со колеги од другите центри низ државата.

Во однос на обуките и семинарите има движење, но во однос на условите за работа во центрите стручните работници се во застој, темна канцеларија, условите во кои што работат не се услови за работа со дете и негова проценка, но исто така и со ваквите услови во кои работат нема заштита на личноста на детето и негова стигматизација. Но сепак стручните работници даваат се од себе за да навремено помогнат и ги задоволат потребите на своите корисници.

Како што веќе и споменав дека при постапувањето, тековно додека трае фазата на проценка, собирањето на податоците за детето и неговото семејство, започнуваат да се

[10] ЈУЗавод за социјални дејности (2009) Збирка на стручни документи.

применуваат инструменти и техники за процена стручниот работник започнува со работа, и се пополнува **Лист на проценка**[11] од страна на водителот на случај, а сите други стручни работници вклучени во дадениот случај и водителот на случај по примената на техники изготвуваат Наод и мислење од стручен работник, зависно од кој профил се, секој во својата област.

**Лист на проценка** е документ – образец кој го пополнува водителот на случај согласно податоците и ризикот со кој што работи во зададениот случај.

При постапувањето се прави првичната поделба на проценката согласно овој документ - образец е поделбата на почетна проценка и продлабочена проценка, каде што првична проценка се прави согласно секое ново евидентирање на случај, додека продлабочена процена се прави доколку првичната проценка не била доволна за понатамошна работа на стручниот работник - добиените резулатати неможеле да ги задоволат барањата за постапување, лицето со кое што се работи – детето веќе било евидентирано во центарот, за него веќе има првична проценка, но согласно ново настанатата ситуација ќе се направи продлабочена проценка.

Образецот - лист на проценка има прв дел - дел каде што се пополнуваат **личните податоци за корисникот – детето** и се со следната содржина: име и презиме, датум и место на раѓање, единствен матичен број, државјанство, етничка припадност, тоа од какво семејство потекнува (дете од брачни- вонбрачни партнери, дете на разведени родители, доверено на кој родител или установа), дете со статус дете без родители и родителска грижа, детето со обезбедена или необезбедена семејна поддршка и слично. Во овој дел се евидентираат и податоците во однос на вклученоста на детето во воспитно - образовниот процес, дали редовно или вонредно посетува настава, активно или пасивно учествува во наставата, неговиот училишен успех и неговото поведение во училиштето. Исто така содржи информации за брачниот статус на корисникот – детето, негово занимање, како и работниот статус.

---

[11] Зружение на социјални работници на РМ, МТСП, (2019) Интегрирано водење на случаи, УНИЦЕФ -Стручен документ за постапување на стручните работници.

Следниот дел се однесува за податоци за **членовите на семејството /домаќинството** – членовите на неговото семејство поединечно, лични податоци на членовите, сродство со нив, нивниот степен на образование, нивното занимање и работен статус. Потоа следи делот за **податоци за органите, организациите, институции или други стручни работници** кои има потреба да се вклучат во проценката и постапувањето на центарот за овој корисник – детето, а тоа се најчесто Министерство за внатрешни работи - надлежната полициска станица, Агенција за вработување – надлежниот центар за вработување, училиштето, здраствената установа, Јавно обвинителство, невладина организација или некој друг расположлив ресур достапен во општината.

Самата проценка пред да биде изготвена има основ за кој што се изготвува, па така во делот за **основ за проценка**, стручните работници во овој дел наведуваат за тоа што се случувало, дали детето и родителот имаат веќе превземено нешто за да се реши проблемот направиле обид за промена, дали некоја институција веќе има отпочнато со постапување согласно овој проблем, дали се има расположливи ресурси кои ќе се користат, кои се очекувањата на корисникот – детето, дали има желба за промена и слично.

Следниот дел е делот за **опис и проценка на состојбата, функционирање и потребите на корисникот**, всушност ова е делот каде што стручните работници ја опишуваат целосната фактичка сосотојба, задоволувањето на потребите на детето во однос на здраствени и образовни потреби, емоционална состојба и негово однесување, социјални и емоционални односи, вештини кои ги поседува, активности кои секојдневно ги прави и друго. Во образецот има важен дел како што е **опис и проценка на раниот развој на корисникот**, односно се опишува и проценува раниот развој на детето, значајни случувања во текот на неговиот живот (миграции, губитоци на членови од семејсвото, разделби, хоспитализации – лекувања, доживеал некој социјален ризик или бил во судир со законот и слично). Исто така во делот на проценка важна улога има и **влијанието на семејството и средината**, дел каде што стручните работници опишуваат за семејната историја и начинот на кој функционира семејството, а исто така и за поддршката од поширокото семејство, ризици на кои е изложено семејството и како се справува со истите. Се проценува и во однос на социјалната поддршка, социјалната интеграција на детето и семејството.

Последниот или сумарниот најзначаен дел е **заклучокот,** кој е добиен од сето она горенаведено. Заклучокот ги содржи сите посебни состојби кои ги има корисникот – детето, исходот од превземените мерки, услуги и права кои ги користел, потенцијалите кои ги поседува самата личност, потенцијални ризици кои што можат да се јават, и потребата од натамошно постапување – интервенција.

По спроведените техники методи и остварената процена се изготвува наодот од стручни работници.

Содржината на **Наодот и мислењето на стручните работници** согласно сите законски и подзаконски регулативи, како и согласно стандардите и процедурите, протоколите и правилниците за постапување на стручните работници при центрите е со следната содржина:

- Сликата за детето - неговата личност;
- Неговото семејство;
- Условите во кои живее,
- Односите кои ги имаат детето со своите родители и семејството;
- Односот на детето со своите врсници – дали е вклучено во лошо друштво;
- Процена на ситуацијата во која се нашло и се наоѓа;
- Факторите кои влијаеле, а можеби и сеуште влијаат врз неговото однесување;
- Дали ваквото однесување се манифестира прв пат или истото се повторува (со колкав интензитет е истото и колку често, дали истото вклучува насилство, детето користи алкохол или дрога);
- Адаптираноста во училишната средина, успехот и поведението во училиштето;
- Адаптираноста во заедницата – дали е прифатено и каков однос има;
- Дали е свесно за тоа што го сторило, дали чуствува разбирање, вина и каење за истото, дали е севесн за последицте по истото и слично.

Сите овие погоре споменати податоци доведува до краен заклучок на сите стручни работници поединечно, но потоа сумирани и во Наод и мислење од стручен тим со заклучок во кој предлагаат соодветната мерка за изрекување на детето од страна на судот.

Во најголемиот број случаи судиите ја почитуваат предлог мерката од страна на стручниот тим од Ценатрот за социјална работа, сметаат дека тие направиле добра проценка и предложената мерка во целост одговара на потребите на детето.

По постапувањето од страна на судот истиот издава Решение во кое се изрекува мерка за дете во судир со законот и истиотото решение го проследува на надлежниот Центар за социјална работа за натамошно постапување- извршување преку надлежниот Центарот за социјални работи.

### 3.3. План - планирање активности

По приемот на решението од страна на надлежниот суд стручните работници од Центарот за социјална работа започнуваат стручна работа, планирање на активности, односно изготвување на План за индивидуална работа со корисник на социјална услуга во случајот со дете, се во интерес на детето согласно изречената мерка.

Согласно новите постапување на стручните работници од Центарот за социјална работа во интегрирано водење на случај по изготвувањето на проценатa во рок од 10 работни дена се изготвува планот за работа, но во овој случај е исклучок се постапува поинаку планот се изготвува согласно 30 дена[12].

Планирањето претставува сиситемски процес на идентификување на важните цели и на подготвување на активности и услуги кои треба да се превземат за да се излезе во пресрет на утрврдените цели. Целите кои се зацртани во процесот на планирање се поврзани со потребите на детето. Планирањето вклучува главна цел која се остварува преку поставените посеби цели и важни активности кои се преземааат за да се подготви индивидуален план на услуги и поддршка. Оштата или главната цел е всушност оној резултат кој што сакаме да се постине, различен е од моменталниот и истиот бара работа и промена. Општата цел се дефинира во контекст на благосостојбата и безбедноста на децата.

[12] Закон за правда за децата (Сл.Весник бр 148/2013)- определува рок од 30 дена за изработка на индивидуален план за работа со дете.

Посебната цел пак дефинира што треба да се направи за да се стигне до остварување на општата цел, во временски ограничен период.

Планирањето претставува најсложениот сегмент од процесот на нудење услуга и поддршка. Секој план е план за себе, затоа што услугите се утврдуваат согласно утврдените индивидуални потреби на корисникот, неговите потенцијали и ограничувања, неговото семејство и средината во која живее. Планот се адаптира во зависност од корисник до корисник, односно во случајот во зависност од детето, затоа што тој е носителот и работата и промената, достигнување на гавната цел е во негов интерес.

При изготвувањето на планот се става акцент на неколку важни елементи, согласно Интегрирано водење на случаи[13], како што се:

- **социјална услуга** - која и каква услуга користело детето или семејството во системот на социјална заштита;
- **цели и активности** - се дефинираат општа/ главна цел и посебни цели, и секоја посебна цел си има своја област за работа, очекувани резултати, активности и мерки, носители на активностите и мерките, рок и динамика на нивна реализација;
- **лица кои се значајни** за корисникот/ детето;
- **потенцијали** на корисникот/ детето (силни страни и можности) потенцијали на семејството и заедницата, односно се она што може семејството и заедницата како ресурс да го понуди.

Кога зборуваме за области за работа со корисник, се мисли на оние области во кои може да се најдат неговите потенцијали и истиот да биде активно вклучен, а тоа се: образование, знаење, спорт, стекнато искуство, некој талент кој го поседува, специфични вештини, мотивација и упорност, флексибилност, мрежа на поддршка и слично.

Корисникот има право да одлучува за сопствениот живот и работите кои се превземаат во насока на задоволување на неговите потреби, па затоа при изготвување на планот корисникот е директно вклучен.

[13] Зружение на социјални работници на РМ, МТСП, (2019) Интегрирано водење на случаи, УНИЦЕФ.

При правењето на идивидуалникот план водителот на случај[14], согласно интегрираното водење на случаи ги вклучува зависно од потребата:

- **стручните работници од стручниот тим при Ценатарот за социјална работа** (педагог, психолог, социјален работник и правник);
- **корисникот – детето;**
- **неговиот родител / старател** ( роднински згрижувач);
- **друг член од семејството;**
- **стручниот тим од училиштето;**
- **класниот- одделенскиот раководител;**
- **здраствена установа;**
- **дневен центар;**
- **и било која институција или ресурс** кој е во согласност со потребата на детето.

При планирањето сите овие личности и институции можат да бидат активно или пасивно вклучени, можат да бидат носители на некоја или неколку активности, но може и да нема потреба од нивно вклучување, се во зависност од потребата.

При поставувањето на целите стручниот работник планира остварување на резултат, а тоа укажува на правилно поставување на целите и добивање на очекуваните резулатати, а тоа го прават при користење на СМАРТ техника за поставување на целите:

- **S (specific)** – дали целите се специфични?
- **M (mearsurable)** –дали целите се мерливи?
- **A (achievable)** -дали целите можат да се достигнат?
- **R (realistic)** - дали целите се реални?
- **T (time-dramed)** – дали целите можат да се остварат во зададен рок? (Žegarac, 2010).

[14] Закон за социјалната заштита (Сл.Весник на РСМ, бр. 104 од 23.05.2019 година, чл.4).

Индивидуалниот план за работа или планот за третман како поим, опфаќа помош на личноста да развие сопствено чувство на општествена одговорност или тоа чувство повторно да го стекне доколку го изгубила. Чувството на општествена одговорност секоја индивидуа го добива со развојот и начинот на живот во сопствената средина, преку социјализацијата и стекнатите искуства во општествената заедница. Содржините на третманот се лоцирани на подрачјата на социјализацијата и ресоцијализацијата, надополнување на пропустите на личноста.

Центарот за социјална работа, има централно место во третманот на деца со деликвентно поведение, бидејки непосредно остварува најмногу од активностите во процесот на ресоцијализацијата, како во непосредната работа со децата и нивните семејства, така и со субјектите кои делуваат како агенси и фактори во процесот на ресоцијализација.

Стручниот тим остварува социјална, психолошка и педагошка работа со децата и семејставата преку третман за работа и истиот ги има следните начини на интервенција: психо-социјална интервенција, стручно советодавен и информативен разговор, упатување во советувалиште, подигање на личните капацитети на детето, развивање на комуникациски вештини, усвојување на морални вредности и норми, прифаќање на општествените вредности и препознавање на истите, зајакнување на родителските капацитети, директна работа со корисник и вклучување во активности преку локалната заедница, реинтеграција и ресоцијализација доколку се вратило од Воспитно поправен дом или Казнено поправна установа, советодавен третман со техники за поцена да не се најде повторно во иста или слична ситуација, лична организација на корисно минување на слободното време на детето, корисно минување на слободното време помеѓу родителот и детето, вклучување на детето во домашните активности на семејството и слично.

На децата и на младите им треба стабилна основа за развој на идентитет, односи со други, вредности и културна свест. Трајноста на планирањето започнува од претпоставка дека е позитивно за развој на децата и младите, самооценување значително искуство на идентитет и припадност, стабилност, континуитет на односите и начинот на живот (Fahlberg, 2012).

Стручните работници проценувајќи ги потребите и ризиците кои влијаеле на однесувањето на детето, планираат активности кои ќе доведат до позитивна поромена на

неговата состојба и неговото однесување и истите ги поставуваат во План за индивидуална работа со корисник кој потоа треба да се имплементира, а тоа е всушност третманот – фазата на имплементација на планот.

### 3.4. Третман – имплементација на планот

Третманот како општ поим, претпоставува план за работа со одредена личност, чија цел е насочување и развивање на нејзините позитивни особини, па според тоа третманот е процес на насочување и водење. Индивидуалниот третман, како поим, опфаќа помош на личноста да развие сопствено чувство на општествена одговорност или тоа чувство повторно да го стекне доколку го изгубила. Третманот е всушност имплементација на направениот план.

Имплментацијата на услугите од страна на водителот на случај и вклучените актери се применува преку директна или индиректна интервенција. Дирекната интервенција е насочена кон подобрување вештина и капацитет на корисникот за пристап до услугите и да ги користи, додека размислувате за комуникација, самоизразување и само-застапеност на корисниците. Индиректните интервенции се насочени за однесувањето на давателот на услугата, врска корисници со даватели на услуги, преговори, претставувајќи ги корисниците за прилагодување на услугите неговите потреби итн. (Moxley, 1989).

Центарот за социјална работа превзема менаџерска улога со цел да се искористат сите расположливи ресурси за задоволување на индивидуалните потреби на дете во ризик, кои произлегуваат од ризиците на кои тоа е изложено. Интервенцијата - остварувањето на планот преку давање на услуга е секогаш во корист и во име на детето во ризик или детето сторител на кривично дело.

Во основа третманот се лоцира на следниве подрачја:

- Работа со детето - **директен третман** или менување на личноста на детето; и
- Работата со детето во социјалната средина, институции и установи - **индиректен третман** или менување на средината и условите на живот.

Директниот третман е насочен кон промена на личноста на детето, треба директно да се влијае врз ставот на детето. Системот на вредности и емоции што има за цел подобрување на односот личноста на детето-средината, може да се претстави со помош на влијанието на тимските работници во директен третман со детето.

**стручен тим → дете → средина**

Директен третман - промена на однесување на детето, со цел да се зголеми учеството и вербата во можноста за промена во ситуацијата, насочување кон автономно решавање на проблемот, а притоа давајќи му информации за достапни ресурси. Детето се помага во исполнување на обврските планирани со индивидуален план за помош, грижа, надзор и заштита во исполнување на обврските во однос на оспособување, остручување и прекфалификување со планско користење на слободното време, а по потреба и лекување од зависност доколку ја има.

Целта на интервенцијата е да се засили детето во ризик или дете сторител на кривично дело, особено неговата одговорност за сваќање на смислата на животот, значењето и структурата на животот, доживување на работливоста, со цел да се оствари рехабилитација и реинтеграција во средината. Модел за развој на отпорноста кај детето отпорноста е резултат на интеракцијата меѓу различните фактори и даватели на услуги и се остварува преку: Задоволување на основните егзистенцијални потреби (храна, топол дом, соодветна здравствена заштита, да се заштити со мерките на социјална политика, со мерките на семејно правна заштита на детето, и со интервентните активности во социјалната работа), суштинско прифаќање (општествена мрежа, личности со кои детето е во постојан контакт или за него во некој момент имале важна улога), можноста да се открие смислата, значењето и структурата на животот (да одреди мали цели кои може да ги постигне, и да ги согледа неповолните животни околности како клучна точка во животот), делотворно соочување со стрес (мора да се превземе активност за да се промени моментално нарушениот однос со околината, било да треба да го менува сопственото однесување), пригода за придонес (да се знае што треба да се прави и да се биде мотивиран за тоа - извршување на социјални вештини за остварување цели).

Социјалниот работник може да превземе различни директни услужни улоги наменети за подобрување на капацитетите на детето за задоволување на потребите и за

подобрување на способноста да се биде автономен и независен. Социјалниот работник се јавува во улога на имплементатор, наставник/инструктор, водич/соработник, посредник на работите, информациски специјалист, подржувач.

Индиректен третман се однесува на промена на средината со која е опкружено детето, околностите и условите на средината кој што влијаат врз неговото неправилно и непродуктивно социјално функционирање а кои му го отежнуваат неговото задоволување на потребите. Третманот се однесува на смалување или елиминација на нервозите и притисоците на средината со кои детето е опкружено.

**стручен тим → средина → дете**

Оваа поделба, поаѓа од факторите на социјализацијата на личноста на децата и аналогно на тоа третманот го насочува кон секој од тие фактори поединечно, но и воедно кон нивното заемно дејство како агенси во одвивањето на овој процес. Методите на работа во извршувањето на воспитните мерки се така конципирани, да го опфаќаат како непосредното влијание на самото дете, така и посредното делување на детето преку (непосредно) делување на средината на детето (обезбедување на услови за правилен развој и воспитување и средување на приликите во семејството). Потребата од двата пристапи, нивната меѓусебна зависност и дијаликтичкото единство, не дозволуваат во пракса јасно да бидат разграничени (Димитријоска, 2012).

### 3.5. Мониоторинг – ревизија

Мониторинг е процес кој го остварува Центарот за социјална работа континуирано со третманот, процес преку кој се согледува дали се реализирани активностите од планот.

Мониторинг подразбира систематско и континуирано собирање податоци за курсот и динамиката на имплементација планирани активности (Žegarac, 2010).

Процес со кој се следат промените кај детето во однос на планираните активности со можност со промена на планираната активност или изречената мерка, се следат постигнатите резултати кај детето во ризик или дете сторител на кривично дело. Центарот за социјална работа им дава подршка на сите системи вклучени во интервенцијата притоа

водејќи континуирано бележење на остварените активности и движењето кон целта. Мониторингот при водењето на случај треба да обезбеди:

- **напредок, движење и доближување кон посакуваните резулатати**;
- **навремено согледување / споредување на планираното и реализираното;**
- **навремено откривање на ризици кои може да ја попречат реализацијата на планот; и**
- **констатација за повторен преглед на состојабата.**

Мониторингот се спроведува во однапред дефиниран временски интервал, и интензитетот и динамиката на следење зависат од специфичноста на потребите и ризикот во кој се нашло детето. Мониторингот или набљудувањето на имплементацијата на планот -третманот социјалните работници ја остваруваат на различни начини и тоа преку:

- **средби во Центрите за социјална работа;**
- **увиди во домот на корисникот** (планирана и ad hock посета)**;**
- **телефонски разговор;**
- **увид во училиштето** (ad hock посета)**;**
- **соработка со училиштето** (психолошко педагошката служба при училиштето и одделенскот/класниот раководител)**;**
- **соработка со дневен центар;**
- **здраствена установа;**
- **или друга установа која е вклучена како актер во планот.**

Мониорингот на планот се врши тековно. Согласно новото постапување на стручните работници со интегрираното водење на случај помеѓу фазите на мониторинг и евалуацаија е вметнат чекорот на **ревизија** или повторен преглед.

Процес кој укажува на нова проценка, дали поставениот план и понатаму е релевантен, и доколку има воочено некои недостатоци да се направи соодветна корекција. Во ревизијата или повторниот преглед учествуваат водителот на случај и стручните работници - членовите од тимот вклучени во планот, но во некои случаи и тимови од други институции, органинизации кои биле вклучени како актери во планот.

Ревизијата на планот може да биде:

- **Редовна - редовен повторен преглед –** се прави за време/ во рок од 6 месеци, се прави нормална редовна контрола на планот и на остварувањето на целите вонего, но доколку целите се поставни да се остварат за пократок временски период од 6 месеци, редовната ревизија се прави согласно тој рок; и
- **Вонреден повторен преглед** - доколку има некои ново настанати - променети околности, ситуации и потреби кај детето или неговото семејство (миграција, болест, насилство во семејството, смрт и слични ризици), кои укажуваат на тоа повторно да се прегледаат – проценат потребите, ризиците, сосотојбата и услугите што му се нудат поставени во Планот за индивидуална работа со корисник - детето[15].

Ревизијата се прави паралелно со евалуацијата.

### 3.6. Евалуација

Евалуацијата е процес на анализа на следење и мерење на третманската интервенција, до која мера се остварени или не посакуваните цели. Процес кој ја мери адекватноста на превземените мерки за остварувањето на очекуваните резултати.

Евалуацијата е активност која има за цел систематско проценка на достигнување (ефекти, промени). Таа покажува дали обезбедените услуги се соодветно произведени исходи, односно промени во животот на корисникот. Додека следењето прашува што се случува, отценувањето дава одговор на прашањето, па што ако се случи? Промени во животот на корисникот може да се следи преку цел (научени вештини, соодветна употреба на постојните способности, успех во училиштето, итн.) и субјективни индикатори (на пр. анкета за задоволството на клиентите обезбедени услуги). Мониторингот и проценката се меѓусебно поврзани. Мониторингот исто така може да се разгледа и како префаза или важен придружен механизам - процес на евалуација (Žegarac, Brkić, 2007).

[15] Зружение на социјални работници на РМ, МТСП, (2019) Интегрирано водење на случаи, УНИЦЕФ.

Стручните работници ги користат своите вештини во собирањето информации за да ги проценат резултатите кои детето и неговата социјална мрежа ги чувствуваат во процесот на остварената услуга. Оваа фаза од ресоцијализацијата на децата, се состои во оцена и вреднување на ефектите од спроведениот третман. Со овој процес социјалните работници следат дали планот и третманот ја даваат посакуваната поддршка за детето, и доколу постојат некои незадоволени цели и задачи, процесот овозможува промена на планот, односно промена во третманот, се со цел на целосно задоволување на потребата на корисниците, во овој случај на децата. Целта на евалуацијата на ефектите од спроведените мерки, е нивната релевантност кон потребите на детето и потребата за воведување на нови содржини или пак запирање на третманот.

При евалуацијата се изнесуваат заклучоци во однос на планот и тоа:

- **услугата и понатаму треба да се нуди на корисникот** (се постигнала целта или не**);**
- **главната цел треба да остане иста, а посебните цели да се променат;**
- **да се стават нови начини/активности за остварување на посебната цел;**
- **повеќето посебни цели се достигнати во ревидираниот план ќе се пренеси само едната неостварена посебна цел и интензивно ќе се работи на истата;**
- **целите се постигнати, состојбата е стабилизирана, треманот е успешен и нема потреба од натамошно постапување.**

Согласно спроведедната евалуација на планот и резултатите од неговата имплементација, стучните работници утврдуваат дали на детето му е потребен третман и понатаму.

Стручните работници најчесто, но и согласно сите законски и подзаконски регулативи, стандарди и процедури, протоколи и правилници за постапување и работа со деца во ризик и деца а во судир со законот планот за индивидуален третман со корисник – дете го евалуираат на 6 месеци, и по спроведената евалуација и добиените резулатати од истатата констатираат што со случајот понатаму. При изречена мерка од страна на судот со судско решение дадена да се имплементирана преку надлежниот Центар за социјална

работа, водителот на случај е задолжен на секои шест месеци од изрекувањето на мерката и започнатиот третман, по евалуирање на третманот да го извести надлежниот суд кој ја изрекол мерката на детето во судир со законот, односно достави шест месечен извештај за текот и реализацијата на мерката и резулататите од истата.

### 3.7. Затворање на случајот

Фаза која што е последна, фаза во која се констатрира дека нема да има потреба од работа со случајот понатаму. Причините кои довеле до оваа каонстатација се следните: ризикот кој го имал корисникот и семејството е надминат/решен, корисникот самиот се откажал од потребата на користење услуга од страна на центарот, го променил своето место на живеење, мерката која била изречена и се имплементирала ги достигнала поставените цели и е прекината или завршена, болест или смрт на корисникот. Нема да има користење на услуга, односно кога стручните работници процениле дека на корисникот веќе не му е потребна услуга, тој самиот се откажал од потребата на услугата од страна на центарот, го променил местото на живеење на друга територија или пак заради смрт на корисникот. Во работа со деца во судир со законот по Решение за запирања на изречена мерка од надлежниот суд.

Затворањето на случајот се врши со посебен образец – документ **Лист на затворање на случајот**, каде што водителот на случај образложува за причините за завршување на услугите.  Случајот согласно интегрираното водење на случаи[16], случајот се затвора 90 работни дена после последниот остварен директен контакт со корисникот – детето.

[16] Зружение на социјални работници на РМ, МТСП, (2019) Интегрирано водење на случаи, УНИЦЕФ.

## 4. МЕРКИ ЗА ДЕЦА ВО СУДИР СО ЗАКОНОТ

Системот на малолетничка правда е термин кој што се употребува за да се опише кривичнопоправниот систем за деца, во наташата држава тоа е во согласност со Закон за правда на децата. Самиот Закон за правда за децата постојано се менува и дополнува се со цел да ги задоволи потребите и интересите на самите деца. Во Р.С.Македонија Законот за правда за децата има постојани промени, по осамостојувањето на државата во 1991 година стапи во сила Закон за кривична постапка каде што има посебна постапка за малолетници, потоа следи надополнување со  Кривичен законик кој стапи во сила 06.Август 1996 година, по овој закон следи Закон за малолетничка правда кој стапи во сила на 20 Јули 2007 година, и на крај законот по кој сеуште се постапува е  Закон за правда за децата Сл. Весник на Р. Македонија, бр.148 од 29.10.2013 година.

***Закон за правдата за децата*** - Со овој закон се уредува постапувањето со децата во ризик и децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци, се определуваат условите за примена на мерки на помош, грижа и заштита, на воспитни и алтернативни мерки и за казнување на децата и помладите полнолетни лица, положбата, улогата и надлежноста на органите што учествуваат во постапувањето со децата и извршувањето на воспитните и алтернативните мерки и казни. Со овој закон се уредуваат мерките за заштита на децата жртви на дејствија, кои со закон се предвидени како кривични дела и на децата сведоци и мерките за превенција на детско престапништво.

Целите на законот и на неговата примена се остварување на приоритетен интерес и заштита на децата од криминал, насилство и од кој било облик на загрозување на нивните слободи и права и нивниот правилен развој, заштита на децата сторители на дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци и од поврат на такви дела, нивна социјализација, воспитување и превоспитување, помош и грижа за децата и заштита во постапката пред судот и другите органи на нивните слободи и права загарантирани со Уставот на Република Македонија, со Конвенцијата за правата на детето и со другите меѓународни договори за положбата на децата, ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија. (Закон за правда за децата, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.148 /2013).

На дете сторител на кривично дело согласно Законот за правда на децата и Кривичниот законик може да му се изречат следниве мерки и казни и тоа:

- **мерки на помош и заштита;**
- **воспитни мерки;**
- **казни – санкции;**
- **алтернативни мерки; и**
- **мерки на безбедност.**

### 4.1. Мерки на помош и заштита

Спрема дете во ризик до 14 години и дете во ризик над 14 години се применуваат со закон предвидените мерки на помош и заштита, кои се од најдобар интерес за детето и неговото воспитување и развој, само кога Центарот за социјална работа ќе отцени дека состојбата на ризик се одразува врз развојот на личноста на детето и неговото правилно воспитување. Мерките на помош и заштита се мерки утврдени со закон во областа на образованието, здравствената, социјалната, семејната и во други облици на заштита (домување, материјална помош, здраствена заштита, образование, организирање и користење на слободно време, остварување на секојдневни активности, правна помош, едукација , посредување од страна од Центарот за социјална работа).

### 4.2. Воспитни мерки

На дете над 14 годишна возраст за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело може да му се изречат следниве воспитни мерки:

**-Укор или упатување во центар за деца**

Укор се изрекува ако е доволно и само прекорување на детето за стореното дејствие. При изрекувањето на укорот на детето ќе му се укаже на штетноста од неговата постапка и ќе се предупреди. Упатување во центар за деца кога е потребно со соодветни краткотрајни

мерки да се изврши влијание врз личноста и поведението на детето (судот може да го упати во центар за деца: - на определен број часови). Детето на кого му е изречена оваа мерка судот може да го упати во центар за деца: - на определен број часови во текот на денот во во празнични денови и тоа најмногу во четири празнични денови едно по друго, - на определен број часови во текот на денот, но најмногу еден месец или - на непрекинат престој на определен број денови, но не повеќе од 20 дена.

При изрекувањето на оваа мерка судот ќе води сметка за тоа со нејзиното извршување детето да не изостане од редовната настава или од работата. Во центарот за деца, детето ќе врши работи што одговараат на неговата психофизичка состојба. Кога ќе изрече упатување во центар за деца, судот може да определи за време и по извршувањето на оваа мерка детето да се стави под засилен надзор на центарот, за период не подолг од шест месеци.

Согласно Кривичниот законик ова се најлесни кривични санкции за децата кои кривичното дело го извршиле повеќе од непромисленост или лекомисленост, отколку од воспитна запуштеност и кои заради извесни корекции во воспитувањето е доволно само да се прекорат, односно повремено да се остварува надзор врз нивното поведение.

**-Мерка на засилен надзор**

- ***мерка на засилен надзор од страна на родител или старател*** - Судот ќе изрече мерка на засилен надзор од страна на родителите/или/от, односно старателите/или/от ако родителите/или/от, односно старателите/или/от пропуштиле, а биле во можност да вршат надзор над детето. Кога судот ќе ја изрече оваа мерка ќе им наложи на родителите/или/от, односно на старателите/или/от одредени должности во поглед на мерките што треба да се преземат за воспитување на детето, за негово лекување и за отстранување на штетните влијанија врз него, а може да им даде и потребни упатства, судот дополнително ќе одлучи за престанок на оваа мерка со тоа што тоа не може да трае помалку од една година ниту подолго од три години.
- ***мерка на засилен надзор од страна на згрижувачко семејство*** - Ако родителите/или/от, односно старателите/или/от на детето не се во можност да

вршат надзор над него или ако тоа основано не може да се очекува од него, детето ќе му се предаде на згрижувачко семејство кое сака да го прими и кое има можност да врши засилен надзор над него. Извршувањето на оваа мерка ќе се запре кога родителите/или/от, односно старателите/или/от на детето ќе се здобија со можност да вршат засилен надзор над него или кога според резултатите на воспитувањето и превоспитувањето ќе престане потребата од засилен надзор.

- ***мерка на засилен надзор од страна на центарот за социјална работа*** - Ако родителите/или/от, односно старателите/или/от не се во можност да вршат засилен надзор над детето, а не постојат услови за предавање на детето на згрижувачко семејство заради вршење ваков надзор, детето ќе се стави под надзор на центарот. Судот дополнително ќе одлучи мерката да престане, со тоа што нејзиното траење не може да биде пократко од една ни подолго од три години. За времетраењето на мерката детето и натаму останува да живее кај своите родители/или/от или кај други лица кои го издржуваат, а засилениот надзор врз него го врши центарот. Ако детето не може да остане во семејството во кое живеело, центарот ќе го смести во воспитна установа и ќе се грижи за неговото школување или вработување, за издвојување од средината што штетно влијае врз него, за потребното лекување и за подобрување на приликите во кои живее.

Согласно Кривичниот законик се смета дека кон овие мерки ќе се посегне тогаш кога ќе се оцени дека детето треба да се воспитува во вонинституционални услови и дека не е неопходно едукацијата и оспособувањето да се остварува со целосно одвојување од семејството и дотогашната средина.

**-Заводски мерки упатување во воспитна установа или во воспитно-поправен дом**

- ***Упатување во воспитна установа*** - Судот може да упати дете врз кое треба да се обезбеди постојан надзор од страна на стручни лица заради воспитување, превоспитување и правилен развој. Во воспитната установа детето останува најмалку шест месеци, а најмногу три години. При

изрекувањето на оваа мерка судот не го определува нејзиното траење туку за тоа дополнително одлучува.

- ***Упатување во воспитно-поправен дом*** - Дете спрема кое треба да се применат потрајни и засилени мерки за воспитување и превоспитување и негово целосно одвојување од дотогашната средина, судот може да го упати во воспитно-поправен дом. При одлучувањето дали ќе ја изрече оваа мерка судот посебно ќе ја земе предвид тежината и природата на стореното дејствие и околноста дали спрема детето порано биле изрекувани воспитни мерки или казна затвор за деца. Во воспитно-поправен дом детето останува најмалку една година, а најмногу пет години, односно до наполнети 23 години. При изрекувањето на оваа мерка судот не го определува нејзиното траење, туку за тоа дополнително одлучува. Судот ја преиспитува потребата од престој во воспитно-поправниот дом секоја година, по службена должност, по предлог на јавниот обвинител или по предлог на воспитно-поправниот дом.

Решавачки критериум за примена на една од заводските мерки е неопходноста од издвојување на детето од дотогашната средина на кои им е потребен поопсежен и долготраен третман за ресоцијализација.

Воспитните мерки со закон се пропишани како кривични санкции кои се наменети за воспитување на децата сторители на кривични дела. Нивна цел е колку што е можно поголема заштита во општеството од таквите поведенија кои ги изрекува судот за извршени кривични дела во посебна кривична постапка (Сулејманов, 1996).

Целта на извршувањето на воспитните мерки е со заштита, помош и надзор, образование и воспитување на малолетните лица сторители на кривични дела, да се обезбеди правилен развој на нивната личност. Извршувањето на воспитните мерки е итно и се извршуваат веднаш по правосилноста на судската одлука доколку не постојат пречки за нивно извршување. За нивно извршување надлежен е судот и Центарот за социјални работи.

### 4.3. Казни / Санкции

Може да се казни дете кривично одговорно над 16 годишна возраст само ако поради тешките последици од стореното дело и високиот степен на кривичната одговорност не би било оправдано да се изрече воспитна мерка.

Кривичната санкција треба да биде хумана, да не се измачува сторителот на кривичното дело, да биде морална, а тоа значи дека треба јасно да ја изразува општествената осуда за повреда на одредени морални вредности. Понатаму кривичната санкција треба да биде сразмерна на тежината на кривичното дело, значи секој сторител на кривичното дело, треба подеднакво да ја чувствува општествената осуда. Треба да биде делива, така што во зависност од личноста – нејзините карактеристики и околностите на делото, да може да се изрекува со помала или поголема мера. Друга карактеристика на кривичната санкција е нејзината заменливост, значи во случај од оправдани причини, санкцијата да може да се замени со друг вид санкција (комутација). Кривичната санкција треба да биде и отповиклива, со цел да можат да се избегнат последиците од евентуално нејзино погрешно изрекување. Како најзначајно одбележување на кривичните санкции е тоа што можат да се изрекуваат само после извршување на кривичното дело – post delictum (Сулејманов, 1996).

Под условите определени со Закон за правда за децата на детето над 16 годишна возраст можат да му се изречат следниве казни:

**- Затвор за деца**

Казна затвор може да му се изрече на дете кривично одговорно над 16 годишна возраст кое сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор од пет години или потешка казна, ако делото е сторено под особено отежнувачки околности и при висок степен на кривична одговорност на сторителот.

Времетраењето на казната не може да биде помалку од една, ниту повеќе од десет години, а се изрекува на полни години или на половина година. Детето кое е на издржување казна затвор за деца, може да се пушти на условен отпуст ако издржало најмалку една третина, но не пред да издржи шест месеци од изречената казна доколку превоспитувањето е успешно (Закон за правда за децата, Сл. Весник на РМ, бр.148/2013, чл.53).

Како посебна цел на казната затвор за деца е одредено вршењето на засилено влијание врз децата и младите сторители во иднина да не вршат кривични дела. Законски определената цел на изречените кривични санкции кон децата и младите, е насочена и фокусирана пред сè кон кривичноправните залагања за децата и младите и нивната личност, а не кон стореното кривично дело. Изречената кривична санкција е израз на грижата за воспитување, превоспитување и правилната социјализација на децата и младите сторители на кривични дела (Велкова, 2006).

**-Парична казна**

Паричната казна може да се изрече како главна казна. За дела сторени од користољубие, паричната казна може да се изрече како споредна казна заедно со казната затвор за деца или со условна осуда со заштитен надзор. Паричната казна се изрекува во дневни глоби. Бројот на дневните глоби не може да биде помал од една ниту поголем од 120 дневни глоби. Во однос на одмерувањето и извршувањето на паричната казна соодветно се применуваат одредбите од Кривичниот законик. Неплатената парична казна судот може да ја замени со мерката општокорисна работа. Една дневна глоба се заменува со три часа општокорисна работа, при што вкупниот број часови општокорисна работа не може да биде поголем од 100 часа. Неплатената парична казна или неизвршената или делумно извршената општокорисна работа како нејзина замена, судот може да ја замени и со мерка упатување во центар за деца, или со мерка на засилен надзор.

**-Забрана на управување со моторно возило од определен вид или категорија и протерување на странец од земјата**

Може да се изрече како главна казна или како споредна казна заедно со парична казна. Забраната на управување со моторно возило од определен вид или категорија и протерување на странец од земјата се изрекуваат под условите за нивното изрекување предвидени во Кривичниот законик.

Целта на изречената санкција е прифаќање на нормите и вредностите што ги поседува општествената заедница која може да се постигне со корекција на негативните општествени и морални ставови (Киткањ, 2014).

Посакувана цел на изрекувањето на санкциите кај децата е да се развие чувство за каење и вина, да ја сфати тежината на тоа што го сторил, да ги увиди и сфати последиците од сторувањето на кривичното дело, да развие лична одговорност, сака да се менува, од што ќе зависи всушност и третманот за негово воспитување и превоспитување по изречената санкција.

### 4.4. Алтернативни мерки

На кривично одговорно дете над 16 годишна возраст за стореното дејствије што со закон е предвидено како кривично дело можат да му се изречат следниве алтернативни мерки:

**-Условна осуда со заштитен надзор**

Може да се изрече кога на детето му е утврдена казна затвор во траење до три години или парична казна. Ако на детето му е утврдена и казна затвор за деца и парична казна, судот може да изрече условна осуда за двете казни или само за казната затвор за деца. Помош и грижа, надзор и заштита во исполнувањето на обврските од страна на детето врши центарот кој е должен со практични совети да го поттикнува и да му помага во нивното исполнување.

Оваа алтернативна мерка не може да трае пократко од една ниту подолго од три години. Условната осуда со заштитен надзор ги има карактеристиките на познатата пробација во западноевропските држави и се состои во одлагање на извршувањето на изречената казна со наметнување посебни обврски што децата мора да ги исполнат и со тоа да покажат дека целта на казнувањето е исполнета и без извршувањето на утврдената казна. Се состои во наметнување на посебни обврски, забрани и ограничувања во зависност од причините што довеле до делото, околностите во кои живее детето и неговата личност (Димитријоска, 2012).

**-Условно прекинување на водење на постапка спрема детето**

Судот може да одлучи условно да ја прекине постапката спрема дете над 16 годишна возраст за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или казна затвор до пет години, ако детето изразило каење за извршеното дело, ако ги отстранило последиците на делото, ако ја надоместило штетата или се помирило со оштетениот, кој е согласен со прекинувањето на постапката, под услов во рок од две години детето да не стори друго дејствие што со закон е предвидено како кривично дело.

**-Општокорисна работа**

Судот може на кривично одговорно дете над 16 годишна возраст кое сторило дејствие што со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или казна затвор до три години да му изрече мерка на општокорисна работа во траење од 5 до 100 часа кога е потребно со оваа мерка да се изврши воспитно влијание врз личноста и поведението на детето. Надзор над исполнувањето на работните обврски на детето врши центарот кој е должен повремено, а најмалку еднаш месечно, да го известува судот за извршувањето на мерката. Ако детето не ги исполнува или неуредно ги исполнува наложените работни обврски, судот ќе ја замени оваа мерка со мерката упатување во центар за деца или со мерка на засилен надзор, под условите предвидени за нивното изрекување, земајќи го предвид делот од обврските што е веќе исполнет.

Целта на оваа мерка е да обезбеди влијание за правилен развој и развивање на личната одговорност кај малолетникот и манифестирање на прифатливи форми на однесување. Работата би требало да се врши во хуманитарни, еколошки организации, ангажирање во спортски активности, помош на стари лица итн. Општокорисната работа мора да се врши во место на живеење на детето за да не се поремети ритамот на неговото секојдневие, да може непречено да ги извршува училишните обврски (Димитријоска, 2012).

## 4.5. Мерки на безбедност

Според Кивичниот законик и Закон за правда за децата на дете на кого му е изречена воспитна мерка или казна, судот може да изрече и некоја од мерките на безбедност и тоа:

**- Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа**

Мерка на безбедност од медицински карактер. Таа може да се изрече само на лице кое кривичното дело го сторило во состојба на непресметливост или во состојба на битно намалена пресметливост, ако судот утврди дека е опасно за околината и дека заради отстранување на таа опасност е потребно негово лекување и чување во посебна здравствена установа. Установата каде што се извршува оваа мерка е должна најмалку еднаш годишно да го извести судот што ја изрекол мерката за здравствената состојба на лицето.

**- Задолжително психијатриско лекување на слобода**

Мерка на безбедност која за прв пат е воведена во Кривичниот законик од 1976 година. Наменета е за душевно абнормални сторители на кривични дела, кај кои отстранувањето на таа опасност може да се постигне и со нивно лекување на слобода. Смислата на оваа мерка е потпрена врз современите психијатриски сознанија дека лекувањето на овие лица може да биде поефикасно доколку наместо во услови на изолација таа се остварува во слободна средина каде што лицето нормално ги остварува своите општествени комуникации. Здравствената установа во која се извршува оваа мерка должна е најмалку на секои шест месеци да го известува надлежниот суд за здравствената состојба на лицето.

**-Задолжително лекување на алкохоличари и наркомани**

Оваа мерка во кривична постапка судот може да му ја изрече на сторителот што извршил кривично дело поради зависност од постојана употреба на алкохол или опојни дроги и кај кого постои опасност дека поради оваа зависност и натаму ќе се вршат кривични дела.

За секоја изречена мерка од страна на надлежниот суд врз дете, стручните тимови изготвуваат план за индивидуален третман за работа, и се залагаат кон задоволување на потребите на детето и кон позитивно влијание за подобрување на неговото однесување.

## 5. РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА

Денес, голем број истражувања во светот, а исто така и во нашата земја го ставаат детето на најзначајното место, истражувачите заинтересирани се да ги откријат ризик факторите кои довеле до создавање на профилот на една девијантна личност, приликите во кои живее детето и неговото семејство, процесот низ кој минува едно дете во Центрите за социјална работа, ефикасносат во примената на постапките спрема деца во судир со законот, анализирани се капацитетите на поддршка во институциите за издржување на мерки и санкции за деца во судир со законот и слично.

Во 1983 година, направен е истражувачки проект финансиран од Законот за истражување од Советот на Универзитетот на Филипини насловен за Правни и психолошки перспективи на Филипините за малолетничката деликвенција. Студијата била спроведена од Салвадор Т. Карлота и Аннадизи Џ. Карлота со општата цел - да го испита проблемот на малолетничка деликвенција во поставувањето на Метро Манила правните и психолошките гледишта. Неговите цели биле: *1)* критички да го анализира законот за малолетничка деликвенција; *2)* да ги собере најновите достапни статистички податоци за малолетничка деликвенција во областа на Метро Манила во однос на (а) одредени демографски варијабли како што се пол, возраст, социо-економски статус, и слично, (б) видови на кривични дела извршени,и (в) должината на потрошеното време во диспозиција на малолетнички случаи во редовните судови и малолетникот и домашните судови; *3)* испитување на разлики во пристапот и постапката помеѓу редовните судови и малолетникот и домашните судови; *4)* идентификување на можните психолошки причини за малолетничката деликвенција; *5)* одредување на интелектуалните и личните профили на малолетните деликвенти; и *6)* предложете критериуми за проценка на ефикасноста на програми за третман на центри за рехабилитација.

Во 2017 година направено е анализа за положбата на Ромите како обвинети во кривична постапка во Република Македонија, од страна на Гордана Лажетиќ-Бужаровска, адвокат Алма Мустафовска-Салимовска, во соработка со Здружение на правници Роми-Скопје. Анализирани се капацитетите на поддршка на децата во судир со законот, за рехабилитација и реинтеграција кај ранливите групи на население. Заклучоците кои произлегуваат од оваа Анализа, се со цел да се промовира принципот на заштита од

дискриминација и промоција на правото на еднаквост, се предлагаат следниве препораки. Едукацијата мора да ги следи најновите трендови и стандарди за почитување на правото на еднаквост, пред сè водени од судската пракса на Европскиот суд за човековите права, кој дава ултимативно поимање на заштитата од дискриминација и почитување на правото на еднаквост.

Во 2018 годнина Македонско пенолошкото друштво[17] направило истражување, во насока на искористената документација согласно меѓународните норми и стандарди за заштита на децата, истражување на санкците спрема децата и установите за нивно извршување во Р.Македонија и институционалниот третман. Истаржувањето укажува на слабата примена на законите, поради што нивниот третман останува под рамништето на меѓународните норми и стандарди за правата на децата, се должи на недоволната институционална подготвеност за нивното спроведување, што одразува и неконзистентност на политиките на државата во нивното соодветно финансирање, кадровско екипирање и создавање други услови за соодветни мерки на превенција, институционален и вонинституционален третман. Истражувањето на ефектите на примената на институционалните мерки го потврдува сознанието дека превоспитниот процес за време на нивното траење во континуитет не ја исполнува целосната функција, и тоа поради повеќе релевантни околности: недоволната екипираност со стручни лица во превоспитните служби, хроничниот проблем со отсуството на образование, несоодветните услови за сместување и неорганизираното слободно време.

Државниот совет за превенција на детско престапништво изготвува годишен извештај, во кој ги претставува истражувањата за ефикасносат во примената на постапките спрема децата предвидени во Законот за правда за децата. При спроведените годишни истражувања резултатите се дека за ефикасна работа потребно е да се обезбедат просторни, материјално-технички и административни услови и меѓусебна соработка помеѓу релевантните институции во системот за правда за децата.

---

[17] Македонското пенолошко друштво претставува стручна, невладина, непартиска и непрофитна организација која се бави со пенологијата односно со унапредување и развивање на пенолошката мисла во Република Македонија, формирано е од страна на повеќе еминентни претставници на правната наука и практика со различно поле на интерес.

## I I . ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

### 1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предмет на овој магистерски труд е проучување на улогата на Центарот за социјална работа во процесот - работата со деца во судир со законот. Иако има голем број на трудови во врска со овие појави, причините поради кои може да се истражува овој проблем се насочени поради специфичните карактеристики кои го прават овој проблем сложен, со се поголема застапеност во општеството, а исто така и како дело кое задира во личното достоинство на субјектот. Целта на истражувањето е да се добијат квантитативни и квалитативни сознанија за усогласеноста помеѓу апликацијата и теоријата за стандарди и процедури во постапувањето на Центрите за социјална работа[18] во работа со деца во судир со законот.

Со цел да се постигнат зададените цели на проектот, беше применет квантитативен и квалитативен метод.

Квантитативниот метод е Анкетен прашалник спроведен – попоплнет од страна на стручните работници вработени во Центрите за социјална работа и ЈУ Завод за социјални дејности.

Квалитативните методи се состојат од:

1) Анализа на содржината на досие во Центрите за социјална работа за дете во судир со законот.
2) Дискусија во фокус група со стручни работници од Центрот за социјална работа.

Имено, за да се утврди севкупната состојба и начинот на постапување во Центарот за социјална работа со деца во судир со законот, и потребите за работа и обука на вработените, беа спроведени 31 анкетен прашалник со стручните работници во Центарот за социјална работа (29 лица) и во ЈУ Завод за социјални дејности (2лица), анализа на содржината на досие на дете во судир со законот во Центарот за социјална работа (10

[18]Стандарди и процедури за постапување на Центрите за социјална работа- ЈУ Завод за социјални дејности за постапување на стручните работници во центрите

досиеа), и дискусија во фокус група со стручни работници од Центарот за социјална рабоата.

За да се утврди состојбата и да се направи проценката, се подготви анкетен прашалник, кој опфаќа пет области:

- Профил и функција на стручните работници во Центарот за социјална работа;
- Знаењата и практиките на стручните работници во Центарот за социјална работа;
- Ставовите на стручните работници во однос на детето во ризик и сторител на кривично дело и во однос на одговорноста кон промена на однесувањето на детето;
- Соработката со детето, неговото семејство, институциите и меѓусекторска соработка;
- Да се подигне и зајакне соработката меѓу партнерите во поддршка на децата во судир со законот во насока на воспоставување на поефикасна поддршка на децата во судир со законот.

Видувањата од спроведените анкетни прашалници на стручните работници во Центрите за социјална работа и ЈУ Завод за социјални дејности, дискусијата во фокус групата - стручните работници во Центарот за социјална работа и анализата на досиеа на деца во судир со законот се сумирани во извештајот.

## 2. ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на истражувањето е да се добијат квантитативни и квалитативни сознанија за усогласеноста помеѓу апликацијата и теоријата за стандарди и процедури во постапувањето на Центрите за социјална работа во работа со деца во судир со законот.

## 3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Конкретната цел на истражувањето е определена со помош на повеќе задачи, и тоа:

- Да се осознае дали стручните работници од Центрите за социјална работа во својата работа со деца во судир со законот почитува процедури при постапување со деца во судир со законот.
- Да се добијаат квалитативни податоци за работата на стручните работници од Центрите за социјална работа (социјален работник, психолог, педагог и правник) во однос на примена на знаења, вредности, вештини и техники во проценката и поддршката на деца во судир со законот.
- Да се дојде до ставови и мислење на стручните работници од Центрите за социјална работа во врска со усогласеноста помеѓу апликацијата теоријата и пракса, за стандарди и процедури во постапувањето на Центрите за социјална работа во работа со деца во судир со законот.

## 4. ХИПОТЕЗИ

**Општа хипотеза**

- **Постапувањето на Центарот за социјална работа со деца во судир со законот е во согласност со позитивна законска регулатива.**

**Посебни хипотези**

1. **Законските одредби и законската регулатива на Република Северна Македонија упатува на постоење на широк систем на сервиси и услуги за поддршка на деца во судир со законот, но постои недостиг на имплементирање.**

2. **Социјални услуги во областа на социјалната заштита и здравството кои се нудат на деца во судир со законот се во согласност со законска регулатива.**

3. **Социјални услуги кои се нудат на деца во судир со законот ги задоволуваат основните потреби на оваа ризична група на деца**

## 5. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### ИСТРАЖУВАЧКИ ПРАШАЊА

Варијаблите на истражувањето произлегуваат од поставените хипотези:

- **дете во ризик** - Дете со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува droги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело.

- **дете во судир со законот** - Секое она дете до 18 години кое со своето однесување сторило прекршок или дело кое со закон е регулирано**.**

- **девијатно однесување - кршење на општоприфатените морални и правни норми -** За девијантно однесување се смета дека е секое она однесување кое одстапува од општо прифатеното општествено однесување и сонего се прекршуваат општо прифатените морални и правни норми.

- **кривично дело -** Согласно Кривичниот законик во Република Северна Македонија, кривичното дело претставува противправно дело што со закон е определено како кривично дело и чии обележја се определени со закон.

- **Стручна работа -** Процесот на стручна работа со деца сторители на казнени делаво Центрите за социјална работа, се одвива низ следниве основни фази: откривање на случајот - евидентирање; проценка; план;третман – имплементација на планот; мониторинг-ревизија, евалуација на ефектите на третманот, и затворање на случајот.

- **третман -** Имплементација на планот за работа со детето, чија цел е насочување и развивање на вистинските вредности, промена на однесувањето кај детето и надминување на социјалниот ризик во кој се нашол.

## 6. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Со цел да се постигнат зададените цели на истражувањето се применија квалитативни и квантитативни методи на истражување.

Квантитативниот метод е Анкетен прашалник спроведен – пополнет од страна на стручните работници вработени во Центрите за социјална работа (29 лица) и ЈУ Завод за социјални дејност (2 лица).

Квалитативните методи се состојат од:

1) Анализа на содржината на досие во Центрите за социјална работа за дете во судир со законот (10 досиеа).
2) Дискусија во фокус група со стручни работници од Центрот за социјална работа.

За да се утврди состојбата и да се направи проценката, беше подготвен анкетен прашалник, кој опфаќа пет области:

- Профил и функција на стручните работници во Центарот за социјална работа;
- Знаењата и практиките на стручните работници во Центарот за социјална работа;
- Ставовите на стручните работници во однос на детето во ризик и сторител на кривично дело и во однос на одговорноста кон промена на однесувањето на детето;
- Соработката со детето, неговото семејство, институциите и меѓусекторска соработка;
- Да се подигне и зајакне соработката меѓу партнерите во поддршка на децата во судир со законот во насока на воспоставување на поефикасна поддршка на децата во судир со законот.

## 7. РЕЗУЛАТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Со оглед дека се работи за специфична материја, односно работа со деца кои се во судир со законот за стручните работници кои работат со нив беше изработен анкетен прашалник во врска со работата и постапувањата, со прашања релевантни за работа со деца во ризик. Овој анкетен прашалник беше спроведен помеѓу поголем број на вработени во Центрите за социјална работа во Република Северна Македонија и вработени во Завод за социјални дејности. Покрај спроведениот анкетен прашалник направена е анализа на содржината на досие на дете во судир со законот и дискусија во фокус група со стручните работници од Центарот за социјална работа.

- **Податоците добиени од спроведениот анкетен прашалник се разработени и претставени подолу:**

- Истражувањето – односно спроведувањето на анкетниот прашалник се спроведе на 31 испитаник, испитаниците се стручни лица вработени во ЈУ Меѓуопштински Центри за социјалана работа во Република Северна Македонија и ЈУ Завод за социјални дејности, од кои 29 испитаници се од центрите и 2 испитаници се од заводот.

- Испитаниците се всушност стручните работници од овие две институции кои работат со деца во конфликт со законот и се дел од стручната работа, стручните работници се од различни профили, односно стручни профили како социјален работник, психолог, педагог и правник. Податоците се прикажани во табела 1.

Табела 1.Структура на испитаници по стручни профили

| **Испитаници** | **Социјален работник** | **Психолог** | **Педагог** | **Правник** |
|---|---|---|---|---|
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјала работа** | 11 | 7 | 7 | 4 |
| **ЈУ Завод за социјални дејности** | 1 | // | 1 | // |
| **Вкупно** | 12 | 7 | 8 | 4 |

Според добиените резултати прикажани во табела 1 можеме да констатираме дека испитаниците се од различни профили согласно своите матични институции и тоа од вкупно 12 социјални работници 11 се од Центарите за социјална работа и 1 од ЈУ Завод за социјални дејности, вкупно 7 психолози од Центарите за социјална работа, 8 педагози од кои 7 од Центрите за социјална работа и 1 од ЈУ Завод за социјални дејности и 4 правници од Центрите за социјална работа. Согледувајќи го овој резултат можеме да констатираме дека тимовите во Центрите се комплетни и се составени од сите стручни профили, што укажува на дека стручните профили сестрано и целосно ќе го согледаат, објаснат, спречат или решат зададениот проблем – ризик во кој се нашол корисникот – детето.

- Во однос на проблематиката на која работат во Центрите за социјална работа согласно измените во Законот за социјална заштита и подзаконските акти во 2019 година е воведено Интегрирано водење на случаи, каде што стучните работници или профили покрај својата стручност се поделени и на водители на случаи и самостоен стручен работник. Врз основа на тоа стручните профили не се распределени врз основа на проблематиката со која работат, туку врз основа на корисникот и се она што е негова потреба вклучувајќи ги сите проблематики, извлекување на корисникот или семејството од дадениот - моменталниот ризик во кој се наоѓаат. Добиените податоци – резултати од истото се прикажани во следната табела 2.

Табела 2. Структура на испитаници согласно стручните профили и стручната работа која ја работат

| **Испитаници** | **Социјален работник** | | **Психолог** | | **Педагог** | | **Правник** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Водител на случај** | **Самостоен Стручен работник** | **Водител на случај** | **Самостоен Стручен работник** | **Водител на случај** | **Самостоен Стручен работник** | **Водител на случај** | **Самостоен Стручен работник** |
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјала работа** | 8 | 4 | 5 | 2 | 3 | 4 | // | 4 |
| | 11 | | 7 | | 7 | | 4 | |
| **ЈУ Завод за социјални дејности** | 1 | | // | | 1 | | // | |
| **Вкупно** | 12 | | 7 | | 8 | | 4 | |

Во согласност со таа поделба добиени се резултати кои се претставени во табела 2 и истите добиени резултати се од вкупно 29 испитаници - вработени во Центарот за социјална работа, 11 се социјални работници од нив 8 се водители на случај, а 4 се самостојни стручни работници; со профилот психолог се 7 испитаници

од кои 5 се водители на случај и 2 се самостојни стручни работници;со профилот педагог имаме 7 испитаници од кои 3 се водители на случај и 4 се самостојни стручни работници; дедека испитаниците од стручниот профил правник се 4 и истите се самостојни стручни работници.  Вработените – стручните работници 2 од ЈУ Завод за социјални дејности ја немаат истата поделба како во центрите и истите се поделени согласно профилот.

- Во однос на работното искуство во институцијата испитаниците – стручните работници имаат работно искуство поделено на три периоди и тоа:
    - **работно искуство помало од 5 години;**
    - **работно искуство од 6 до 10 години; и**
    - **работно искуство од 11 до 20 години.**

Овие податоци можат да се увидат прикажани во табела 3, подолу.

Табела 3. Структура на испитаници согласно нивното работно искуство во двете институции

| **Испитаници** | **Работно искуство помалку од 5 години** | **Работно искуство од 6 до 10 години** | **Работно искуство од 11 до 20 години** |
|---|---|---|---|
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјала работа** | 9 | 12 | 8 |
| **ЈУ Завод за социјални дејности** | 1 | / | 1 |
| **Вкупно** | 10 | 12 | 9 |

По увидот во табела 3 можеме да заклучиме дека во однос на работното искуство на стручните профили се добиени следните резулатати:

- работно искуство помало од 5 години - имаат 10 испитаници од кои 9 се од центарот и 1 од заводот;
- работно искуство од 6 до 10 години – имаат 12 испитаници сите вработени во центарите за социјални работи; и
- работно искуство од 11 до 20 години – имаат 9 испитаници од кои 8 од центарот и 1 од заводот.

  Овие добиени резулатати укажуваат на тоа дека согласно потребите на институцијата се вработува нов и соодветен кадар, кој зад себе ќе остава добри резулатати.

➢ Во однос на тоа дали се задоволни од работата со специфичните категории на луѓе како што е работа со деца во судир со законот, стручните работници истакнаа дека се задоволни од работата што ја работат, без разлика со која категорија на лица работат. И покрај тоа што често се изложени на ризик и стрес при работа, од различни причини, истите сметаат дека се на работните места за да им помогнат на своите корисници да излезат од ризиците во кои се сретнале-нашле и да продолжат понатаму во животот.

➢ Во однос на континуираното добивање на обуки во согласност со нивната професија и работа истите одговориле дека добиваат обуки во зависност од тоа колку обуки годишно ќе организира ЈУ Завод за социјални дејности, UNICEF или некоја невладина организација, стручните работници истакнаа дека добиваат различен број на обуки во зависност од годината и шансата да учествуваат. Резултатите добиени од ова прашање се поделени во три категории и тоа испитаници кои добиле обука еднаш годишно, еднаш до двапати годишно и повеќе од две обуки годишно, и истите се претставени во табела 4.

Табела 4. Број на остварени обуки на испитаниците од двете институции

| **Испитаници** | **Една обука годишно** | **Две обуки годишно** | **Три и повеќе обуки годишно** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ЈУ Меѓуопштински центар за социјала работа** | 11 | 16 | 2 |
| **ЈУ Завод за социјални дејности** | // | 1 | 1 |
| **Вкупно** | 11 | 17 | 3 |

Резулататите претставени во табела 4 покажуваат на тоа дека испитаниците кои добиле една обука годишно се 11 стручни работници,  кои добиле две обуки годишно се 17 стручни работници, и кои добиле три и повеќе обуки годишно се само 3 стручни работници и истите истакнуваат дека тие не се секогаш доволни. Согледувајќи ги овие резултати, можеме да заклучиме дека добивање на една или две обуки годишно не е доволна за надоградување знаењата на стручните работници и навремено и соодветно постапување согласно потребите за постапување.

- Во однос на тоа дали обуките кои ги посетуваат се однесуваат на  проблематиката со која што секојдневно работат,  стручните работници се изјаснија дека обуките се во согласност на потребите за нивната работа, следејќи ги стандардите и процедурите, сите законски и подзаконски акти како и правилници и протоколи за постапување, обуките кои ги добиваат се еднодневни обуки каде што се обрнува внимание на  теоретскиот дел повеќе, а потоа и на пракса и дискусија.

- Во однос на посета на обуки за самонадоградување стручните работници се изјасниле дека посетуваат обука што му е понудена од страна на работата односно од страна на центарот, а самоиницијативно за надоградување обуки посетиле само 6 стручни работници од вкупно 31 испитаника. Овој резултат може да укаже и на недостаток на шанса за учество во обуки во својата професионална област надвор од работното место (самоиницијатнивно надоградување).

- Испитаниците - стручните работници во однос на прашањето со кои закони работат и по кои секојдневно постапуваат, истите ги истакаа следните закони:
    - **Закон за социјална заштита;**
    - **Закон за правда на децата;**
    - **Закон за семејство;**
    - **Закон за општа управна постапка;**
    - **Закон за заштита на децата и други.**

  Добивајќи ги овие резултати можеме да заклучиме дека стручните работници во центрите за социјална работа постапувајќи согласно своите потреби ги почитуваат и работат следјќи ги сите законски и подзаконски акти, правилиници и протоколи, согласно новото постапување на центрите преку Интегрираното водење на случаи (согласно измените во Законот за социјална заштита Сл.Весник 104/2019) и согласно Стандардите и процедурите за постапувањето на центрите за социјална работа, се е во согласност на законската регулатива на нашата држава, со што **се потврдува главната хипотеза - Постапувањето на Центарот за социјална работа со деца во судир со законот е во согласност со позитивна законска регулатива.**

- Во однос на прашањето при својата работа и постапување со кои институции имаат потреба секјодневно да контактираат, се со цел соработка и обезбедување на соодветната услуга и задоволување на потребите на корисникот, од одговорите на стручните работници ги добивме како резулатат следините институции:
    - **Министерство за внатрешни работи** -надлежната полициска станица;
    - **Аганција за вработување** – надлежниот центар за вработување;
    - **ЈЗУ Здраствен дом**;
    - **Дневен центар**;
    - **Основни и средни училишта;**
    - **Психијатриска болница;** и
    - **Казнено поправна установа.**

- Во однос на сервиси или ресурси кои можат да ги користат при работата, стручните работници истакнаа дека се е во зависност од тоа што која општина со што располага. Тие истакнаа дека ги користат сите расположливи ресурси и сервиси со кои располага нивната општини и им се ним достапни, но имам за жал има и општини што не се доволно развиени и нема што да се понуди, и во тие случаи работата на стручните работници им е ограничена.

- Во однос на тоа дали е лесно остварлива комуникацијата со деца истите одговорија дека остварувањето на комуникација со деца не е лесна, секое дете е приказна за себе, треба да се процени и да се постапи на најдобар начин за да може да се оствари комуникација со детето, многу  важна улога игра и зависи од каков ризик доаѓа детето.

- Во однос на начинот на работа со деца стручните работници го опишуваат како и комуникацијата, тежок процес од повеќе аспекти, се работи со една жива материја, дете - збунето од ситуацијата од која доаѓа, исплашено од инстиуцијата и стручните лица  а треба да се оствари пристап, комуникација, да се подготви терен па да се започне со работа, доста тешка и осетлива категорија за работа.

- Во однос на пршањето дали е лесно остварувањето на комуникација со деца во судир со законот истите дадоа слични одговори кои упатуваат на тоа дека оваа категорија на деца е тешка, од причина што тие најчесто доаѓаат со став дека интитуциите и вработените во центрите се за да ги осудат, да ги караат, да ги казнат, неможат да ги разберат и тие уште при првата средба -  првото доаѓање во центарот  имаат створена одбивност и поставено штит пред себе, одговараат кратко без размислување – механички експресен одговор, некои и воопшто не комуницираат, понекогаш се прават обиди за манипулација, секое дете на различен начин комуницира и во различно време се опушта, па постепено комуникацијата оди во добра линија.

- Во однос на прашањето за начинот на работа со деца во судир со законот стручните работници дадоа одговори слични со одговорите на прашањето за комуникацијата,

тиа начинот на работа со деца во судир со законот го опишуваат како тежок и за истото наведуваат неколку причини: се работи за дете, се работи за личност која нема изградено свои норми и свои стандарди, незнае како да се однесува кон себе и кон другите, сеуште се развива, сака да експериментира, истовремено и се плаши, сака да се менува но несака да соработува и слично, се е во зависност од случај до случај. Се е во зависност од личноста на детето и времето, како и кога ќе се прилагоди и ќе соработува и сака промена.

Поврзувајќи ги одговорите на прашањата во врска комуникацијата и начинот за работа со деца, можеме да констатираме дека резултатите укажуваат на потребата од големо внимание и добра проценка и на моменталната ситуација и на личност за да се добие успешно завршена постапка, без повредување на личноста на корисникот во случајот детето.

- Во врска со прашањето за тоа кои начини / фази на работа ги користат во работата со деца во судир со законот, истите ги набројаа неколкуте фази на работа кои согласно Интегрираното водење на случаи сега, но и согласно стандардите и процедурите за постапувањето на Центрите за социјална работа фази на работа кои ги користат при работата - постапувањето со деца во судир со законот, се следните:

    - **Откривање на случајот/евидентирање (прием)** – првата фаза во која стручниот работник ја има улогата да го евидентира детето, да ги добие првичните информации. Ова укажува и на приемна процена, односно со оваа фаза-чекор се подготвуава работата за натамошно постапување, се прави првичен увид за кое лице станува збор, какво постапување се бара (неодложно-итно или редовно), дали лицето веќе било дел од системот на социјална заштита или пак некој друг член од неговото семејство, се пополнува тријажен лист за корисникот и се подготвува предметот-случајот за премин во наредната фаза-чекор за постапување односно за фазата на проценка.

- **Проценка** – фаза во која следи разговор ( интервју) и примена на техники и методи од страна на стручниот тим (интердисциплинарна работа) за да се обезбедат податоци кои се релевантни за утврдување на ризиците, потребите на детето и неговото семејство, како и процена на мотивите и причините за сторувањето на прекршокот или кривичното дело. Фаза во која се проценуваат следните специфични потеби на детето и тоа: моменталната здраствена состојба, менталното здравје на детето, приходот на семејството, образованието, домување, работниот статус на семејството, социјални и лични врски, рекреација и слободно време, активности во секојдневниот живот, превоз во средината, и правна помош. При фазата на процена се користат различни техники и инструменти за работа, кои се неопходни за изготвување на:

  **-Лист за проценка на корисник;**

  **- Наод и мислење од стучен работник; и**

  **- Наод и мислење од стручен тим.**

- **План** - планирањето претставува сиситемски процес на идентификување на важните цел и на подготвување на активности и услуги кои треба да се превземат за да се излезе во пресрет на утрврдените цели. Целите кои се зацртани во процесот на планирање се поврзани зависно со потребите на детето и ризикот во кој се нашло истото. Оштата цел се дефинира во контекст на благосостојбата и безбедноста на децата, додека посебната цел пак дефинира што треба да се направи за да се стигне до остварување на општата цел, во временски ограничен период.

  При изготвувањето на **Индивидуалниот план за работа со корисник** се става акцент на неколку важни елементи како што се:*социјална услуга, цели и активности, лица кои се значајни*за корисникот, *потенцијалина корисникот* - детето (силни страни и можности).

  Кога зборуваме за области за работа со корисник, мисли на оние области во кои може да се најдат неговите потенцијали и истиот да биде активно вклучен а тоа се:*образование, знаење, спорт, стекнато искуство, некој*

*талент кој го поседува, специфични вештини, мотивација и упорност, флексибилност, мрежа на поддршка и слично.*

При правењето на идивидуалниот план водителот на случај, ги вклучува зависно од потребата:*стручниот тим при Центар за социјална работа* (педагог, психолог, социјален работник и правник), *корисникот – детето, неговиот родител/старател (роднински згрижувач), друг член од семејството, стручниот тим од училиштето, класниот- одделенскиот раководител, здраствената установа, дневен центар, и било која институција или ресурс кој е во согласност со потребата на детето.*

- **Третман или Имплементација на планот** – третманот е всушност имплементација на направениот индивидуален план за работа со корисник. Третманот претстатвува имплементација на поставените цели во планот преку, мерки и активности за реализација согласно потребите на детето, односно давање на соодветната услуга на детето од страна на стручните работници во центарот. Центарот за социјална работа превзема менаџерска улога со цел да се искористат сите расположливи ресурси за задоволување на индивидуалните потреби на дете во ризик, кои произлегуваат од ризиците на кои тоа е изложено. Интервенцијата, остварувањето на планот преку давање на услуга е секогаш во корист и во име на детето во ризик или детето сторител на кривично дело.

- **Мониторинг - ревизија** – фаза/процес кој го остварува Центарот за социјална работа континуирано со третманот, процес преку кој се согледува дали се реализирани активностите од планот. Процес со кој се следат промените кај детето во однос на планираните активности со можност со промена на планираната активност или изречената мерка, се следат постигнатите резултати кај детето во ризик или дете сторител на кривично дело. Центарот за социјална работа им дава подршка на сите системи вклучени во интервенцијата притоа водејќи континуирано бележење на остварените активности и движењето кон целта. Мониторингот е фаза која

треба да обезбеди: напредок, движење и доближување кон посакуванитерезулатати; навремено согледување/споредување на планираното и реализираното; навремено откривање на ризици кои може да ја попречат реализацијата на планот; и косntатација за повторен преглед на состојбата. Мониторингот од страна на стручните работници од Центарот за социјална работа се остварува на различни начини и тоа: средби во Центар за социјална работа, увиди во домот на корисникот (планирана и ad hock посета), телефонски разговор, увид во училиштето (ad hock посета), соработка со училиштето (психолошко педагошката служба при училиштето и одделеснскот/класниот раководител), соработка со дневен центар, здраствена установа, или друга установа која е вклучена како актер во планот.

- **Евалуација** – фаза/процес на анализа на следење и мерење на третманската интервенција, до која мера се остварени или не посакуваните цели. Процес кој ја мери адекватноста на превземените мерки за остварувањето на очекуваните резултати. Целта на евалуацијата на ефектите од спроведените мерки е нивната релевантност кон потребите на детето и потребата од воведување на нови содржини или запирање на третманот.

При евалуацијата се изнесуваат заклучоци во однос на планот и тоа:

- услугата и понатаму треба да се нуди на корисникот (се постигнала целта или не),
- главната цел треба да остане иста, а посебните цели да се променат;
- да се стават нови начини/активности за остварување на посебната цел; повеќето посебни цели се достигнати во ревидираниот план ќе се пренеси само едната неостварена посебна цел и интензивно ќе се работи на истата;
- целите се постигнати, состојбата е стабилизирана, треманот е успешен и нема потреба од натамошно постапување.

Со евалуацијата стучните работници утврдуваат дали на детето му е потребен третман и понатаму.

- **Затворање на случајот -** фаза која што е последна, односно кога стручните работници процениле дека на корисникот веќе не му е потребна услуга, тој самиот се откажал од потребата на услугата од страна на центарот, го променил местото на живеење на друга територија или пак заради смрт на корисникот. Затворањето на случајот се врши со посебен образец – документ **Лист на затворање на случајот**, каде што стручниот работник образложува за причините за завршување на услугите. Случајот согласно интегрираното водење на случаи се затвора после 90 работни дена откако бил остварен последниот директен контакт со корисникот.

Добивајќи ги постепено резулататите од спроведениот анкетен прашалник на стручните лица во центрите, давајќи му акцент и на постапувањето согласно Интегрираното водење на случаи во центрите, следјќи ги сите законски и подзаконски акти, правилиници и протоколи, стандардите и процедурите за постапувањето на Центрите за социјална работа, по кои работат и кои ги користат секојдневно укажува на тоа дека работата на стручните работници е во согласност на законската регулатива на нашата држава со што повторно **се потврдува главната хипотеза - Постапувањето на Центарот за социјална работа со деца во судир со законот е во согласност со позитивна законска регулатива.**

- Во однос на начинот на евидентирање на корисниците, односно на деца во ризик и дете во судир со законот, стручните работници наведоа дека истото се остварува по откривање на ризикот од страна на центарот и по добиени Известувања од страна на институции, тоа:
    - **Министерство за внатрешни работи,**
    - **Пријава од училиште,**
    - **Пријава од родител,**
    - **Известување од Основно Јавно обвинителство,**
    - **Известување од надлежениот суд.**

И известувањата од горенаведените институции се евидентираат во Регистар за малолетници и се постапува по истите согласно законот и постапувањата на центарот со деца во ризик и деца во судир со законот.

Центарот за социјална работа од Неготино ги сподели своите податоци од работата со деца во ризик и деца во судир со законот од изминатите четири години, и истите се прикажани во следната табела 5.

Табела 5. Возрасна структура на деца во ризик и деца во судир со законот, согласно добиените известувања на ЈУМ Центар за социјална работа Неготино во периодот од 2016 до 2019 година

| **Возрасна структура на деца ( во ризик и во судир со законот)** | **2016 година** | **2017 година** | **2018 година** | **2019 година** |
|---|---|---|---|---|
| **Дете во ризик** (не се бројат децата жртви на сексуална злоупотреба и децата на улица) | 6 | 9 | 18 | 30 |
| **Дете во ризик до 14 години** | 7 | 8 | 10 | 2 |
| **Дете во ризик од 14-18 години** | 12 | 43 | 25 | 8 |
| **Дете во судир со законот од 14-16 години** | 12 | 0 | 14 | 12 |
| **Дете во судир со законот над 16 години** | 8 | 0 | 7 | 26 |
| **Помладо полнолетно лице** (кое наполнило 18 години, а не наполнило 21 година) | 1 | 6 | 5 | 1 |
| **Вкупно:** | 46 | 66 | 79 | 79 |

Податоци од страна на Центарот за социјална работа Неготино прикажани во табела 5, можеме да забележиме дека секоја година бројот на корисници - деца во ризик и деца во судир со законот расте, незвисно од ризикот и возраста на самото детето.

- Во однос на прашањето за процената на едно дете во судир со законот, кои потреби ги проценувате, стручните работници ги наведоја следните - специфични потеби на детето на кои прават процена и се стремат на детето да не му недостасуваат, а тоа се:
  - **моменталната здраствена состојба** - во каква здраствена состојба се наоѓа детето;
  - **менталното здравје на детето**;
  - **приходот и работниот статус на семејството** - дали семејството остварува редовни месечни примања соодветни за задоволување на секојдневните потреби на семејството (стабилна економска состојба);
  - **образованието** – дали детето е вклучено во редовен образовен процес и активно е вклучено во истиот (неговиот успех и неговото поведение);
  - **домување** – дали семејството е станбено обезбедено и има нормални услови за живот;
  - **социјални и лични врски** – како детето остварува комуникација со лицата и институциите во неговото опкружување и тоа како се поврзува со истите;
  - **рекреација и слободно време** – активности кои се важни за квалитетот на животот на детето, поврзани се со потребите со ментално здравје, физичко здравје и општествените и меѓучовечките односи;
  - **активности во секојдневниот живот** - основни способности како да се подготви храна, лична хигиена, да се облече и одржува хигиена на своите алишта, да помага во домаќинството и слично, активности кои влијаат врз човековиот капацитет да го задржи независниот животен стил;
  - **превоз во средината** – дали детето има обезбеден ресур за движење во средина во која што живее за непречено да може да ги задоволува своите секојдневни потреби;

- **и правна помош** - поврзување на детето со адвокат (процесирање на делата преку законски систем како што се кривичните обвиненија, заштита на уставните права на детето - доколку тоа е потребно).

Согласно добиените сознанија и резултати во врска процената на едно дете во судир со законот, и процена и задоволување на неговите потреби, стручните работници наведоја доста специфични потреби на детето на кои што прават процена и се стремат кон нивно задоволување при третманот на работа преку сите расположливи ресурси кои им се достапни и се стремат кон максимално искористување на истите за навремено и успешно завршување на третманот на корисникот, што укажува на тоа дека **се потврдува посебната хипотеза 3 - Социјални услуги кои се нудат на деца во судир со законот ги задоволуваат основните потреби на оваа ризична група на деца.**

➢ Во однос на тоа кои инструменти, техники и методи ги користат стручните работници при работа – постапувањето со деца во судир со законот истите ги наведоа седните најчесто користени инструменти, техники и методи како што се:

- **Интервју;**
- **Прашалник за сили и тешкотии;**
- **Прашалник на сили и потреби;**
- **Дијаграм на секвенци на однесување;**
- **Скала на семејни активности;**
- **Мапа на социјална мрежа;**
- **Културограм;**
- **Скала за проценка на емоционалната состојба на адолесцентот;**
- **Конерсова скратена скала за проценка;**
- **Прашалник за родителски надзор;**
- **Скала на секојдневни потешкотии на родителите;**
- **Прашалник за неодамнешни настани;**
- **Временска линија;**
- **Прашалник за агресивност;**

- **Скала за проценување на срам и вина; и**
- **Скала на станбени услови паралелно со записник од увид во домот.**

➢ Во однос на тоа дали понудените техники и инструменти со кои работат секојдневно во целост ги задоволуваат нивните потреби за работа, стучните работници истакнаа дека техники и инструменти кои моментално ги користат и се погоренаведени одговараат на нивната работа, и се во согласност со стандардите и постапувањата на центрите за социјална работа, но секој нов инструмент е и тоа како добредојден во работата стручните работници.

➢ На прашањето дали условите во кои работат им дозволуваат да ја направат соодветната проценка на детето во целост, стручните работници истакнаа дека условите во кои што работат не се најдобари. Центрите за социјална работа се поставени како и сите други институции, со соодветни канцеларии, каде што во секоја канцеларија најчесто има тројца па и повеќе колеги, вакавата ситуација не само што ја попречува работата на стучните работници, создава чуство на несигурност и неудобност кај корисниците, а најмногу кај децата. Условите играат многу важна улога во работата на центарот, а најмногу при работата со деца, затоа што со адаптирани услови на приватност, адаптирана просторија за работа со деца, односот со корисникот како да е седнат на жешко столче да се замени со услови за остварување на близина и комуникација на исто рамниште, ќе обезбедат позитивна атмосфера која нуди опуштеност на корисниците и ќе носи позитивни резултати и во проценката па и понатаму и при имплементацијата на планот или третманот.

➢ Стручните работници во однос на комуникацијата со колегите, дали е непречена и добра се со цел исполнување на тимски дејствувања истите истакнаа деканивната работа е тимска работа, комуникацијата го игра најважниот дел кој всушност води до успешна соработка, доколку коминикацијата помеѓу стручниот тим тешко се остварува се доаѓа до проблеми уште при прваиот контакт и проценката за корисникот, а понатаму и при изготвување на планот и оставрување на истиот.

- Во однос на прашањето дали при поставување на планот, во делот на планирање тимски ги поставуваат целите на планот, сручните работници истакнаа дека при фаза на проценка кога се анализира детето и се прави онаа голема слика за детето и се гледа областа - потребата каде треба да се работи, уште во оваа фаза секој од своја профилна страна прави проценка, а со тоа и си подготвува терен за работа и знае како би постапил и кога доаѓа на ред изготвувањето на Индивидуалниот план за работа со корисник секој ја зазема својата улога, планот го изготвува водителот на случај - координаторот, а во поставувањето на целите во планот тимски се работи. Водителот на случај при изготвувањето на планот може да ги вклучи зависно од потребата:
  - **стручниот тим при Центарот за социјална работа** (педагог, психолог, социјален работник и правник);
  - **корисникот – детето;**
  - **неговиот родител / старател** ( роднински згрижувач);
  - **друг член од семејството;**
  - **стручниот тим од училиштето;**
  - **класниот- одделенскиот раководител;**
  - **здраствена установа;**
  - **дневен центар;**
  - **и било која институција или ресурс кој е во согласност со потребата на детето.**

Оваа соработка помеѓу стручниот тим во центарот и вклучувањето како актери други институции и ресурси кои се достапни на соработка во таа општина, укажува на тоа дека стучните работници следејќи ги законите и правилниците за постапување, се посветуваат да го изнајдат најдобриот начин за излегување на корисникот од ризикот користејќи ги сите расположливи социјални услуги и во областа на социјалнта заштита, образованието и здраството како кои се најважни за едно дете, што со овој добиен резултат **се потврдува посебната хипотеза 2 - Социјални услуги во областа на социјалната заштита и здравството кои се нудат на деца во судир со законот се во согласност со законска регулатива.**

- На тоа дали при имплементирање на  третманот наидуваат на пречка и несоработка со некоја институција  стручните работници истакнаа дека мултисекторската работа кога се работи за работа со дете треба да биде итна и неодложна, да се постапува веднаш и да се заштити личноста на детето и се задоволат неговите неопходни потреби за живот, се остварува добро со институциите со кои што соработуваат како што се Министерство за внатрешни работи односнонадлежната полициска станица, центар за вработување, ЈЗУ Здраствен дом, дневен цетар, училиштата, во некои случаи психијатриска болница иликазнено поправна установа.Истите истакнаа дела понекогаш наидуваат на некои проблеми - несоработка, а тоа најчесто е со стручниот тим во училиштето, немаат добиено навремена повратна информација, па истатат ја добиваат по барање со ургенција или со директен контакт во училиштето, се во зависност од итноста на случајот и  согласно законските рокови.

- На прашањето во однос на тоа кој го врши процесот на мониторинг и евалуација (дали го извршува водителот/координаторот на случајот,или работата е тимска) истите истакнаа дека процесот го врши водителот на случај, тој го води случајот и ја има целата одговорност кон истиот, но при самата имплементација на планот и вклучените соработници во истиот се гледа веќе каде нештатат не функционираат и меѓусебе тимот комуницира и согледува каде треба да се прави промена, таа комуникација е помеѓу вклучените актери во планот и водителот,  а тоа е од помош и му дава насока на водителот при изготвувањето на евалуацијата на планот.

- Во однос на тоа дали во процесот на мониторинг им се случило да направат повторна проценка, нов план, а со тоа и итервенирање по новиот план  истите истакнуваат дека тоа им се случува. Кога се работи со луѓе, а посебно со дете во ризик или дете во судир со законот нормално е да се менуваат работите, а тоа е и позитвна работа затоа што навремено се согледале недостатоците, се надополниле, се менувале, а сето тоа е во интерес на корисникот - детето.

- На прашањето кои мерки може да им се изречени на деца во судир со законот, истите ги наведоа следните:
  - **мерки на помош и заштита,**
  - **воспитни мерки:**
    - укор;
    - упатување во центар за деца;
    - мерки на засилен надзор - засилен надзор од страна на родител, старател или згрижувач, засилен надзор од центарот за социјална работа;
    - заводска мерка – упатување во воспитна установа и воспитно поправен дом.
  - **казни – санкции:**
    - затвор за деца;
    - парична казна;
    - забрана за управување со моторно возило од определен вид или категорија; и
    - протерување на странец од земјата.
  - **алтернативни мерки:**
    - условна осуда со заштитен надзор;
    - условно прекинување на водење на постапка; и
    - општокорисна работа.
  - **мерки на безбедност:**
    - задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа;
    - задолжително психијатриско лекување на слобода;
    - задолжително лекување на алкохоличари и наркомани.

Мерки кои што најчесто ги изрекува судот на деца во судир со законот се воспитните мерки, односно воспитни мерки како што се: укор, засилен надзор од страна на родителот и засилен надзор од страна на центарот, инплементацијата или

извршувањето на овие мерки е преку третман во ценрите за социјална работа, во зависност од траењето на изречената мерка, текот на нејзино извршување и потребата на корисникот.

Центарот за социјална работа Неготино ги сподели своите податоци од работата со деца во конфликт со законот и изречени мерки за истите со судски решенија, податоците се прикажани во табела 6 подолу.

Табела 6. Видови на изречени мерки на деца во ризик и деца во судир со законот во ЈУМ Центар за социјална работа Неготино во периодот од 2016 до 2019 година

| **Видови на изречени мерки** | **2016** | | | **2017** | | | **2018** | | | **2019** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Стари изречени од претходната година кои сеуште траат** | **Нови – изречени по прв пар** | **Вкупно** | **Стари изречени од претходната година кои сеуште траат** | **Нови – изречени по прв пар** | **Вкупно** | **Стари изречени од претходната година кои сеуште траат** | **Нови – изречени по прв пар** | **Вкупно** | **Стари изречени од претходната година кои сеуште траат** | **Нови – изречени по прв пар** | **Вкупно** |
| Укор | 0 | 11 | 11 | 0 | 14 | 14 | 0 | 35 | 35 | 2 | 19 | 21 |
| Центар за млади | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Засилен надзор од родител | 29 | 7 | 36 | 45 | 8 | 53 | 43 | 6 | 49 | 17 | 1 | 18 |
| Засилен надзор од старател | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 |
| Засилен надзор од ЦСР | 46 | 11 | 57 | 47 | 6 | 53 | 37 | 2 | 39 | 24 | 0 | 24 |
| Алтернативн а мерка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЈУ Ранка Милановиќ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ВП Дом-Тетово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Затвор за малолетници | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно: | 75 | 29 | 104 | 92 | 28 | 120 | 80 | 44 | 124 | 44 | 20 | 64 |

При увидот во табела 6, може да се констатира дека овие три мерки укор, засилен надзор од родител и засилен надзор од центарот се најчесто изречени во последните четири години на деца во судир со законот за кои што тие како центар се надлежни да работат, а тоа се деца од општините Неготино и Демир Капија.

Додека во однос на повторно евидентирање на децата во ризик и деца во судир со законот од центарот ги добивме следните податоци прикажани во следната табела 7.

Табела 7. Структура на повторници - деца во ризик и деца во судир со законот евидентирани во ЈУМ Центар за социјална работа Неготино во периодот од 2016 до 2019 година

| **Повторници** (деца во ризик – деца во судир со законот) | **2016** | | | **2017** | | | **2018** | | | **2019** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Повторници** | **Нови** | **Вкупно** | **Повторници** | **Нови** | **Вкупно** | **Повторници** | **Нови** | **Вкупно** | **Повторници** | **Нови** | **Вкупно** |
| **Дете во ризик** | 0 | 2 | 2 | 8 | 4 | 11 | 13 | 18 | 31 | 3 | 10 | 13 |
| **Дете во ризик до 14 години** | 1 | 6 | 7 | 1 | 8 | 9 | 3 | 6 | 9 | 2 | 1 | 3 |
| **Дете во ризик од 14-18години** | 13 | 5 | 18 | 38 | 22 | 60 | 39 | 23 | 62 | 3 | 8 | 11 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Дете во судир со законот од 14-16 години** | 35 | 5 | 40 | 0 | 0 | 0 | 1 | 8 | 9 | 0 | 12 | 12 |
| **Дете во судир со законот над 16 години** | 11 | 7 | 18 | 0 | 0 | 0 | 2 | 5 | 7 | 16 | 19 | 35 |
| **Помладо полнолетно лице** (кое наполнило 18 гододини, а не наполнило 21 година | 19 | 0 | 19 | 12 | 0 | 12 | 14 | 4 | 18 | 0 | 1 | 1 |
| **Вкупно:** | 79 | 25 | 104 | 59 | 34 | 92 | 72 | 64 | 136 | 24 | 51 | 75 |

По увидот во табела 7 можеме да констатираме дека бројот на повторници во текот на 2016, 2017 и 2018 растел, но 2019 година не се забележува пораст на деца кои направиле повторно дело и на кои им била изречена нова мерка.

- Во однос на прашањето колку често од страна на судот не се прифатени предложените мерки за детето во судир со законот од страна на Центрите за социјална работа, стручните работници истакнаа дека многу се ретки случаите кога судот не го почитува мислењето на Центарот за социјална работа, во најголем дел мерките кои се предложени од страна на надлежниот центар се прифатени од судот и се изречени.

- На прашањето кои воспитни мерки најчесто стручениот тим од центарот ги предлага на судот да се изречат на дете во конфликт со законот, истите истакнаа дека тоа се воспитните мерки укор, засилен надзор од родител и засилен надзор од Центарот за социјална работа.

- На прашањето дали сметаат дека предложената мерка од страна на центарот во целост одговараат на потребите на детето во судир со законот истите образложија

дека по остварената проценка каде што се проценуваат потребите и ризиците на детето и семејството, проценката е направена од страна на целиот стручен тим составен од различни профили со применети соодветни техники и методи (сестрана обработка на слуичајот), и работа на терен согласно процедурите и стандардите кои ги почитуваат при работата, како и при почитување на сите законски и позаконски акти, правилници и протоколи за работа, се добива увид во целосната состојба и на детето и неговото семејство, и секоја предложена мерка одговара согласно личноста и потребите на детето. Центарот за социјална работа е институција која се бори и ги штити децата и се стреми кон задоволување на нивните потреби, и неможе предложените мерки да не се во најдобар интерес на детето, мерките одговараат на потребите на децата во судир со законот.

- Во однос на тоа дали сметаат дека треба да има промена во однос на постапувањето со деца во судир со законот истите истакнаа дека: воведувањето на Интегрираното водење на случаи го рефрешира постапувањто на Центрите за социјална работа за подобра и поквалитетна услуга на корисниците, тоа е една од поновите промени во работата на центрите по долго време, тие лесно го прифатиле новиот начин на работа и брзо се прилагодиле и сметаат дека се задоволени нивните барања во однос на нивната работа. Процедурите и стандардите за постапувањата и работа на стручните работници, законските и подзаконските акти и правилниците и протоколите за работа на стручните лица во центрите ја задоволуваат нивната работа и одговараат на задеадениот проблем.

- Во кој однос на тоа каде би требало да бидат промените во постапувањето и работата, истите истакнаа деказаконските одредби и законската регулатива во државата упатува на постоење на широк систем на сервиси и услуги за поддршка на деца во судир со законот, но постои недостиг на имплементирањето. Недостатокот го чуствауваат и во уловите во кои што секојдневно работат, и во итноста на постапувањто.

Во согласност со добините одговори – резултати согледуваме и дека достапноста на услугите во местата на живеење на децата во судир со законот се во зависност на развиеноста на општината и работата на институциите во неа, самата соработка помеѓу институциите и имнплементацијата на заедничката работа која наидува на препреки, што укажува на тоа **дека се потврдува посебната хипотеза 1 - Законските одредби и законската регулатива на Република Северна Македонија упатува на постоење на широк систем на сервиси и услуги за поддршка на деца во судир со законот, но постои недостиг на имплементација.**

- Покрај спроведениот анкетен прашалник за добивање на една поинаква слика во однос на работата на стручните работници при Центрите за социјална работа со деца во судир со закон, направена е анализа на содржината на досие на дете во судир со законот. Направен е увид во содржината на досие на 10 деца во судир со законот на кои им се изречени мерки од страна на надлежниот суд. Од анализираните досие на деца во судир со законот се добиени подолу наведените резултати.

Секој предмет - досие на дете во судир со законот е нареден во соодветен шкаф со клуч, што укажува на тоа дека пред се стручните работници соодветно ги штитат правата и личноста на децата и недозволуваат увид и достапност на сите во овие предмети кои се една чуствителна проблематика.

Досието на едно дете во судир со законот е ставен во картонски предмет досие во кое се чуваат сите документи пристигнати и тековно изработени, се во врска со тоа дете. Документацијата е уредно наредена хронолошки, во досието сите документи се уредно попишани во предмет списа.

**Содржината на едно досие на дете во судир со законот ја сочинуваат:**

1. Известување од страна на Министерството за внатрешни работи или Барање податоци за приликите и околностите на детето со предлог мерка од страна на стручниот тим за да се изрече од надлежниот суд.

2. Тријажен лист – во кои се пополнуваат евиденциони податоци за детето и со пополнување на овој лист може да се увиди дали детето се јавува прв пат, или веќе е евидентирано во системот на социјална заштита тоа или неговото семејство.
3. Покана до детето и родителот од страна на водителот на случај да се јават на средба во Центарот за социјална работа.
4. Изјава за лични податоци.
5. Записник со изјава – дадена од страна на детето и неговиот родител или старател, која е со содржина согласно настанот кој што се случил, ситуацијата по истиот, увидот на состојбата од страна и на родителот и на детето, превземените мерки од страна на родителот за дадената ситуација и однесувањето на детето по истата.
6. Прашалник за домаќинство - во кој што се пополнуваат податоци за сите членови на домаќинството, во однос на лични податоци, етничка припадност, степен на образование, работен однос на родителите и слично.
7. Техники – се применуваат различни видови на техники за проценка од страна на стручните работници но најчесто применувани се:
   - **Прашалник за сили и тешкотии;**
   - **Прашалник на сили и потреби;**
   - **Мапа на социјална мрежа;**
   - **Скала за проценка на емоционалната состојба на адолесцентот;**
   - **Прашалник за родителски надзор;**
   - **Скала на секојдневни потешкотии на родителите;**
   - **Скала за проценување на срам и вина.**
8. Записник од увид – со кој е констатирана фактичката состојба во домот на детето, условите и приликите во што живее детето паралелно со увидот се пополнува и Скала на станбени услови.
9. Лист на проценка – е докумет во кој што се сумирани сите добиени податоци при разговорот – интервјуто, спроведените техники, увидот во домот на корисникот и соработката со институциите. Податоците за детето во овој документ се поделени на неколку делови и тоа лични податоци за детето,

податоци за членовите на семејството, податоци за институциите со кои се соработува, основ за правење проценка, опис и проценка на состојбата, функционирање и потребите на детето, опис и процена на раниот развој на детето, влијанието на семејството, училиштето и средината врз детето, и заклучок од добиените податоци и спроведената стручна работа со детето и семејството. Листот на проценка е направен од водителот на случај во соработка со другите стручни работници.

10. Наод и мислење од стручен работник - посебно изготвени Наод и мислење од социјален работник, психолог, педагог и правник, секој изготвува наод согласно својата стручност и констатирана состојба по што дава свое мислење со предлог мерка кој треба да се изрече на детето од надлежниот суд.
11. Записник од стручен тим - документ во кој се запишуваат податоци при состанокот на стручниот тим во однос на детето и констатирана состојба и потребите, како и мислење во однос на предлог мерка која е соодветна да се предложи на судот за да му се изрече на детето.
12. Наод и мислење од стручен тим - заклучок од наодите и мислењата на стручните работници за приликите и околностите во кои што се наоѓа детето, како и предлог мерка од стручен тим која судот може да ја изрече на детето.
13. Извештај - доставен извештај заедно со наодите и мислењата од стручните работници и стручен тим со предлог мерка.
14. Лист за следење на корисник – евиденционен лист за тековните случувања во врска со предметот, се бележат примените документи, работата и контактите на стручните работници, како и изготвените и проследени документи и слично.
15. Решение – пристигнато од надлежниот суд во однос на изречената мерка кон детето во судир со законот.
16. Покана до детето и родителот од страна на водителот на случај да се јават на средба во Центарот за социјална работа за информирање согласно пристигнатото Решение.

17. Записник со изјава – од страна на детето и родителот во однос запознавање со пристигнатото Решение и изречената мерка, и спремноста за понатамошна соработка и реализирање на изречената мерка.
18. План за индивидуална работа со корисник – план во кој согласно изречената мерка, приликите и околностите во кои се наоѓа детето се поставени цели кои треба да се реализираат согласно поставените активности во планот.
19. Имплементацијата – третманот (траењето на планот) е најчесто по 6 месеци од изречената мерка, односно започнува веднаш по изрекувањето на мерката.

    При имплементацијата на планот – третманот се остваруваат средби со детето и родителот, се применуваат содветни техники, се прави соработка со училиштето или друга институција која е вклучена во планот за детето. Но вклучување на други сервиси и услуги за поддршка на детето во судир со законот не се забележана, што потврдува дека има недостаток на расположливи ресурси во дадени општини.
20. Евалуација на планот - ревидирање на планот и се прави на 6 месеци од изготвувањето на планот кога и се праќа шестмесечен извештај до судот за течението на изречената мерка и ефектите од истата.
21. Ревидирање на Планот за индивидуална работа со корисник - односно формирање на План за индивидуална работа со корисник, согласно остварените цели и од претходиот план, поставување на нови цели и планирање активности согласно изречената мерка и согласно потребите на детето.

    Паралелно за реализирање на Планот за индивидуална работа се остварени средби со детето и родителот, увиди во неговиот дом, применети техники согласно потребата на детето и изречената мерка. По изминатаите 6 месеци од ревидираниот план се прави повторно евалуација на планот, и доколку при евалуацијата се констатра дека поставените цели во планот се реализирани детето и родителот покажале соработка и промена во однесувањето, стручниот тим при доставувањето на 6 месечниот извештај до надлешниот суд за ефектите од реализираната мерка, доставува и предлог мислење за прекинување на мерката, по што надлежниот суд изготвува

Решение за прекин на мерката која била изречена и реализирана преку надлежниот Центар за социјална работа. По ова Решение се запознаваат детето и родителите во однос на прекинувањето на мерката, како и состанок на стручниот тим.

22. Записник од стручен тим – со кој се констатира дека по донесеното Решение од судот за прекинување на мерката постапувањата на центарот престануваат и предметот не е повеќе активен.
23. Лист за затворање на случајот - по Решението за прекинување на мерката и остварената средба со детето и родителот, стручниот тим предметот го затвора по 90 дена од работата соглано Интегрираното водење на случаи.

Од остврениот увид во содржината на досие на деца во судир со законот можам да коснататирам дека работат на стручните работници во постапката за дете во судир со законот е следејќи ги Законот за правда за децата, Стандардите и процедурите за постапувањето на Центрите за социјална работа, Интегрираното водење на случаи како и сите правилници и протоколи за постапување. Стручните работници согласно работата со дете во судир со законот ги следеле сите фази на работа согласно Стандардите и процедурите за постапувањето на Центрите за социјална работа и Интегрираното водење на случаи. При постапувањето и минувањето низ фазите на работа стручните работници ги испочитувале сите законски рокови согласно постапувањето со деца во ризик и деца во судир со законот, наремено и уредно се поканети децата и родителите во рок од 7 дена, остварена е средба со детето и родителот, применети се техники од сите стручни работници, проценка во рок од 10 дена и изготвување на наод и мислење и предлог мерка во рок од 30 дена и доставена до надлежниот суд, по изрекувањто на мерката од страна на судот и пристигнатото Решение стручните работници изготвуваат Индивидуален план за работа со детето најчесто веднаш, намногу во рок од 30 дена. При изготвувањето на планот водителот на случај ги вклучува детето, родителот, училиштето или било кој ресурс кој е расположлив во општината и одговара на потребите на детето изречената мерка. Мониторинг на планот се прави континуирано со имплементирањето на планот, а евалуацијата по 6 месеци од

изготвувањето на планот заедно со доставувањето на 6 месечниот извештај на судот. При увид во содржината на досие на деца во судир  со законот можам да коснататирам дека стручните работници соработуваат со институциите согласно потребата, а најчесто тие институции се Миистерство за внатрешни работи, Агенција за вработување, училиштето, здраствена установа и слично.

Самата анализа на содржината на досие на дете во судир со законот во Центрите за социјална работа потврдува дека теоријата ја следи пракса, односно сето она што е пропишано со закон, правилници и протоколи за постапување, во однос на постапувањата со деца во судир со законот е испочитувано и реализирано при постапувањето на стручните работници во центрите.

Согласно овие податоци можам да констатирам дека **се потврдува главната хипотеза - Постапувањето на Центарот за социјална работа со деца во судир со законот е во согласност со позитивната законска регулатива.**

При анализирањето на 10 досиеа на деца во судир со законот, направени се неколку поделби на податоците, и истите се прикажани во табелите подолу:

Табела 8. Структура на досие согласно полот на детето

| **Полова структура** | **Број на досиеа** |
|---|---|
| **Момчиња** | 8 |
| **Девојчиња** | 2 |
| **Вкупно** | 10 |

Согласно прикажаните резултати во табела 8 можеме да увидиме дека од анализираните 10 досиеа,  8 се на момчиња и 2 девојчиња.

Мерки кои им биле изречени на овие деца од страна на надлежниот суд се воспитни мерки, и тоа укор, надзор од родител и надзор од центарот. Истите овие

податоци добиени по остварената анализа во досието на децата се прикажани во табела 9.

Табела 9. Видови на изречени мерки на деца во судир со законот

| **Видови на изречени мерки** | **Момчиња** | **Девојчиња** |
|---|---|---|
| **Укор** | 1 | 1 |
| **Засилен надзор од родител** | 4 | 1 |
| **Зацилен надзор од ЦСР** | 3 | 0 |
| **Вкупно** | 8 | 2 |

Согласно увидот во табела 9 можеме да констатираме дека воспитна мерка укор била изречена на 2 деца, едно момче и едно девојче, воспитна мерка засилен надзор од родител е изречена на 5 деца од кои 4 момчиња и 1 девојче, и воспитна мрка засилен надзор од центарот е изречена на 3 деца – момчиња.

Согласно возраста на која  им е изречена воспитната мерка е претставена во табела 10 подолу.

Табела 10  Структура на досието согласно возраста кога им е изречена мерката

| **Возраст на децата** | **Момчиња** | **Девојчиња** |
|---|---|---|
| **14 години** | 2 | 0 |
| **15 години** | 3 | 1 |
| **16 години** | 3 | 0 |
| **17 години** | 0 | 1 |
| **Вкупно** | 8 | 2 |

По остварениот увид во табела 10 можеме да констатираме дека на 14 години им била изречена мерка на 2 момчиња, на 15 години на 3 момчиња и 1 девојче, на 16 години на 3 момчиња и на 17 годишна возраст на 1 девојче.

Од увидот во анализираните досиеа и податоците во табелите можеме да забележиме дека стручните лица во центрите ги почитуваат правата на децата ги почитуваат и работат согласно Законот за правда за децата (Сл. Весник на РМ, бр.148/2013) и Законот за социјална заштита (Сл. Весник на РСМ, бр. 104/2019), со што и **се потврдува посебната хипотеза 2 - Социјални услуги во областа на социјалната заштита и здравството кои се нудат на деца во судир со законот се во согласност со законска регулатива.**

- Остварена е дискусија во фокус група со стручни работници од Центрот за социјална работа. Во дискусијата беа опфатени 8 стручни работници, по двајца работници од секој профил социјален работник, психолог, педагог и правник, односно два комплетни стручни тима при центарот. При дискусијата се раправаше во однос на неколку прашања и тоа:
    - Дали постапувањето на Центрите за социјална работа со деца во ризик и деца во судир со законот е во согласност на позитивно правните прописи во нашата држава?
    - Дали сегашната законска регулатива поврзана со децата во ризик е доволна?
    - Дали имплементацијата законската регулатива е на соодветно ниво?

Во рамките на овие прашања се водеше обемна дискусија и стручните работници имаа различно видување во однос на истата.

Сепак најголема полемика се водеше во однос на работата на стручните работници во центрите и во однос на имплементацијата на законот. Стручните

работници истакнаа дека тие го даваат својот максимум во однос на постапувањето и работатат со деца во ризик и деца во судир со законот, ги почитуваат правата на децата и нивните потреби. Постапуваат во однос на пропишаните рокови и процедури за постапување, се во најдобар интерес на детето.

Во поглед на законската регулатива на нашата држава и пропишаните прописи во однос децата, истите сметаат дека се засега доволни и одговараат и на нивната работа, но и на почитувањето на правата на децата и задоволувањето на нивните потреби, што е и најважна во однос на постапувањето на центарот.

Истите истакнаа дека со измените во Законот за социјална заштита (Сл.Весник 104/2019) и воведувањето на Интегрирано водење на случаи во Центрите за социјална работа се внел еден попрецизен и поразработен начин на проценка и постапување на стручните работници. Со интегрираното водење на случаи, односно по неговото постапување, секој предмет минува низ неколку фази-процеси со што се овозможува квалитетна проценка на случајот, за со тоа и овозможување на подобри услуги, и задоволување на потребите на корисниците, и пред се почитување на нивните права.

Фазите низ кои минува работата на стручните работници во Центрите за социјална работа, се потврдени и при анализа на резулататите од Анкениот прашални и низ анализата на содржината на досие на деца во судир со законот, а тоа се:

-откривање на случајот – евидентирање;
-проценка;
–планирање;
–третман – имплементација на планот;
– мониторин-ревизија;
– евалуација; и
–затворање на случајот.

При дискуцијата стручните работници во однос на фазите - процесите кои ги следат при постапувањето истакнаа дека со примената на инструментите и

техниките за проценка, како и разговори со детето и родителот водат кон добра проценка која потоа дава една целосна слика за детето и неговото семејство, упатува на ставање акцент на неговите незадоволени потреби и потреба од промената на неговото однесување, незаборавајќи да ја почитува неговата личност и неговите права. Успешното минување од една во друга фаза на работа на стручните работници ги носи до побрзи и поквалитетни услуги и резулатати, но овде ги вклучуваат и сите расположливи ресурси од својата средина, кои и не се многубројни.

Стручните работници сметаат дека нивните постапување согласно попишаните законски прописи се доволни, ги почитуваат, секојдневно се раководат согласно законот и сите стандарди, процедури и правилници за постапување со деца во ризик и деца во судир со законот, и сегашната законска регулатива одговара на потребите и на стручните работници и на децата во ризик и децата во судир со законот.

Неколкумина од стручните работници (двајца) истакнаа дека, треба да се стави поголем акцент и да се превземе поголема иницијатива во однос на постапувањето со деца во ризик и деца во судир со законот, се со цел заштита на најдобриот интерес на детето.

Во поглед на законската регулатива сите беа согласни дека е соодветна и максимално се заштитуваат правата на децата во ризик и децат во судир со законот, и навремено се задоволуваат нивните потреби. Но во однос на имплементацијата на законската регулатива пет стручни работници сметаат дека не е доволна, имплементирањето е минимално.

Спроведувајќи ја оваа дискусија и анализирајќи ги ставовите на стручните работници при центрите, можам да констатирам дека постапувањето на Центарот за социјална работа со деца во судир со законот е во согласност со позитивната законска регулатива, законските одредби и регулатива во нашата држава упатува на постоење на широк систем на сервиси и услуги за поддршка на деца во судир со законот, но постои недостиг на имплементирање.

**Заклучок**

Од горе наведеното можеме да заклучиме дека девијантното однесување кај малолетните лица – децата е се повеќе во нагорен тренд без разлика на тоа колку секојдневно државата и институциите вложуваат и се трудат да ја намалат тенденцијата на пораст на истото. Иако секојдневно се зборува за бенефитите и различниот вид на поволности кои младиот човек може да ги искористи во нашата држава сепак секојдневно сме сведоци на зголемување на бројот на млади лица кај кои е застапено девијатно однесување. Ова девијантно однесување применувано од ден на ден, преминува и во криминално односно истите овие деца започнуваат да извршуваат криминални дела како кражби, разбојништва, нарушувања на јавниот ред и мир со што директно влегуваат во судир со законот и државата.

Токму причините поради кои децата доаѓаат во судир со законот и го развиваат своето девијантно однесување како и улогата на Центрите за социјална рабоат се предмет на анализа на мојот магистерски труд. Голем број истражувања низ државите покажуваат дека клучни ризични фактори за децата да се инволвираат во девијатно инкриминирачко одесување – неприфатено од заедницата се несоодветно агресивно однесување, недоволен успех на училиште- недоволна вклученост во образовниот процес, лоша семејна историја, мал степен на социјален статус, достапност за користење на дрога и алкохол, и лошо социјално опкружување.

Согледувајќи ги овие ризик фактори кои влијаат врз можноста за инволвирање на детето во девијатно инкриминирачко одесување, стручните лица во Центрите за социјална работа при проценка и нивната работа со деца во судир со законот ги гледаат семејството и училиштето како значајни чинители кои ќе им помогнат на децата при третманот имлементиран во Центарот за социјалана работа.

При обидот за ресоцијализација на овие деца една од главните институции претставува Центарот за социјална работа. Неговите надлежности како и неговата улога се строго дефинирани со законите на секоја држава, и го пропишува начинот на негово делување.

Оттука не можеме а да не се запрашаме дали надлежните центри поврзани со оваа проблематика ја спроведуваат својата улога во пракса или тоа е само еден обичен лист со законски прописи кои е оставен на нивното биро. Токму потради тоа започнав да истражувам во поголем број на Центри за социјална работа. Покрај дискусијата во фокус група со стручните работници во центарот, спроведов и анкетен прашалник на стручните работници во центри за да истражам дали тие ја спроведуваат својата работа, но и начинот на кој тоа функционира. По овие формални и неформални разговори и пишани документи – анкетен пашалник, за да добијам една поинаква слика направив анализа на содржината на досие на дете во судир со законот, со што можам да заклучам дека центрите правилно ја извршуваат својата работа во сферата на случаите со деца во судир со законот, сетоа она пропишано е спроведено, следејќи ги сите законски и подзаконски акти што укажува на тоа дека постапувањето на Центарот за социјална работа со деца во судир со законот е во согласност со позитивна законска регулатива и се потврди главната хипотеза на ова истражување.

И покрај цела оваа ефикасна работа на центрите сепак имплементацијата на законите не е сто проценти применета, односно секогаш може и подобро. Република Северна Македонија располага со широк спектар на законски регулативи кои прецизно ги опишуваат начините на кои треба да се постапува со децата во ризик кои се во судир со законот, но сепак потребна е уште поголема вклученост на центрите во имплементацијата на овие закони и сораборка помеѓу институциите.

Покрај пропишаната теорија има и спроведена пракса од страна на Центарот за социјалана работа. Сепак темата на моето истражување е да се утврди колку оваа теорија всушност се спроведува во пракса на Центрите за социјална работа во нашата држава. По големиот број на теоретски анализи, но и заклучоците добиени по анализата на анкетните прашалници и дискусија со стручните работници, како и анализа на содржината на досие на дете во судир со законот можам слободно да констатирам дека Центрите за социјална работа ја вршат својата работа во согласност со Уставот и законите. Тие се трудат максимално да се посветат на секое дете во ризик и дете во судир со законот, иако постои недостаток од условите за работа на стручните работници и соработка со институциите, за полесно справување со овој проблем на најефикасен начин.

**Препораки**

Врз основа на добиените податоци од ова истражување и заклучоците од истото, се препорачува следното:

- Да се подобрат условите за работа во Центарите за социјална работа низ државата;
- Проширување на просторните капацитети во центрите за социјална работа, нивно техничко опремување и подобрување на условите за работа - се обезбеди просторија, адаптирана за работа со деца во ризик и деца во судир со законот, се со цел поголема ефикасност на работата на стручните работници, и успешен третман со работата со деца;
- Поголема посветеност и одговорност на стручните работници во центрите, при работа со дете во судир со законот;
- Навремена идентификација и пружање соодветна помош и поддршка на деца во судир со законот од страна на надлежните институции;
- Потребно е да се воведат постојани програми за континуирана обука на стручните работници во однос на работа со деца во судир со законот;
- Потребна е поголема соработката со детето во судир со законот, неговото семејство, институциите и меѓусекторска соработка;
- Поттикнување на стручните работници за реализирање – практикување на работилници со родителите (едукативни работилници за јакнење на родителските капацитети);
- Да се формираат советувалишта за деца во ризик и деца во судир со законот, при самите Центри за социјална работа;
- Да се формира оддел за превенција при самиот Центар за социјална работа;
- Да се воспоставува соработка и едукација од страна на експерти од земјите со повисоки стандарди во сузбивањето на малолетничката деликвенција и ресоцијализацијата на малолетните престапници;
- Оспособување на стручните работници во Центрите за социјална работа и иститутциите партнери при постапување со деца во судир со законот за ослободување од стресот при работа;

- Потребно е да се посвети внимание во однос на постапувањето на институциите при работа со дете во судир со законот, почитувајќи ја личноста на детето;
- Потребно е да се воведат постојани програми за континуирана обука на стручните работници во институициите кои соработуваат со Центрите за социјална работа, со цел подобра соработка во работата со деца во судир со законот;
- Да се подигне и зајакне соработката меѓу партнерите во поддршка на децата во судир на законот во насока на воспоставување на поефикасна поддршка на децата во судир со законот;
- Потребно е формирање или јакнење на капацитетите на општинските центри за превенција, и создавање на услови за нивно функционирање обезбедување на материјални и кадровски решенија).

**Користена литература:**


1. Арнаудовски, Љ. (1988) Пенологија,  Скопје:Правен факултет.
2. Арнаудовски, Љ. (2008) Законот за малолетничка правда и малолетноста,  во Малолетничка правда од идеја до практика, Скопје:Полициска академија.
3. Арнаудовски, Љ. Бужаровска, Г. Нанев, Л. (2004) Стратегија за имплементација на алтернативните санкции.
4. Бужаровска, Г. Кошевалиска, О.  Нанев, Л. (2012) Меѓународни документи за спроведување на малолетничката правда – Современи текови во постапувањето, Кавадарци: СППМД.
5. Бужаровска, Г. (2006) Малолетничка правда – од ретрибутивност кон ресторативност, Скопје: МРКПК, бр.3.
6. Bregnat, L.(1968) Psihološki aspekti vaspitne zapuštenosti, Osvrti, Br.1, SDDJ, Beograd.
7. Богоевска, Н. Борнарова, С. (2013) Анализа на социјалната состојба на децата кои ја загубиле или се изложени на ризик од губење на родителската грижа во град Скопје.
8. Бачановиќ, О. (2002) Деца во судир со законот- Правата на детето и малолетничка правда, Здружение за заштита на правата на детето.
9. Brkovic, A.D. (2011) Razvojna psihologija, Regionalni centar za profesionalni razvoj zaposlenih u obrazovanju, Cacak.
10. Велкова, Т. (1999) Повторот кај малолетните сторители на кривични дела, Штип.)
11. Велкова,Т. (2006) Феноменологија на малолетничкиот криминалитет во Република Македонија во периодот 1981 – 2000 година, Штип.
12. Димитријоска, С. (2012) Социјала заштита, - Институт за Социјлна работа и социјалана политика.
13. Димитријоска, С. (2012) Социјала работа со малолетници сторители на кривични дела, Скопје: Филозофски Факултет.
14. Димитријоска, С. (2012)  Прирачник за обука за менторска програма за малолетници во конфликт со законот, Скопје: Филозофски Факултет.
15. Dick, G. (2006) The Birth of Discipline Without Punishment.
16. Douglas A,W. (2011) Discipline Rituals – What We Resist Persists.
17. Žegarac, N. (2015) OD PROBLEMA DO PRILIKA U VOĐENJU SLUČAJA - Priručnik za praktičare, Podgorica:UNDP.

18. Žegarac, N. Brkić, M. (2007) Razvoj lokalnih usluga socijalne zaštite – Ka standardima kvaliteta. Beograd: Fond za socijalne inovacije i UNDP.
19. Zvonarević, M. (1981) Socijalna psihologija - Školska knjiga, Zagreb.
20. Зружение на социјални работници на РМ, МТСП, (2019) Интегрирано водење на случаи, УНИЦЕФ.
21. Јавна Установа Завод за социјални дејности. (2007) Стручно- методолошки упатства и прирачници, Скопје.
22. Јавна Установа, Завод за социјални дејности, (2009) Збирка на стручни документи, Скопје.
23. Јавна Установа, Завод за социјални дејности, (2014) Стандарди и процедури за постапување на центрите за социјална работа.
24. Jankovic, J. Basic, J. (2003) Lokalna zaednica- izvoriste nacionalne strategije prevencije poremecaja u ponasanju djece I mladih, Zagreb.
25. Камбовски, В. (1998) Меѓународно казнено право, Скопје: Просветно дело.
26. Камбовски, В. (2003) Казнено право, посебен дел, четврто издание, Скопје: Просветно дело.
27. Камбовски, В. (2006) Македонска ревија за казнено право и криминологија, Скопје.
28. Киткањ, З. (2013) Престапничко однесување кај малолетните лица, Скопје: Филозофски Факултет.
29. Копровски, Љ. Петровски, Б. ( 1985 ) Педагогија, Скопје: Филозофски Факултет.
30. Конвенција за правата на детето, Генерално собрание на ООН 44/25 од 20.11.1989 година.
31. Kher, N. Lacina-Gifford, L.J.; Yandell, Sonya. (2000) Preservice Teachers’ Knowledge of Effective Classroom Management Strategies.
32. Лазаревиќ, Љ. (1963) Положај младих пунолетних лица у кривичном праву, Београд.
33. Милутиновиќ, М. (1978) Малолетничка деликвенција као друштвени проблем, Правни живот, Београд.
34. Мурџева-Шариќ, О. (2011) Психологија на детството и на адолесценцијата, Скопје: Филозофски Факултет.
35. Milosavljevich, M. (2003) Devijacije I drushtvo, Beograd.

36. Нанев, Л. (2003) Положбата на малолетникот во критичната постапка, Кавадарци: СППМД.
37. NASW. (2013) Standards for social work case management.Washington DC: NASW.
38. Периќ, О. (2005) Аптернативни мерки и санкции во новата малолетничка кривичното право, Билтен на Окружниот суд Белград.
39. Pfeiffer, C. (1998) Trends in Juvenile Violence in European Countries, National Institute for Justice.
40. Рот, Н. (1963) Психологија на личсноста, Белград.
41. Рот, Н. (1981) Психологија личности, Завод за уџбенике и наставна средства, Београд.
42. Стаменкова-Трајкова, В. (1995) Психологија, Скопје.
43. Сулејманов, З. (2007) Криминологија, Графос, Скопје.
44. Sutherland, E. (1995) Principles of Criminology, Chicago-New York.
45. Straus, R. (2006) People Who Changed Childhood.
46. Тупанчески, Н. (2015) Кривичен законик, Скопје: Правен факултет- Јустинијан Први.
47. Trebješanin, Ž. (2001) Rečnik psihologije, Stubovi kulture, Beograd.
48. УНИЦЕ, (2010) Правда за децата- прирачник.
49. УНИЦЕФ, (1999) Анализа на положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда.
50. УНИЦЕФ, (2007) Прирачник за имплементација на Конвенцијата за правата на детето: Трето издание.
51. УНИЦЕФ, (2008) Децата во Република Македонија.
52. УНИЦЕФ, (2010) Оценка на постигнувањата во реформите во сферата на малолетничката правда.

**Закони:**

1. Закон за правда за децата (Објавено во Сл. Весник на РМ, бр.148 од 29.10.2013 година)

2. Закон за социјалната заштита (Сл. Весник на РМ, бр.79 од 24.06.2009 година, Сл.Весник на РСМ, бр. 104 од 23.05.2019 година)
3. Закон за заштита на децата (Сл. Весник на РМ, бр. 23 од 14.02.2013 година)
4. Кривичен Законик (пречистен текст - Сл. весник на РМ, бр.19/2004 година)
5. Закон за семејство (Прочистен текст, Сл.Весник на РМ, бр.153 од 20.10.2014 година)

**Интернет страници:**

1. http://msp.mk/wp-content/uploads/2017/11/%D0%90%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%98%D0%B1%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%9A%D0%9F%D0%94-%D0%B8-%D0%92%D0%9F%D0%94-%D0%9C%D0%9F%D0%94-2018.pdf
2. http://msp.mk/wp-content/uploads/2017/11/%D0%90%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%98%D0%B1%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%9A%D0%9F%D0%94-%D0%B8-%D0%92%D0%9F%D0%94-%D0%9C%D0%9F%D0%94-2018.pdf
3. https://www.akademik.mk/deca-zhrtvi-na-krivichni-dela-i-deca-vo-sudir-so-zakonot/
4. https://www.akademik.mk/wp-content/uploads/2018/12/izvestaj-detsko-pretstapnistvo.pdf
5. https://resourcecentre.savethechildren.net/sites/default/files/documents/3147.pdf
6. https://www.degruyter.com/downloadpdf/j/mjss.2018.9.issue-1/mjss-2018-0003/mjss-2018-0003.pdf

**Прилог 1**

## Анкетен прашалник за стручните работници во Центрите за социјална работа

1. Институција од која доаѓате?

2. Што сте по професија?

3. На која проблематика работите во Вашата институција?

4. Колку долго работите на оваа проблематика?

5. Дали сте задоволни од работат со оваа категорија на лица?

6. Дали континуирано добивате обуки во областа на Вашата професија?

7. Каков вид на обуки?

8. Колку често посетувате обуки за Ваше надоградување – по Ваша иницијатива?

9. Кои закони секојдневно ги употребува во работат со корисниците?

10. Кои се институциите со кои секојдневно имате потреба да соработувате?

11. Кои сервиси од општеството ги користите во Вашата работа?

12. Дали е лесно остварлива комуникацијата со деца?

13. Каков е начинот на работа со деца?

14. Дали е лесно остварлива комуникацијата со деца во судир со законот?

15. Каков е начинот на работа со деца во судир со законот?

16. Кои фази на работа ги користите во работат со деца во судир со законот?

17. Каков е начинот на евидентирање на едно дете во судир со законот?

18. Во делот на процена на едно дете во судир со законот ги проценувате потребите за...

19. Кои инструменти и техники ги користите при работа со деца во судир со законот?

20. Дали понудените текники и инструменти со кои работите во целос ги задоволуваат вашите потреби за работа?

21. Дали условите во кои работите Ви дозволуваат да ја направите процената на детето во целост?

22. Дали со колегите имате непречена и добра комуникација се со цел исполнување на вашите тимски дејствувања?

23. При поставување на планот, во делот на планирање тимски ги поставувате целите на планот?

24. Дали при инплементирање на  третманот наидувате на пречка и несоработка со некоја институција со која соработувате?

25. Процесот на мониторинг и евалуација, го извршува водителот координаторот на случајот, или работата е тимска?

26. Дали во процесот на мониторинг ви се случило да направите повторна процена, правите потполно нов план и интервенирате?

27. Кои мерки се изречени најчесто за деца во судир со законот?

28. Колку често од страна на судот не се прифатени предложените мерки за детето во судир со законот?

29. Кои воспитни мерки најчесто ги предложувате?

30. Дали сметате дека вашата предложена мерка во целост одговара на потребите на детето во судир со законот?

31. Дали сметате дека треба да има промена во однос на постапувањето со деца во судир со законот?

32. Во кој однос би требало да бидат промените?